– Промоција на магистрирани студенти.
– Реализирање на Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2016/2017 година.
– Реализирање на Конкурс за запишување на кандидати на специјализации за здравствени работници за учебната 2016/2017 година.
– Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на здравствени работници со високо образование од областа на медицината.
– Изработка на документација потребна на Одделот за сметководство за исплата на сите учесници и институции вклучени во реализација на специјализациите.
– Изработка на сите правни акти потребни за реализација на специјализациите.
– Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата

и обврските на студентите на трет циклус студии.

– Постапки за одбрана на докторска дисертација.
– Административна поддршка на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2, Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 и Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4.
– Конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии - докторски студии за учебната 2016/2017 година.
– Промоција на доктори на науки.
– Административна поддршка на Советот на редовни професори.
– Процесирање на постапките за избор на соработници и наставници на единиците на Универзитетот.
– Изработка на предлог-акти за потребите на Универзитетот.
– Постапки за одобрување на стипендии за трет циклус студии – докторски студии на вработени соработници на Универзитетот, од надлежноста на Управниот одбор на Фондот за стипендирање на вработени на УГД.
– Постапки за одобрување на средства за финансирање на научноистражувачки проекти од Фондот за научноистражувачка работа при УГД.
– Постапки за доделување на годишни награди на вработените за објавен научен труд или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор.
– Постапките за одобрување на користење на флексибилно работно време за наставниците на Универзитетот, како и други тековни активности.
– Постапки за акредитација на студиски програми за втор циклус студии и постапки за акредитација на ментори на втор циклус студии.
– Постапки за акредитација на студиски програми за трет циклус студии и постапки за акредитација на ментори на трет циклус студии.

**Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на втор циклус студии**

Службата за студенти за втор циклус студии ги опслужува сите единици на Универзитетот.

Референтите за студентски прашања и Кабинетот на проректорот за наука во календарската 2014 година има процесирано околу (600) петстотини различни барања и молби од студенти на втор циклус студии.

**Постапки за одбрана на специјалистички и магистерски трудови**

Процесирањето на јавните одбрани на специјалстичките/магистерските трудови на студентите на единиците се врши со административна поддршка од референтите за втор циклус студии и секретарите на единиците. Во текот на 2016 година процесирани се одбрани на магистерски/специјалистички трудови на сите единици на Универзитетот.

**Промоција на магистрираните студенти**

Во рамките на прославата на патрониот ден на Универзитетот беше организирана  и процесирана постапка за промоција на магистрираните/специјализираните  студенти од сите единици на Универзитетот кои изведуваат втор циклус студии. Промоциите и свеченото доделување на дипломите на магистрираните студенти се одвиваше на единиците.

**Реализирање на Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2016/2017 година**

Во текот на оваа година Универзитетот објави и го реализира Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии за учебната 2016/2017 година.

Конкурсот беше распишан за сите четиринаесет единици на Универзитетот за повеќе од педесет студиски програми и модули.

**Реализирање на конкурси за запишување на кандидати на специјализации за здравствени работници со високо образование од областа на медицината за учебната 2015/2016 и 2016/2017 година**

Во текот на оваа година Универзитетот ги објави и го реализира конкурсите за пријавување на кандидати за запишување/одобрување на специјализација и супспецијализација на здравствени работници и здравствени соработници со високо образование од областа на медицината за 2015 и  2016 година.

Конкурсот за 2016 година беше распишан за вработени здравствени работници во јавни здравствени установи во повеќе области, според Програмата за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи за 2016 година. Вкупно се распишани 86 специјализации и супспецијализации за потребите на јавните здравствени установи.

Конкурсот беше распишан и за вработени здравствени работници во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени во повеќе области, каде што беа распишани 68 слободни специјализации односно супспецијализации. На Конкурсот за 2015 година беа запишани вкупно 25 специјализанти.

**Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на здравствени работници со високо образование од областа на медицината**

Процесирање на сите поднесени молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските  на здравствени работници  со високо образование од областа на медицината.

**Изработка на документација потребна на Одделот за сметководство за исплата на сите учесници и институции вклучени во реализација на специјализациите односно специјалистичките турнуси**

Изработени се пресметки, барања и налози за исплата на сите учесници во реализацијата на специјалистичките турнуси и теоретската настава за секој специјализант посебно, барања за фактурирање на институции каде што се реализираат специјалистичките турнуси.

**Изработка на сите правни акти потребни за реализација на специјализациите**

Изработени се сите општи правни акти (правилници, обрасци) и поединечни правни акти потребни за реализација на специјализациите и тоа: одлуки, решенија, договори.

**Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии**

Во текот на извештајната година процесирани се сите молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии.

Студии на трет циклус во учебната 2015/2016 се реализираат на Кампус 2, Кампус 3 и Кампус 4. Во календарската 2016 година се процесирани сите поднесени различни барања и молби од студенти на трет циклус студии.

**Постапка за одбрана на докторска дисертација**

Во извештајната година беа процесирани одбраните на докторските дисертации на пријавените кандидати. Истите успешно ја извршија одбраната на докторските трудови и со позитивната оценка на комисиите за одбрана, по јавно спроведената одбрана со звање доктор на науки се стекнаа: Афродита Зенделска - доктор на технички науки, Тодор Чекеровски - доктор на технички науки, Доне Стојанов - доктор на науки, техничко-технолошки науки, компјутерска техника и информатика, Стојанче Мијалковски – доктор на технички науки и Викторија Максимова – доктор на биотехнички науки – растително производство.

**Административна поддршка на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2, Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 и Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4**

Во согласност со надлежноста на овој орган во извештајната година се одржани седници на кои се донесени повеќе одлуки.

Наставно-научниот совет на докторски студии на ниво на Кампус 2 ги донесе следниве одлуки:

**На 18-тата седница**

- На м-р Дијана Цветковска, м-р на технички науки од областа на современи композити и роботика ѝ се одобрува запишување на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на студиската програма Наука и технологија на композитни материјали во учебната 2015/2016 година.

- На м-р Билјана Костадиноска, м-р на технички науки од областа на современи композити и роботика ѝ се одобрува запишување на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на студиската програма Наука и технологија на композитни материјали во учебната 2015/2016 година.
- На м-р Билјана Наумоска, м-р на технички науки од областа на современи композити и роботика ѝ се одобрува запишување на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на студиската програма Наука и технологија на композитни материјали во учебната 2015/2016 година.
- На м-р Маја Мијајловиќ, м-р по хемиско инженерство ѝ се одобрува запишување на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на студиската програма Наука и технологија на композитни материјали во учебната 2015/2016 година.

**На 19-тата седница се донесени следниве одлуки:**

- Одлука за усвојување на Извештајот на Рецензентската комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација под наслов „Алгоритми за порамнување на ДНК секвенци“ од докторандот м-р Доне Стојанов и определување на датум на јавна одбрана 7.12.2015 година, со почеток во 12 часот во свечената сала на Земјоделскиот факултет при УГД, Кампус 2, пред Комисија во состав: 1.вонр. проф. д-р Александра Милева, претседател, 2.вонр. проф. д-р Сашо Коцески, член, 3. доцент д-р Зоран Утковски, член, 4. ред. проф. д-р Ана Мадевска-Богданова, член, екстерен ментор и 5. ред. проф. д-р Цвета Мартиновска-Банде, член, ментор.
- Одлука за прием на кандидат на докторски студии по Конкурсот за запишување на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за учебната 2015/2016 г. Претседателот појасни дека има уште еден кандидат за запишување на трет циклус студии. Конкурсната комисија ја разгледа пријавата и изврши рангирање. Предложи да се донесе одлука за одобрување на запишување на трет циклус докторски студии на м-р Златко Соколоски, м-р на технички науки од областа на современи композити и роботика на студиската програма Наука и технологија на композитни материјали во учебната 2015/2016 година.

**На 20-тата седница се донесе следнава Предлог-одлука:**

- Предлог-одлука проф. д-р Тодор Серафимовски да биде избран за претседател на ННС на докторски студии на Кампус 2.

**На 21-та седница се донесоа следниве одлуки:**

- Одлука со која се формира Комисија за утврдување на подобноста на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторска дисертација за студентот на трет циклус студии м-р Владимир Маневски во состав: проф. д-р Гоше Петров – претседател, проф. д-р Тодор Делипетров,

член и проф. д-р Драгана Черних, член.

- Одлука за прифаќање на Барањето на студентот на трет циклус студии м-р Ванчо Аџиски, за промена на екстерен ментор, бр.1003-74/1 од 15.4.2016 г. За екстерен ментор се определува проф. д-р проф. Никола Лилиќ од Рударско-геолошкиот факултет, Белград - Р. Србија.

**На 22-та седница се донесоа следниве:**

- Одлука со која се формира Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација од студентот м-р Билјана Ковачевиќ. Во Комисијата се именуваат: проф. д-р Рубин Гулабоски, претседател, проф. д-р Блажо Боев, член, проф. д-р Љупчо Михајлов, член, проф. д-р Саша Митрев, (ментор) член, проф. д-р Зоран Здравковски, (екстерен ментор) член.
- Одлука за прифаќање на Извештајот бр. 1003-92/1 од 29.6.2016 г. од Комисија за утврдување на подобноста на темата „Комплексна интерпретација на геофизички методи", тезите и кандидатот м-р Владимир Маневски за изработка на докторска дисертација, за интерен ментор при изработката на докторската дисертација се определува проф. д-р Тодор Делипетров, за екстерен ментор при изработката на докторската дисертација се определува проф. д-р Драгана Черних, Природно-математички факултет, Сеизмолошка опсерваторија, УКИМ, Скопје.
- Одлука со која се формира Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација од студентот м-р Викторија Максимова. Во Комисијата се именуваат: проф. д-р Рубин Гулабоски, претседател, проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, редовен професор, проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, вонреден професор, проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, интерен ментор, проф. д-р Валентин Мирчески, екстерен ментор, член.
- Одлука со која се формира Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација од студентот м-р Ванчо Аџиски. Во Комисијата се именуваат: проф. д-р Зоран Десподов, претседател, проф. д-р Зоран Панов, член, проф. д-р Благој Голомеов, член, проф. д-р Дејан Мираковски, (интерен ментор) член, проф. д-р Никола Лилиќ, (екстерен ментор) член.

**На 23-тата седница се донесоа следниве одлуки:**

- Одлука со која се формира Комисија за одбрана на докторската дисертација од студентот м-р Викторија Максимова. Во Комисијата се именуваат: проф. д-р Рубин Гулабоски, претседател, проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, редовен професор, проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, вонреден професор, проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, интерен ментор, проф. д-р Валентин Мирчески, екстерен ментор. Се закажува јавна одбрана на докторската дисертација на ден 28.10.2016 г. со почеток во 12 часот во свечената

сала на Земјоделски факултет при УГД, Кампус 2.

– Одлука за прифаќање на Барањето бр.1003-83/1 од 16.9.2016 г. за продолжување на рокот за студирање, поднесено од м-р Оливера Бичиклиски, студент на трет циклус - докторски студии. Рокот за завршување на студиите и се продолжува за уште две години односно до 19.12.2018 г.
– Одлука за формирање на Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација од кандидатот м-р Александар Котевски во состав: вонр. проф. д-р Сашо Коцески, претседател, вонр. проф. д-р Александра Милева, член, проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска, член, проф. д-р Цвета Мартиновска-Банде, интерен ментор, проф. д-р Игор Неделковски, екстерен ментор.
– Одлука за формирање на Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација од кандидатот м-р Шабан Јакупи во состав: д-р Благој Голомеов, редовен професор на ФПТН – претседател, д-р Борис Крстев, редовен професор на ФПТН – член, д-р Мирко Маринковски, вонреден професор на Технолошко-металуршки факултет, УКИМ – член, д-р Мирјана Голомеова, редовен професор на ФПТН - ментор, член, д-р Кирил Лисичков, редовен професор на Технолошко-металуршки факултет, УКИМ – екстерен ментор, член.
– Одлука за формирање на Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација од кандидатот м-р Владимир Маневски во состав: проф. д-р Ѓоше Петров, претседател, проф. д-р Тодор Серафимовски, член, проф. д-р Крсто Блажев, член, проф. д-р Тодор Делипетров, интерен ментор, член, проф. д-р Драгана Черник, екстерен ментор, член.

**Наставно-научниот совет на докторски студии на ниво на Кампус 3 ги донесе следниве одлуки:**

**На 2-та седница се донесе следнава одлука:**

– На Мајлинда Адеми, доктор по молекуларна биологија, УКИМ, ПМФ ѝ се одобрува запишување на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Медицински науки - Биомедицина во учебната 2015/2016 година.

**Наставно-научниот совет на докторски студии на ниво на Кампус 4 ги донесе следниве одлуки:**

**На 3-та седница се донесоа:**

– На Борјан Ѓорѓиев, м-р по економски науки, му се одобрува запишување на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на студиската програма Деловна економија во учебната 2015/2016 година.
– На Бујар Адиљи, м-р по педагогија, му се одобрува запишување на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на студиската програма Училишна педагогија во учебната 2015/2016 година.

- На Марјан Додовски, м-р по географски науки - туризмолог, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2015/2016 година,
- На Симона Ангелеска, м-р по право ѝ се одобрува запишување на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на студиската програма Деловна економија во учебната 2015/2016 година.
- На Хајрија Мехмед Шкријељ, мастер на уметност во администрирање на бизнис ѝ се одобрува условно запишување на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Туризам и угостителство во учебната 2015/2016 година, а договор за студирање Универзитетот со кандидатката ќе склучи откако истата ќе достави Решение за нострификација на дипломите од прв и втор циклус студии и Еквиваленција на оценки за прв и втор циклус студии.

**На 5-тата седница се донесоа следните одлуки:**

На Ана Станковска, м-р по образование, област социјална педагогија, ѝ се одобрува запишување на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на студиската програма Воспитанието и образованието во раниот детски развој во учебната 2015/2016 година.

**Конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии -докторски студии за учебната 2016-2017 година**

Конкурсот за запишување на студенти на трет циклус студии - докторски студии за учебната 2016/2017 година е распишан за акредитирани студиски програми кои се реализираат на Кампус 2, Кампус 3 и Кампус 4.

Конкурсот за запишување на студенти на трет циклус студии - докторски студии опфаќа дваесет и три студиски програми, а бројот на слободните места за запишување на студенти на трет циклус - докторски студии е определен во согласност со бројот на слободни акредитирани ментори. Овој Конкурс е распишан врз основа на добиените решенија за акредитација на трет циклус студии.

**Промоција на доктори на науки**

Промоцијата на доктори на науки традиционално е извршена на патрониот ден на Универзитетот. Докторите на науки свечено се промовирани од страна на ректорот на Универзитетот. Во 2016 година се промовирани: Афродита Зенделска - доктор на технички науки, Тодор Чекеровски - доктор на технички науки, Стојанче Мијалковски - доктор на технички науки, Доне Стојанов - доктор на науки, техничко-технолошки науки, компјутерска техника и информатика.

**Административна поддршка на Советот на редовни професори**

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, ректоротот, административна поддршка е дадена и на Советот на редовни професори, со подготвување на седниците, материјалите за седниците, изготвување на предлог-мислењата за избор на редовните професори на УГД. Процесирани се постапките за избор на проф. д-р Соња Петровска, проф. д-р Јован Ананиев, проф. д-р Орце Поповски, проф. д-р Славко Ангелевски, проф. д-р Елизабета Зисовска, проф. д-р Илчо Јованов, проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, проф. д-р Ристе Темјановски и проф. д-р Драге Петрески и проф. д-р Виолета Стефанова во звање редовен професор.

**Процесирање на постапките за избор на соработници и наставници на единиците на Универзитетот**

Во текот на 2016 година се процесирани околу седумдесет постапки за избор на наставници на сите единици на Универзитетот.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, разгледувани се сите досиеја формирани по распишани конкурси од аспект на правилна примена на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во делот на законско спроведување на постапките за избор на наставници и соработници и објавувањето на рефератите од рецензентските комисии во Универзитетскиот билтен.

**Изработка на предлог-акти за потребите на Универзитетот, како и други тековни активности.**

Во извештајната година беа изработени и процесирани следните предлог-акти:

- Правилници за изменување и дополнување на правилниците на Универзитетот од различни области;
- Пријави за Конкурс за запишување на студенти за втор циклус студии за учебната 2016/2017 година;
- Пријави за Конкурс за запишување на студенти на трет циклус - докторски студии во учебната 2016/2017 година;
- Договори за студирање за студентите на втор циклус студии во 2016/2017 година;
- Договори за студирање за студентите на трет циклус - докторски студии во учебната 2016/2017 година;
- Учество во изработката на Студентските информатори за втор циклус студии;
- Усогласување на процедурите и обрасците во согласност со потребите за стандардизација на Универзитетот, како и други акти на Универзитетот.

**Постапки за одобрување на стипендии за трет циклус студии – докторски студии на вработени соработници на Универзитетот**

Во оваа година, исто така, продолжи стратегијата за стипендирање на вработените соработници – докторанди на нашиот Универзитет или на друг универзитет во земјава и во странство. Процесирани се постапките за одобрување на стипендии за трет циклус – докторски студии поднесени од соработници од Земјоделски факултет, Факултет за медицински науки и Технолошко-технички факултет.

**Постапките за одобрување на средства за финансирање на научноистражувачки проекти**

Во согласност со Правилникот за начинот и условите на користење на средства од Фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во извештајната година се процесираат постапките за прифаќање на завршните извештаи или барање за продолжување на рокот за завршување на научноистражувачките проекти финансирани од УГД.

**Постапки за доделување на годишни награди на вработените за објавен научен труд или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор**

Врз основа на одредбите од Правилникот за доделување на годишни награди на вработените за објавен научен или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во согласност со политиката на Универзитетот да се подигне нивото на научноистражувачката активност се доделуваат награди на вработените за објавен научен труд или стручен труд објавен во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор. За сите објавени трудови кои ги исполнуваат условите од Правилникот, Универзитетот изврши исплата на предвидените награди.

**Постапките за одобрување користење на флексибилно работно време за наставниците на Универзитетот**

Во рамките на другите активности спроведена е и постапката за обезбедување на податоци за конкретните активности за самоконтрола за реализацијата на педагошките активности на наставниците преку принципот на флексибилно работно време кое се евидентира преку електронскиот систем.

**Постапки за реакредитација на студиски програми за втор циклус студии и акредитација на ментори на втор циклус студии**

Согласно со одредбите од ЗВО иницирани се постапки за реакредитирање на студиските програми од втор циклус студии. Комплетираните елаборати за акредитација на студиски програми од втор циклус студии се доставени до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за добивање на Решение за акредитација. Согласно

со измените на одредбите од ЗВО за сите наставници кои исполниле услов да бидат ментори на втор циклус студии, а кои доставиле соодветен материјал, иницирани се постапки за акредитирање на ментори за втор циклус студии со доставување на Барање за акредитирање на ментори за втор циклус студии до Одборот за акредитација на високото образование.

**Постапки за реакредитација на студиски програми за трет циклус и ментори на трет циклус студии**

Согласно со одредбите од ЗВО се иницирани постапки за акредитирање на студиските програми од трет циклус студии. Комплетираните елаборати за акредитација на студиски програми од трет циклус студии се доставени до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за добивање на Решение за акредитација.

Согласно со измените на одредбите од ЗВО за сите наставници кои исполниле услов да бидат ментори на трет циклус студии, а кои доставиле соодветен материјал, иницирани се постапки за акредитирање на ментори за трет циклус студии со доставување на Барање за акредитирање на ментори за трет циклус студии до Одборот за акредитација на високото образование.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Правејќи споредба на податоците за работењето во извештајната година и претходните години, може да се заклучи дека е обезбеден висок степен на стручност, ажурност и квалитет во постапувањето при извршувањето на задачите и обврските на вработените во овој оддел.

Во процесот на имплементација на стандардите, согласно со Системот за менаџмент со квалитетот на Универзитет, вработените се придржуваа кон востановените процедури и ги користеа стандардизираните обрасци.

Обемот на обврските и работните задачи на вработените во споредба со минатата година е значително зголемен, но сепак е задржано високо ниво на квалитет и квантитет во извршувањето на работните задачи.

Разгледувајќи ги сите активности кои се преземени може да се заклучи дека успешно се завршени сите обврски, а задачите се исполнувани квалитетно и навремено.

Во наредниот период треба да се идентификуваат евентуални слабости и недоследности при извршувањето на функциите со континуирано следење на работењето на сите извршители и решавање на евентуалните поплаки и забелешки од студентите или наставниците ангажирани на вториот и третиот циклус студии.

## ИМОТНО-ПРАВНИ РАБОТИ

**Објект: Наставен центар – Свети Николе (Амзибегово)**

Градоначалникот на Општина Свети Николе, решавајќи по барањата за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти поднесени од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, донесе Заклучок бр. 10-2468-2475 од 15.3.2016 година, за спојување на работи во една постапка.

**Објект: Кампус 4**

Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.10.2016 година, донесе Одлука бр. 42-7307/1 од 5.10.2016 година за престанок и давање на трајно користење на недвижна ствар на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и оваа Одлука беше објавена во „Службен весник на РМ“ бр.187/16.

**Објект: Наставен центар – Скопје**

Друштвото за трговија и услуги „Брејк кафе“ ДОО – Скопје достави Информација за предвремено раскинување на Договор за деловно-техничка соработка, бр. 0306-31/1 од 25.5.2016 година.

**Објект: Универзитетска библиотека**

Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.3.2016 година, донесе Одлука бр. 42-2887/1 од 29.3.2016 година за престанок и давање на времено користење на недвижни ствари на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и оваа Одлука беше објавена во „Службен весник на РМ“ бр.64/16.

Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Националната установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип потпишаа Меморандум за соработка бр. 0307-98/29 од 10.5.2016 година.

# СЛУЖБЕНИ ОТСУСТВА НА НАСТАВНИОТ И СОРАБОТНИЧКИОТ КАДАР НА ЕДИНИЦИТЕ ПОРАДИ СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

## ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ

- **Ленче Милошева** – од 6.9.2015 до 26.9.2015 година во Нирнберг, Германија, поради научно усовршување во областите невронауки и психотерапија на Универзитетската клиника за психијатрија и психотерапија.
- **Бистра Ангеловска** – од 16.9.2015 до 18.9.2015 година во Љубљана, Словенија, поради учество на претседателите на фармацевтските комори.
- **Рубин Гулабовски** – од 17.9.2015 до 21.9.2015 година во Охрид, поради учество како пленарен предавач на Работилницата организирана од DAAD фондацијата со наслов Biomaterials.
- **Гордана Панова** – од 17.9.2015 до 21.9.2015 година во Сремски Карловци, поради учество на Конгрес.
- **Викторија Максимова** – од 17.9.2015 до 21.9.2015 година, поради учество на работилница организирана од DAAD Германија.
- **Маја Јанчовска** - од 17.9.2015 до 21.9.2015 година, поради учество на работилница организирана од DAAD Германија.
- **Марија Атанасова** – од 17.9.2015 до 21.9.2015 година, поради учество на работилница организирана од DAAD Германија.
- **Татјана Рушковска** – од 21.9.2015 до 25.9.2015 година во Мурсија, Шпанија, поради учество на научна конференција и работен координативен состанок на учесниците на меѓународната проектна соработка COST FA1403.
- **Ивона Ковачевска** – на 22.9.2015 година во Ниш, Србија, поради остварување на работна посета на Медицинскиот факултет.
- **Васо Талевски** - на 22.9.2015 година во Ниш, Србија, поради остварување на работна посета на Медицинскиот факултет.
- **Катерина Смилков** – од 28.9.2015 до 2.10.2015 година во Виена, Австрија, поради учество на 4 th Research Coordination Meeting on the Development of Preclinical Evaluation of Therapeutic Radiopharmaceuticals Based on Lu – 177 and Y – 90 labelled Monoclonal antibodies and Peptides.
- **Даринка Ѓоргиева Ацкова** - од 28.9.2015 до 2.10.2015 година во Виена, Австрија, поради учество на 4 th Research Coordination Meeting on the Development of Preclinical Evaluation of Therapeutic Radiopharmaceuticals Based on Lu – 177 and Y – 90 labelled Monoclonal antibodies and Peptides.
- **Гордана Панова** – од 30.9.2015 до 5.10.2015 година во Задар, Хрватска, поради учество на Конгрес.
- **Катарина Смилков** – од 5.10.2015 до 9.10.2016 година во Виена, Австрија, поради активно учество на Интернационалната конференција Clinical PET – CT and Molecular Imaging PET – CT in

the Era of Multimodality Imaging and Image Guided Therapy.
- **Даринка Ѓоргиева-Ацкова** - од 5.10.2015 до 9.10.2016 година во Виена, Австрија, поради активно учество на Интернационалната конференција Clinical PET – CT and Molecular Imaging PET – CT in the Era of Multimodality Imaging and Image Guided Therapy.
- **Емилија Јаневиќ-Ивановска** – од 28.9.2015 до 12.10.2015 година, од 28.9.2015 до 12.10.2015 година во Виена, Австрија, поради присуство на завршниот состанок како главен истражувач на научниот проект на МААЕ – „Development of Preclinical Evaluation of Therapeutic Radiopharmaceuticals Based on Lu – 177 and Y – 90 labelled Monoclonal Antibodies and Pepdides“.
- **Гордана Панова** – од 21.10.2015 до 22.10.2015 година во Мостар, поради учество на Конгрес.
- **Татјана Рушковска** – од 21.10.2015 до 25.10.2015 година во Букурешт, поради учество на Научна конференција и работен координативен состанок на учесниците во меѓународната проектна соработка COST BM 1203.
- **Васо Талевски** – од 21.10.2015 до 23.10.2015 година во Солун, Грција, поради учество на 9-ти Балкански конгрес по микробиологија, како пленарен предавач.
- **Бистра Ангеловска** – од 15.10.2015 до 17.10.2015 година во Софија, Бугарија, поради присуство на состанок во Фармацевтскиот факултет, како член на рецензентска комисија за определување на академски состав за одбрана на докторска дисертација.
- **Ленче Милошева** – од 16.10.2015 до 19.10.2015 година во Белград, Србија, поради учество на едукативни семинари и личен тренинг.
- **Татјана Рушковска** – од 20.10.2015 до 25.10.2015 година во Букурешт, поради учество на Научна конференција и работен координативен состанок на учесниците во меѓународната проектна соработка COST BM 1203.
- **Цена Димова** – од 1.11.2015 до 8.11.2015 година во Салцбург, Австрија, поради активно учество на Меѓународниот семинар во организација на Open Medical Institute.
- **Гордана Панова** – од 18.11.2015 до 24.11.2015 година во Зеница, Босна и Херцеговина, поради активно учество на Меѓународна конференција „Сестринство, вчера, денес и утре“.
- **Гордана Панова** – од 19.11.2015 до 20.11.2015 година во Скопје, поради учество на Меѓународна конференција посветена на квалитет и безбедност на храна, здравје и нутриционизам.
- **Биљана Ѓорѓеска** – на 20.11.2015 година, поради учество на Конференција NUTRICON 2015.
- **Татјана Рушковска** – на 23.11.2015 година, поради обврски со организирањето на Научниот симпозиум „International Symposium at Faculty of Medical Science University Goce Delcev Stip – Macedonia Current achievements and fature perspectives in medical and biomedical research“.

- **Дарко Бошнаковски** – од 2.11.2015 до 5.11.2015 година во Лион, Франција, поради присуство на Научно-организационен собир на COST Акцијата TD 1101 „A Collaboraive European Network on Rabbit Genome Biology“.
- **Бистра Ангеловска** – од 4.11.2015 до 6.11.2015 година во Сараево, Босна и Херцеговина, поради учество на Конференција за потпишување на договор за основање на Асоцијацијата на фармацевтите на Југоисточна Европа.
- **Ленче Милошева** – од 13.11.2015 до 16.11.2015 година, поради учество на едукативни семинари и личен тренинг.
- **Киро Папакоча** – од 18.11.2015 до 20.11.2015 во Виена, Австрија, поради присуство на „Lyconet Elite Seminar whit ERIC WORRE“.
- **Ленче Милошева** – од 11.12.2015 до 14.12.2015 година во Белград, Србија, поради учество на едукативни семинари и личен тренинг.
- **Бистра Ангеловска** – од 16.12.2015 до 18.12.2015 година во Софија, Бугарија, поради присуство на одбрана на докторски труд.
- **Ленче Николовска** – од 17.12.2015 до 21.12.2015 година во Сараево, Босна и Херцеговина, поради учество на Трети конгрес „Иновации во негата и нега кај стари лица“ со меѓународно учество.
- **Гордана Панова** – од 18.12.2015 до 22.12.2015 година во Сараево, Босна и Херцеговина, поради учество на Трети конгрес „Иновации во негата и нега кај стари лица“ со меѓународно учество.
- **Дарко Бошнаковски** – од 19.12.2015 до 22.12.2015 година во Новара, Италија, поради престој на краток научен семинар на Медицински факултет.
- **Паулина Апостоловска** – од 23.12.2015 до 31.1.2016 година во Скопје, поради обука и тренинг за работа на ХПЛЦ системот од Лабораторија за радиофармација.
- **Рубин Гулабоски** – од 28.12.2015 до 20.1.2016 година во Саарланд, Германија, поради обврски во реализација на проектот „Protein – film voltammetry“.
- **Ленче Милошева** – од 16.1.2016 до 18.1.2016 година во Белград, Србија, поради учество на едукативни семинари и личен тренинг.
- **Дарко Бошнаковски** – од 22.1.2016 до 21.1.2017 година во Минесота, САД, поради стручно усовршување на Универзитетот во Минесота, САД. „Department of Pediatrics, Division of Blood and Marrow transplantation“.
- **Ленче Милошева** – од 19.2.2016 до 22.2.2016 година во Белград, Србија, поради учество на едукативни семинари и личен тренинг.
- **Паулина Апостолова** – од 10.2.2016 до 29.2.2016 година во Скопје, поради обука и тренинг за работа на ХПЛЦ системот од Лабораторија за радиофармација.
- **Киро Папакоча** – од 9.3.2016 до 11.3.2016 година во Софија, Бугарија, поради учество на предавања и Hands – on работилница од областа на денталната имплантологија.
- **Милка Здравковска** – од 10.3.2016 до 12.3.2016 година во

Попова Кула, Демир Капија, поради активно учество на семинар – работилница организирана од страна на Македонското здружение за контрола на интрахоспитални инфекции.

- **Емилија Јаневиќ-Ивановска** – од 10.3.2016 до 13.3.2016 година во Италија, поради учество на состанок со учесниците на предлог-проектот на претклинички испитување и креирање клиничка студија за дијагностицирање на глиоми со употреба на бакар – 64 како регистриран прекурсор и претставниците со АКОМ.
- **Цена Димова** – од 14.3.2016 до 17.3.2016 година во Букурешт, Романија, поради реализација на краток студиски престој и учество во работилница.
- **Татјана Рушковска** – од 14.3.2016 до 18.3.2016 година во Букурешт, Романија, поради учество на работен состанок на учесниците во меѓународен проект COST FA 1403.
- **Ленче Милошева** – од 18.3.2016 до 21.3.2016 година во Белград, Србија, поради учество на едукативни семинари и личен тренинг.
- **Невенка Величкова** – од 20.3.2016 до 26.3.2016 година во Прага, Р. Чешка, поради учество на CBU – International Conference ( Innovations in Science and Education).
- **Викторија Максимова** – од 28.3.2016 до 31.3.2016 година во Бордо, Франција, поради развивање на понатамошна соработка помеѓу универзитетите и запознавање на нови техники во областа на електрохемијата.
- **Цена Димова** – од 4.4.2016 до 7.4.2016 година во Охрид, поради учество на семинар и работилница менување на негативните наративи за Ромите во здравствените институции.
- **Емилија Јаневиќ-Ивановска** – од 7.4.2016 до 10.4.2016 година во Салцбург, Австрија, поради присуство на Европскиот конгрес за радиофармација и радиофармацевтици.
- **Татјана Рушковска** – од 11.4.2016 до 14.4.2016 година во Лисабон, поради учество на Научна конференција и работен координативен состанок на учесниците во меѓународната проектна соработка COST BM 1203.
- **Ленче Милошева** – од 15.4.2016 до 18.4.2016 година во Белград, Србија, поради учество на индивидуални тренинзи и едукативни семинари.
- **Васо Талевски** – на 1.5.2016 година во Битола, поради учество на состанок на Здружение на микробиолози на Македонија.
- **Викторија Максимова** – од 3.5.2016 до 6.5.2016 година во Белград, Србија, поради учество на работилница за докторанди на Институтот за хемија при природно-математичкиот факултет.
- **Киро Папакоча** – од 4.5.2016 до 6.5.2016 година во Виена, Австрија, поради присуство на „Lyconet Elite Seminar with ERIC WORRW“.
- **Катарина Смилков** – од 7.5.2016 до 10.5.2016 година во Салцбург, Австрија, поради присуство на Европскиот конгрес за радиофармација и радиофармацевтици.

- **Даринка Ѓоргиева-Ацкова** – од 7.5.2016 до 10.5.2016 година во Салцбург, Австрија, поради присуство на Европскиот конгрес за радиофармација и радиофармацевтици.
- **Васо Талевски** – од 11.5.2016 до 13.0.2016 година во Белград, Србија, поради учество на научна конференција „Дани микробиолога Србије 2016“.
- **Наташа Денкова** - од 11.5.2016 до 13.5.2016 година во Бања Лука, поради учество на 21. Конгрес на Балканската стоматолошка асоцијација.
- **Ивона Ковачевска** – од 11.5.2016 до 13.5.2016 година во Бања Лука, поради учество на 21. Конгрес на Балканската стоматолошка асоцијација.
- **Киро Папакоча** - од 11.5.2016 до 13.5.2016 година во Бања Лука, поради учество на 21. Конгрес на Балканската стоматолошка асоцијација.
- **Наташа Денкова** - од 11.5.2016 до 13.5.2016 година во Бања Лука, поради учество на 21. Конгрес на Балканската стоматолошка асоцијација.
- **Биљана Ѓорѓеска** – од 12.5.2016 до 19.6.2016 година во Маратон, Грција, поради учество на конференцијата и 24. изборно собрание на FEPTO.
- **Рубин Гулабоски** – од 12.5.2016 до 17.5.2016 година во Порто, Португалија, поради присуство на стартен собир како член на проектот „Нови антиоксиданти, модели и функции“.
- **Киро Папакоча** – од 18.5.2016 до 20.5.2016 година во Темишвар, Романија, поради присуство на 21. Интернационален конгрес по дентална медицина.
- **Ленче Милошева** – од 20.5.2016 до 23.5.2016 година во Белград, Србија, поради учество на индивидуални трениинзи и едукативни семинари.
- **Светлана Јовевска** – од 1.6.2016 до 4.6.2016 година во Сремски Карловац, поради учество на Антрополошки конгрес.
- **Биљана Ѓорѓеска** – од 1.6.2016 до 5.6.2016 година во Охрид, Р. Македонија, поради учество на 6. Конгрес на фармација во Македонија.
- **Бистра Ангеловска** - од 1.6.2016 до 5.6.2016 година во Охрид, Р. Македонија, поради учество на 6. Конгрес на фармација во Македонија.
- **Емилија Јаневиќ-Ивановска** - од 1.6.2016 до 5.6.2016 година во Охрид, Р. Македонија, поради учество на 6. Конгрес на фармација во Македонија.
- **Викторија Максимова** – од 1.6.2016 до 3.6.2016 година во Охрид, Р. Македонија, поради учество на 6. Конгрес на фармација во Македонија.
- **Даринка Ѓоргиева-Ацкова** - од 1.6.2016 до 3.6.2016 година во Охрид, Р. Македонија, поради учество на 6. Конгрес на фармација во

Македонија.

- **Катарина Смилков** - од 1.6.2016 до 3.6.2016 година во Охрид, Р. Македонија, поради учество на 6. Конгрес на фармација во Македонија.
- **Викторија Максимова** - од 1.6.2016 до 3.6.2016 година во Охрид, Р. Македонија, поради учество на 6. Конгрес на фармација во Македонија.
- **Ѓорѓи Шуманов** – од 2.6.2016 до 3.6.2016 година во Берово, Р. Македонија, поради учество на стручен состанок на Здружение на епидемиолози на Р. Македонија.
- **Милка Здравковска** - од 2.6.2016 до 3.6.2016 година во Берово, Р. Македонија, поради учество на стручен состанок на Здружение на епидемиолози на Р. Македонија.
- **Цена Димова** – од 2.6.2016 до 3.6.2016 година во Скопје, Р. Македонија, поради учество на First Congress of Oral Surgery and Implantology organized by the Macedonian Association of Oral Surgeons.
- **Рубин Гулабоски** – од 7.6.2016 до 14.6.2016 година во Хомбург, Германија, поради присуство на Универзитетот во Саарланд, Медицински факултет.
- **Гордана Панова** – од 16.6.2016 до 20.6.2016 година во Драч, Албанија, поради учество на деветтата Меѓународна конференција со наслов „The teacher of the future“.
- **Васо Талевски** – од 16.6.2016 до 17.6.2016 година во Грција, поради посета на нов Бугарски универзитет и состанок со претседателот на Здружение на микробиолози на Бугарија и претседателот на Здружението на микробиолози на Грција.
- **Ленче Николовска** – од 16.6.2016 до 20.6.2016 година во Драч, Албанија, поради учество на деветтата Меѓународна конференција со наслов „The teacher of the future“.
- **Ленче Милошева** – од 17.6.2016 до 20.6.2016 година во Белград, Србија, поради учество на индивидуални тренинзи и едукативни семинари кои ќе се одржат во РЕБТ Институтот.
- **Милка Здравковска** – 15 дена во текот на јули во Самара, Русија, поради стручна посета на клиниките на државниот Медицински факултет.
- **Биљана Ѓорѓеска** – 15 дена во текот на јули во Самара, Русија, поради стручна посета на клиниките на државниот Медицински факултет.
- **Емилија Јаневиќ-Ивановска** – од 21.6.2016 до 25.6.2016 година во Србија, поради експертска мисија во Клинички центар, Оддел за нуклеарна медицина на предлог на Меѓународната агенција за атомска енергија.
- **Ивона Ковачевска** – од 23.6.2016 до 26.6.2016 година во Охрид, Р. Македонија, поради учество на специјалистите по протетика „Современа протетика – уметност во стоматологија“.
- **Гордана Панова** – од 27.6.2016 до 30.6.2016 година во Бугарија, поради учество на културен настап.

- **Зденка Стојановска** – од 29.6.2016 до 6.7.2016 година во Сараево, поради активности со проектот „Мерење тренуног стања земље, воде и воздуха на подрачју Новог Града“.
- **Емилија Јаневиќ-Ивановска** – од 9.7.2016 до 15.7.2016 година во Ерусалим, израел, поради AUDIT QUANTUM мисија.
- **Гордана Панова** – од 10.7.2016 до 13.7.2016 година во Охрид, Р. Македонија, поради учество на летен камп за застапување во организацијата на Институтот отворено општество.
- **Невенка Величкова** – од 10.7.2016 до 13.7.2016 година во Охрид, Р. Македонија, поради учество на летен камп за застапување во организацијата на Институтот отворено општество.
- **Костадин Голаков** – 15 дена во текот на јули 2016 година во Самара, Русија, поради стручна посета на клиниките на државниот Медицински универзитет.
- **Рубин Гулабоски** – од 3.8.2016 до 31.8.2016 година во Хомбург, Германија, поради присуство на Универзитетот во рамките на проектот Протеин филм волтамерија.
- **Викторија Максимова** – од 1.9.2016 до 5.9.2016 година во Охрид, Р. Македонија, поради учество на „Workshop – DAAD Opical and electronic devices“.
- **Вељо Марковски** – од 5.9.2016 до 09.9.2016 година во Анталија, Р. Турција, поради учество на Балкански медицински симпозиум со тениски натпревар.

**ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

- **Влатко Чинговски** – од 9.10.2015 до 11.10.2015 година во Скопје, поради учество на 4. Меѓународно советување на ICOBest – 2015.
- **Татјана Атанасова-Пачемска** – од 19.11.2015 до 22.11.2015 година во Габрово, Бугарија, поради учество на Меѓународна научна конференција – UNITECH 2015.
- **Татјана Атанасова-Пачемска** – од 17.12.2015 до 20.12.2015 година во Велес, поради учество на првиот состанок на проектните тимови во рамките на проектот Математички лавиринт финансиран од ЕУ, Еразмус +.
- **Влатко Чинговски** – од 10.12.2015 до 13.12.2015 година во Анкара, Турција, поради стручна посета на Универзитетот Башкент во рамките на Научноистражувачкиот проект „Можности и методи за замена и заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во хотелската индустрија“.
- **Татјана Атанасова-Пачемска** – од 30.1.2016 до 31.1.2016 година во Солун, Грција, поради учество на семинарот The Erasmus + training courses for teachers, staff and education staff.
- **Сашо Гелев** – од 29.2.2016 до 5.3.2016 година во Жабљак, Црна Гора, поради учество на 21. Меѓународна научно-стручна конференција „Информациски технологии“.
- **Влатко Чинговски** – од 29.2.2016 до 5.3.2016 година во Жабљак,

Црна Гора, поради учество на 21. Меѓународна научно-стручна конференција „Информациски технологии“.

- **Билјана Читкушева-Димитровска** – од 16.3.2016 до 19.3.2016 година во Боровац, Бугарија, поради учество на 13. Меѓународна конференција МТМ 2016.
- **Влатко Чинговски** – од 31.3.2016 до 1.4.2016 година во Скопје, поради учество на меѓународната конференција GREDIT – 2016.
- **Сашо Гелев** – од 20.4.2016 до 23.4.2016 година во Загреб, поради реализација на практична настава со студентите на електротехнички факултет, посета на погоните на компанијата „Кончар“ .
- **Влатко Чинговски** – од 20.4.2016 до 23.4.2016 година во Загреб, поради реализација на практична настава со студентите на електротехнички факултет, посета на погоните на компанијата „Кончар“ .
- **Маја Кукушева-Панева** – од 20.4.2016 до 23.4.2016 година во Загреб, поради реализација на практична настава со студентите на Електротехнички факултет, посета на погоните на компанијата „Кончар“ .
- **Билјана Читкушева-Димитровска** – од 20.4.2016 до 23.4.2016 година во Загреб, поради реализација на практична настава со студентите на Електротехнички факултет, посета на погоните на компанијата „Кончар“ .
- **Татјана Атанасова-Пачемска** – од 2.6.2016 до 6.6.2016 година во Ларнака, Кипар, поради учество на состанок на проектните тимови во рамките на проектот Математички лавиринт финансиран од ЕУ, Еразмус +.
- **Татјана Атанасова-Пачемска** – од 25.6.2016 до 3.7.2016 година во Црна Гора, поради посета на Факултетот за природни науки и математика.

**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

- **Антонијо Китановски** – од 1.10.2015 до 6.10.2015 година во Белград, поради иницирање соработка со музичките академии во Белград и Загреб.
- **Антонијо Китановски** – од 22.10.2015 до 26.10.2015 година во Виена, Р. Австрија, поради иницирање соработка со Музичката академија во Виена.
- **Милица Шкариќ** - од 2.4.2016 до 12.4.2016 година во Белгија, поради одржување на Интернационален семинар по пијано.
- **Антонијо Китановски** – од 3.6.2016 до 5.6.2016 година во Загреб, Р. Хрватска, поради иницирање меѓународна соработка со Институтот за фолклор.
- **Милица Шкариќ** - од 18.5.2016 до 10.6.2016 во Њујорк, САД, поради изведување на концерти.
- **Златка Митева** – од 25.5.2016 до 27.5.2016 година во Белград, Србија и Осиек, Р. Хрватска, поради реализирање на целодневни концерти.

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ**

- **Виолета Иванова-Петропулос** – од 17.9.2015 до 21.9.2015 во Охрид, Р. Македонија, поради учество на симпозиум MatCatNet финансиран од DAAD проектот: Akademischer Neuaufbau Sudosteuropa.
- **Биљана Балабанова** – од 17.9.2015 до 21.9.2015 во Охрид, Р. Македонија, поради учество на симпозиум MatCatNet финансиран од DAAD проектот: Akademischer Neuaufbau Sudosteuropa.
- **Сања Костадиновиќ-Величковска** – од 17.9.2015 до 21.9.2015 во Охрид, Р. Македонија, поради учество на симпозиум MatCatNet финансиран од DAAD проектот: Akademischer Neuaufbau Sudosteuropa.
- **Васко Златковски** – од 29.9.2015 до 1.10.2015 година во Земун Поле, Р. Србија, поради учество на меѓулабораториски испитувања.
- **Васко Златковски** – на 7.10.2015 година во Р.Косово, поради учество за меѓународен проект во Косово.
- **Лилјана Колева-Гудева** – од 15.10.2015 до 18.10.2015 година во Јахорина, Босна и Херцеговина, поради земање учество на симпозиум „Агросим 2015“.
- **Ацо Кузелов** – од 21.10.2015 до 24.10.2015 година во Пловдив, Р. Бугарија, поради учество на Меѓународна научна конференција.
- **Саша Митрев** – од 25.11.2015 до 26.11.2015 година во Скопје, поради учество на конференцијата „ICT in agribusiness conference“.
- **Љупчо Михајлов** – од 23.11.2015 до 26.11.2015 година во Златибор, Србија, поради земање учество на годишно советување на друштвото за заштита на растенијата.
- **Васко Златковски** – на 26.1.2016 година во Урошевац, Косово, поради учество на состанок за соработка на меѓуграничен проект.
- **Васко Златковски** – на 18.3.2016 година во Благоевград, Бугарија, поради склучување / потпишување на Договор за ИПА проектите.
- **Васко Златковски** – на 24.3.2016 година во Солун, Грција, поради присуство на состанок за соработка на меѓуграничен проект со Техничкиот универзитет.
- **Фиданка Трајкова** – од 3.4.2016 до 6.4.2016 година во Ханиа, Крит, Р. Грција, поради учество на првата координативна средба од Еразмус плус проектот со наслов – Developing OER and Blended Modules for Agriculture and rural Development.
- **Фиданка Илиева** – од 10.4.2016 до 17.4.2016 година во Пловдив, Р. Бугарија поради земање учество во работилница.
- Емилија Костадиновска - од 10.4.2016 до 17.4.2016 година во Пловдив, Р. Бугарија поради земање учество во работилница.
- **Васко Златковски** – во период на април, во Р. Грција и во Пловдив, поради земање учество во работилници.
- **Емилија Костадиновска** – од 15.5.2016 до 20.5.2016 година во Пловдив, Бугарија, поради учество на работна средба во рамките на Еразмус + програмата (KA2: Cooperation for innovation and the Exchange of good strategic partnership for vocational education and training).

- **Фиданка Илиева** - од 15.5.2016 до 20.5.2016 година во Пловдив, Бугарија, поради учество на работна средба во рамките на Еразмус + програмата (KA2: Cooperation for innovation and the Exchange of good strategic partnership for vocational education and training).
- **Васко Златковски** - од 15.5.2016 до 20.5.2016 година во Пловдив, Бугарија, поради учество на работна средба во рамките на Еразмус + програмата (KA2: Cooperation for innovation and the Exchange of good strategic partnership for vocational education and training).
- **Виолета Иванова-Петропулос** – од 20.6.2016 до 5.7.2016 година во Грац, Австрија, поради учество во обука GC – MS и нејзина примена на различни примероци на храна и вино.
**Тековно услужување со книги и друг библиотечен фонд.** Во текот на целата година студентите, постдипломците, професорите и останатите вработени на УГД од сите факултети редовно беа услужувани со книги и друг библиотечен фонд.

**Издавање потврди на дипломирани студенти.** И во текот на оваа година вработените во Универзитетската библиотека издаваа потврди на дипломирани студенти дека не должат книги откако претходно истите беа проверувани.

**Електронско внесување на обработени наслови на книги** од проектот на Влада на РМ во електронската евиденција.

**Подготвување и испраќање на сериското списание "Geologica Macedonika".**

**Прием на задолженија на книги,** нивна проверка и средување во класор.

**Изработка на предлози до генералниот секретар** заради решавање на некои проблеми во Универзитетската библиотека.

**Прием на нови книги донација од ТКЦ „Јунус Емре"** и прием на книги од други поголеми или помали донации од институции и поединци (Владата на РМ, НУБ „Св. Климент Охридски", МАНУ и поединци

автори).

**Учество во пописот на основни средства** на Универзитетската библиотека.

**Селење на дел од библиотечниот фонд од библиотеката на Економски факултет.** По извесни одлагања конечно е почнато со овој процес, со тоа што оваа активност сè уште е во тек. Сите дислоцирани книги се симнувани од полиците, бришени од прашина, пребројувани и заведувани во соодветни списоци. За овие книги се направени и нови задолженија кои гласат на задолжената за библиотеката во НС во Скопје – Роза Јовановска.

**Работа во Универзитетската архива.** На крајот од 2015 година на вработените во Универзитетската библиотека им беше доверена задача за темелно и целосно средување на главната Универзитетска архива. Почна обемна работа на средување на илјадници студентски досиеја и илјадници документи сместени во класери. Иако за кратко време се постигнаа видливи резултати, оваа работа сè уште е во тек.

**Работа на Факултетот за медицински науки.** Во октомври 2016 година, вработените на Универзитетската библиотека повторно добија работна задача надвор од библиотеката. Задачата се состоеше од внесување во Матична книга на студенти податоци за новозапишаните близу 500 студенти на ФМН и оформување на нивните студентски досиеја. И оваа задача беше успешно и навреме завршена.

**Техничка секретарка на Филолошки факултет.** Во текот на 2016 година библиотекарката Јасминка Соколовска беше префрлена неколку месеци на работно место техничка секретарка на Филолошки факултет. И оваа работна задача (иако не е поврзана со нејзината струка) таа успешно ја изврши, по што беше вратена повторно во библиотеката во К4.

**Селење на Центарот за обработка на книги.** Во јуни 2016 година беше реализирано комплетно селење на неколку илјади обработени книги од Центарот за обработка на книги во К4. Истовремено тројцата вработени (Донски, Костова и Димитриева) беа префрлени на други работни места. Во моментот на пишување на овој Извештај, пренесените книгите во К4 сè уште стојат несредени.

**Работа во Центарот за кариера.** Во 2016 година библиотекарките Мима Костова и Цвета Димитриева неколку дена беа ангажирани на работа во Центарот за кариера, која со успех ја извршија.

**Нов библиотекар во библиотеката на Економски факултет.** По заминувањето на претходниот библиотекар во библиотеката на Економски факултет Душан Миланов, на негово место е поставена Цвета Димитриева, која веднаш се зафати во средување и попис на библиотечниот фонд на овој факултет, како и со организирање транспорт на книги за Наставниот центар во Скопје.

**Обработка на стариот фонд книги на ФОН.** По растурањето на Центарот за обработка на книги, Мима Костова е префрлена во библиотеката на ФОН со задача компјутерски да го обработи стариот фонд од над 13.000 книги. Оваа работа сè уште е во тек.

**Пишување месечни извештаи.** Сите вработени во УБ редовно изработуваа и испраќаа месечни извештаи, кои потоа беа испраќани од страна на раководителот до надлежните раководни субјекти.

**Тековна комуникација со факултетите и останатите единици** на УГД. Оваа комуникација се одвиваше секојдневно главно по имејл или телефонски и истата е поврзана со тековни активности поврзани со работата на Универзитетската библиотека.

**Одржување состаноци.** Во текот на 2015 година вработените во Универзитетската библиотека одржуваа и работни состаноци како помеѓу себе, така и со претставници на други единици од УГД. Освен состаноци реализирани се и неколку работни средби со претставници од и вон УГД.

**Присуство на промоции на книги.** Во текот на годината вработени во Универзитетската библиотека (по покана од авторите) присуствуваа на неколку промоции на книги.

На крајот да заклучиме дека работата во Универзитетската библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев" во 2016 година се одвиваше според зацртаните работни задачи во Правилникот за работа. И натаму останаа за решавање проблемите поврзани со недостиг на простор во некои факултетски библиотеки и транспорт на книги.

## ПРИДРУЖНИ ЧЛЕНКИ

Придружни членки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се:
- Воена академија „Генерал Михајло Апостолски“ – Скопје.
- ПЗУ Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ – Скопје;
- „Агроунија“ ДООЕЛ – Скопје;
- Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип;
- „Аутомакедонија“ АД – Скопје;
- „Месна индустрија и кланица“ ДОО – Свети Николе;
- Национална установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип;
- „Институт за современи композити и роботика“ – Прилеп;
- Јавна научна установа Институт за филм – Филмска академија – Охрид.

Нивното придружно членство е усвоено со одлуки од Универзитетскиот сенат и тоа:
- Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-1198/3 од 17.9.2009 година, Универзитетскиот сенат на 24-та редовна седница одлучи Воена академија „Генерал Михајло Апостолски“ – Скопје да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-1198/4 од 17.9.2009 година, Универзитетскиот сенат на 24-та редовна седница одлучи ПЗУ Специјална болница по хирушки болести „Филип Втори“ – Скопје да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-1198/5 од 17.9.2009 година, Универзитетскиот сенат на 24-та редовна седница одлучи „Агроунија“ ДООЕЛ – Скопје да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-110/3 од 29.1.2010 година, Универзитетскиот сенат на 28-та редовна седница одлучи Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-621/2 од 13.5.2010 година, Универзитетскиот сенат на 34-та редовна седница одлучи „Аутомакедонија“ АД – Скопје да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-381/16 од 11.4.2011 година, Универзитетскиот сенат на 48-та редовна седница одлучи „Месна индустрија и кланица“ ДОО – Свети Николе да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце

Делчев“ – Штип;

- Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-902/3 од 12.9.2011 година, Универзитетскиот сенат на 54-та редовна седница одлучи Националната установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-962/14 од 2.9.2014 година, Универзитетскиот сенат на 97-та редовна седница одлучи Институтот за современи композити и роботика – Прилеп да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
- Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0201-1018/9 од 25.9.2015 година, Универзитетскиот сенат на 114-та редовна седница одлучи Јавната научна установа Институт за филм – Филмска академија – Охрид да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

## ОДДЕЛ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ИНДЕКС (УГД ИНФО)

**Вовед**

Одделот за електронски индекс функционира во склоп на Кабинетот на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Основна дејност на Одделот за електронски индекс е имплементација и одржување на софтверски решенија за потребите на Универзитетот, нивно администрирање, обезбедување на корисничка поддршка и континуирано информирање на крајните корисници (наставничкиот и соработничкиот кадар, вработените од администрацијата и студентите, како и надворешни субјекти) во однос на информации за софтверските решенија и процесите кои директно или индиректно се опфатени со истите и други информации од јавен карактер на Универзитетот.

Софтверски решенија кои се предмет на развој и/или одржување од страна на Инфо центарот, како и сервисирање на крајните корисници се:

- Софтверско решение за упис на студенти;
- Софтверско решение за студентски информационен систем (електронски индекс):
  - 1 циклус студии;
  - 2 циклус студии;
  - 3 циклус студии;
- Софтверско решение за човечки ресурси;
- Софтверско решение за поддршка на крајни корисници;
- Софтверско решение за архива;
- Софтверско решение за лаборатории;
- Софтверско решение за администрација на модулите погоре;
- Софтверско решение за СМС кампањи.

Активности кои конкретно ги има реализирано Одделот за електронски индекс во текот на учебна 2015/2016 година се:

**Развој:**

- Успешна реализација на **73** креирани сервисни (интерни) инциденти (од 15.9.2015 год., заклучно со 15.9.2016 год.):
  - Веб-сервис за комуникација со МОН / Проект „Опсерваторија на вештини“;
  - Оценување на наставнички кадар од страна на студентите;
  - Софтверско решение за е-пријавување;
  - Софтверско решение за е-барања;
  - Развој на втор циклус студии (во тек);
  - Трансфер на базите на податоци на нова околина / кластер;
  - Paynet;
  - Тековни имплементации и измени на постоечки функционалности;

**Одржување и корисничка поддршка:**

- Успешна реализација на **4.685** креирани сервисни инциденти од крајни корисници (од 15.9.2015 год., заклучно со 15.9.2016 година, во смисла на поддршка на крајни корисници):
  - Референти во Оддел за архива на студентски досиеја за прв, втор и трет циклус на студии;
  - Таргет: Студентски информационен систем (Е-индекс);
  - Секретари на единици:
  - Таргет: Модул за човечки ресурси;
  - Сите инволвирани субјекти, директни и индиректни корисници на електронскиот систем;
- Реализација на (минимален пресметан број, со појдовен податок од минимум 50 телефонски повици за поддршка на крајни корисници во тек на еден работен ден) телефонски повици, минимум **13.000** телефонски повици:
  - Студенти;
  - Наставнички и соработнички кадар;
  - Администрација;

Успешно сервисирање на вкупно **9.730** електронски пошти (примени на или испратени од eindex@ugd.edu.mk и info@ugd.edu.mk) на:

- студенти;
- наставнички и соработнички кадар;
- администрација;
- останати;

- Успешно техничко (и пошироко) спроведување на уписи во учебна 2016/2017 година;
- Перманентна анимација на таргетирани крајни реципиенти преку СМС кампањи, електронски пошти и други ресурси во однос на сите релевантни информации;
- Перманентно успешно сервисирање на студенти, наставнички и соработнички кадар, администрација и останати во реално време / простории на Оддел за електронски индекс;
- Сите активности кои се во согласност со актите кои го регулираат работењето на Одделот.

**Структура**

| Реден број | Позиција | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1 | Раководител на Инфо центар | 1 |
| 3 | Софтвер инженер за анализа и дизајн | 1 |
| 4 | Софтвер инженер за кодирање | 3* |
| 6 | Специјалист за корисничка поддршка | 1 |
| 7 | Помлад специјалист за корисничка поддршка | 4** |
| | Вкупно: | 10 |

Легенда:

- * Одделот има ангажирано 3 лица на позицијата софтвер инженер за кодирање преку УНИ сервис ДООЕЛ – Штип.
- ** На позицијата помлад специјалист за корисничка поддршка се ангажирани (вкалкулирано во горенаведените 2 позиции) две лица преку УНИ сервис ДООЕЛ – Штип. Едно од лицата кое е ангажирано на оваа позиција, а вработено во Универзитетот, дополнително е ангажирано и во Одделот за архива на студентски досиеја на прв, втор и трет циклус студии.

**Заклучок**

Одделот за електронски индекс (УГД инфо) успешно ја заокружи учебната 2015/2016 година во насока на реализација на сите горенаведени активности, работни задачи и обврски. Со тоа, истиот е директен двигател (и продолжува да биде) во делот на е-администрацијата на студентите од сите циклуси (во догледна иднина) и целосно придонесува за задржување на карактерот на интегрираност на Универзитетот.

# ОДДЕЛ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

**Вовед**

Одделот за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип завршува уште една успешна година исполнета со активности од најразличен вид и побогат со искуства од деветтата година од примената на Законот за јавните набавки и подзаконските акти.

Во 2016 година има две измени Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр. 27/2016 и 120/2016).

Водејќи се од латинската поговорка ***Res, non verba (дела, не зборови),*** го поднесуваме Годишниот извештај за работата на Одделот за јавни набавки за 2016 година.

Најпрвин ќе се осврнеме на Годишниот план за јавни набавки, заедно со измените и дополнувањата на овој план во текот на 2016 година. Потоа, низ краток преглед, ќе ја осознаеме застапеноста на видовите постапки и предметите на набавките на спроведените постапки на Универзитетот.

**Донесување измени и дополнувања на годишен план за јавни набавки**

Годишниот план за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип за 2016 година е усвоен со Одлука за усвојување на Годишен план за јавни набавки за 2016 г., бр. 0201-1341/23 од 14.12.2015 г.

Во текот на 2016 година се извршени измени и дополнувања на Годишниот план за јавни набавки за 2016 година со следните одлуки:

1. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2016 година бр. 0201-568/92 од 27.6.2016 година;
2. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2016 година бр. 0201-631/4 од 15.8.2016 година.

**Краток преглед на спроведени постапки**

За спроведените постапки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип го даваме следниот табеларен преглед по видови на постапки и по видови на договори :

| Вид на постапка | Стоки | Услуги | Работи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Отворена постапка | 9 | 8 | / | 17 |
| Постапка со барање за прибирање на понуди | 11 | 21 | / | 32 |
| Постапки со преговарање | / | 1 | / | 1 |
| ВКУПНО | 20 | 30 | / | 50 |

Табеларниот преглед опфаќа постапки за кои се објавени огласи за набавка во текот на 2016 година.

Овој Извештај вклучува и шест постапки од 2015 година кои не беа опфатени со Годишниот извештај за 2015 година.

За четири постапки во тек е процедура за објавување на оглас.

**Во извештајниот период вкупно се реализирани 41 постапки и во тек се 9 постапки**

**Активности во Одделот за јавни набавки**

**Ажурирање на документација за постапки (хартиена и електронска архива)**

Сите класери се означени со години, број на огласи и рок на траење. По извршена самоевалуација за 2016 година класерите ќе бидат сместени во метални ормани кои ќе се заклучат и клучот ќе биде предаден во сефот.

Сите постапки се внесуваат во електронската архива Docu Share соодветно со потпишување на документација.

**Семинари и стручни усовршувања**

***- Non progredi est regredi – Да не напредуваш значи да одиш наназад***

Вработените во Одделот за јавни набавки континуирано посетуваат обуки, семинари и работилници од областа на јавните набавки.

**Обуки на вработените и други видови на стручно усовршување**

Раководителот на Одделот за јавни набавки врши континуирани обуки на вработените во одделот и тоа:

- Почитување на позитивните законски прописи, Кодексот на Универзитетот и Етичкиот кодекс за службениците задолжени за постапките за доделување на договори за јавни набавки;
- На секретарите за јавни набавки – за правилна примена на правните прописи од оваа област;
- На референтите за јавни набавки – за правилно формирање, водење и чување на досието за секоја јавна набавка во хартиена и во електронска архива.

**Соработка со економските оператори**

Одделот за јавни набавки успешно соработува со економските оператори.

Пред сѐ, Одделот им стои на располагање на економските оператори по однос на одговарање на нивни прашања, упатување за начинот на изготвување на документацијата која е потребна да ја достават.

Оваа соработка се одвива во согласност со принципите на Законот за јавни набавки, Кодексот на однесување на вработените на Универзитетот и Етичкиот кодекс на службениците задолжени за спроведување на јавни набавки.

## ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ РАБОТИ

**Служба за обезбедување**

Службата за обезбедување има претрпено неколку измени со тоа што во Економскиот факултет е воведено повторно физичко обезбедување, поради тоа што во објектот е внесена скапа опрема за телевизијата и радиото. Во објектот моментално работат двајца чувари. Додека другите објекти како ФОН, ФМУ, Библиотеката, К-4 и Спортска сала се следат преку видео надзор. За тој видео надзор се задолжени четворица чувари. Во Гевгелија, Скопје, Кавадарци и во Радовиш е ангажирана приватна агенција за обезбедување.

Во 2017 година во план е набавка на нова униформа за обезбедувањето. МВР постојано вршат контрола во објектите согласно со нивните овластувања. Покрај МВР, контрола врши и раководителот на Одделот за општи и заеднички работи, Методи Патраклиски. Моментално службата брои 30 чувари. Во план за 2017 година е инсталирање на професионален видео надзор кој ќе ги покрие сите објекти.

**Хигиенска служба**

Хигиенската служба брои 43 хигеничари кои се распоредени во 18 објекти. Бројот на хигиеничари во објектите зависи од големината и потребите на објектот. Во 2017 година се планира набавка на нови униформи за работа. Сите објекти редовно се снабдуваат со хигиенски средства. Секоја година за време на сезонскиот грип се врши детална дезинфекција со посебни средства за дезинфекција.

**Служба за паркови и зеленило**

За парковите се задолжени двајца градинари Пане Данев и Љупчо Донев. Секој градинар си одговара за објектот што му е доделен за одржување. За градинарите е набавена опрема (алат и униформа). Во 2016 е набавена нова косилка и за истата е задолжен Пане Данев.

# ЦЕНТАР ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ

**Вовед**

Основната цел на Центарот за електронско учење (ЦЕУ) е да се воведат модерни форми на учење на Универзитетот „Гоце Делчев“, нови технологии (интерактивни табли, графички табли, мултимедиски софтвер и хардвер, аудиовизуелна опрема и друго), како и перманентни обуки на наставници, учители, студенти и ученици од универзитети и училишта во Република Македонија.

Од неговото основање, Центарот за електронско учење во континуитет успешно ги извршува своите активности и обврски како придонес во целокупното функционирање на Универзитетот. Во 2016 година, покрај бројните секојдневни активности, ЦЕУ изврши неколку надградби на системот за електронско учење, повторно го спроведе електронското тестирање за универзитетските изборни предмети и го ажурираше УГД Scholar.

**Структура (раководител, вработени и ангажирани лица)**

Центарот за електронско учење во 2016 година функционираше во состав:

| Бр. | Презиме и име | Звање |
|---|---|---|
| 1. | Д-р Зоран Здравев | Раководител на Центар за електронско учење |
| 2. | М-р Стојанче Спасов | Помлад референт во Центар за електронско учење |
| 3. | Борче Јаневски | Систем-администратор |

**Извештај за активностите на Центарот за електронско учење**

Во периодот од ноември 2015 до ноември 2016 година, во рамките на Центарот за електронско учење се реализираа голем број на активности, според предвидената програма за работа. Во континуитет е даден преглед на реализираните редовни и вонредни активности од страна на Центарот за електронско учење.

Секојдневните активности кои се извршувани во Центарот за електронско учење во периодот од ноември 2015 до ноември 2016 година вклучуваат, но не се лимитирани на:

- Одржување, ажурирање и надградба на Moodle 2 платформата за е-учење;
- Доделување на права за креирање на курсеви на Moodle 2 платформата;
- Ажурирање на курсеви на новиот систем на Moodle 2 платформата;
- Уредување на кориснички профили;
- Решавање на проблеми со кориснички профили;

- Техничка поддршка на ЦЕУ;
- Администрација на повици;
- Корисничка и телефонска поддршка;
- Статистика на курсеви на Moodle 2 платформата;
- Спроведување на електронско тестирање на повеќе од 4.000 студенти по предметот Информатика и 26 универзитетски предмети.

Во склоп на Центар за електронско учење, исто така, се извршуваат дополнително и следните активности:

- Спроведување на обуки во Центарот за електронско учење;
- Редовно ажурирање на нови верзии на софтвер на веб-серверот и на веб-сервисот на Е-библиотека;
- Целосна поддршка на сите нови е-книги, е-скрипти и е-практикуми на УГД во Е-библиотека;
- Редовно ажурирање на нови верзии на софтвер на веб-серверот и на веб-платформата на УГД Scholar;
- Техничка поддршка на УГД репозиториум (обработка и прикачување на трудови; секојдневно регенерирање на апстракти и прегледи за приказ на нови трудови);
- Целосна поддршка за новите зборници и списанија на сите факултети на УГД;
- Одржување на хардвер и софтвер на Кампус 2 (амфитеатри, предавални, простории, канцеларии).

Од средината на мај 2014 година ЦЕУ започна со детално евидентирање на извршените активности и истите редовно ги објавува на порталот на Центарот (http://ceu.ugd.edu.mk/aktivnosti.php).

Од тој период до денес, меѓу другото, реализирани и евидентирани се и следниве активности на вработените во Центарот за е-учење:

- Примени и реализирани повици: 3.546;
- Примени и испратени пораки: 5.032;
- Конверзации преку Skype комуникатор: 1.668;
- Одобрени трудови во Е-репозиториум: 10.982;
- Техничка обработка и прикачување на изданија во Е-библиотека: 445

Значајно е да се одбележи дека Центарот за електронско учење во 2014 година започна со спроведување на проектот **„Електронско тестирање за универзитетските изборни предмети“,** со кој беше предвидено тестирањето за 24 предмети да се одвива електронски преку системот за е-учење. Во контекст на овој проект вработените во Центарот секојдневно овозможуваа поддршка и помош на наставничкиот кадар за внесувања на прашањата за тестирање во системот, а потоа и при спроведување на тестирањата. Исто така и оваа 2016 година тестирањата се спроведуваа во секоја сесија, во повеќе градови и вкупниот број на тестирани студенти до сега изнесува 11.679.

**Извештај за реализираните проверки на системот за е-учење**

Од септември 2013 година, покрај извештаите за тековните активности, на Центарот за електронско учење се изработуваат и извештаи за реализирани проверки на системот за е-учење.

Во периодот од ноември 2015 година до ноември 2016 година беа реализирани следниве софтверските проверки:

- проверка на функционалноста на базата;
- следење на статистиката;
- извршена проверка и адаптирање на Cron;
- проверка на безбедносната конфигурација;
- проверка на политиката за најавување;
- проверки дали има нова верзија (двапати е извршена надградба);
- уредување и одржување на Moodle2 платформата;
- ажурирање на Moodle2 платформата;
- решавање на проблеми со кориснички профили
- уредување на кориснички профили;
- ажурирање на курсеви на Moodle 2 платформата;
- помош при креирање на курсеви;
- бришење на неактивни курсеви;
- бришење на неактивни корисници.

**Систем за управување со учењето (Learning management System – Moodle)**

Центарот за електронско учење за потребите на наставниците, соработниците и студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ го управува Системот за електронско учење. Системот кој се применува од 2008 година е базиран на платформата Moodle и до јули 2011 год. се користеше верзијата на

Moodle 1.9 која беше инсталирана на сервер со скромен капацитет (20 GB мемориски простор без можност за проширување). Во јули 2011 год. е инсталирана нова платформа со верзија Moodle 2.1 и на сервер со поголеми можности и во многу кратко време е усвоена за редовна работа. Од тој период до денес платформата континуирано се надградува со најновите верзии. На крајот на 2013 година се врши надградба од верзијата 2.5.3. на верзијата 2.6.

Во 2014 година, од јануари до ноември, направени се вкупно 8 надградби на платформата од што позначајно е да се наведе надградбата од верзија 2.6.3 на 2.7 извршена во јуни 2014 година, при што Moodle добива приспособлив (responsive) дизајн соодветен за користење на сите видови на уреди вклучувајќи и мобилни телефони и таблети. Следните верзии беа 2.7.2+, 2.7.3+, 2.8.1+ и 2.8.3+. Средината на април 2014 година се преминува во верзија 2.8.5+.

Во 2016 година од јануари до ноември направени се вкупно 2 надградби на платформата од кои првата верзија беше 2.9.4+. Последната надградба на системот за е-учење е направена во почетокот на септември, при што се преминува на верзија 3.0.5+.

Во табела 1 се дадени податоците кои ја дефинираат моменталната искористеност на Moodle 3.0.5+ платформата според податоците земени на 3 октомври 2016 година (во табелата, споредбено може да се погледнат и податоците од извештајот од претходните 2 години). Вкупниот број на корисници на системот за е-учење при УГД изнесува околу 14.591 корисници, од кои 402 се предавачи (професори и асистенти), а останатите се студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Моментално има 2.414 курсеви кои се активни, односно креаторите на своите курсеви водат редовна и постојана контрола на своите курсеви, за содржините, активностите и студентите зачленети во нив.

*Табела 1. Искористеност на Moodle 2 платформата (2014 - 2016 г.)*

| | **Вкупно (4.11.2014)** | **Вкупно (22.10.2015)** | **Вкупно (3.10.2016)** |
|---|---|---|---|
| **Курсеви** | 2.269 | 2.274 | 2.414 |
| **Корисници** | 19.925 | 17.170 | 14.591 |
| **Зададени задачи** | 102.568 | 131.087 | 147.974 |
| **Предавачи** | 412 | 392 | 402 |
| **Пораки** | 96.047 | 119.684 | 136.337 |
| **Прашања** | 17.029 | 26.238 | 29.635 |
| **Ресурси** | 17.494 | 19.188 | 20.625 |

Во табела 2 е даден преглед на бројот на наставници/соработници кои ја користат Moodle платформата во наставниот процес, од сите 12 факултети и 3 академии во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“.

*Табела 2. *Број на наставници /соработници по факултети кои го користат Moodle*

| | Назив на институцијата | Наставници /соработници 2014 | Наставници /соработници 2015 | Наставници /соработници 2016 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Факултет за музичка уметност | 11 | 11 | 12 |
| 2 | Факултет за туризам и бизнис логистика | 35 | 34 | 36 |
| 3 | Факултет за образовни науки | 28 | 26 | 24 |
| 4 | Факултет за медицински науки | 75 | 64 | 67 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Земјоделски факултет | 28 | 30 | 29 |
| 6 | Електротехнички факултет | 20 | 19 | 20 |
| 7 | Технолошко-технички факултет | 20 | 23 | 25 |
| 8 | Факултет за природни и технички науки | 53 | 54 | 51 |
| 9 | Економски факултет | 33 | 30 | 30 |
| 10 | Филолошки факултет | 34 | 31 | 31 |
| 11 | Правен факултет | 19 | 19 | 21 |
| 12 | Факултет за информатика | 28 | 28 | 27 |
| 13 | Машински факултет | 25 | 18 | 21 |
| 14 | Воена академија | 3 | 3 | 5 |
| 15 | Ликовна академија | / | 2 | 3 |
| | **ВКУПНО** | **412** | **392** | **402** |

** (Напомена: во горната табела се влезени и наставници/ соработници кои се од други факултети, но држат настава на споменатиот факултет – тоа значи дека некои наставници/ соработници може да се повторуваат во горниве бројки, што значи дека вкупната реалната бројка од 402 е помала за 10-20)*

**Заклучок**

Центарот за електронско учење во 2015/2016 година навремено, континуирано и успешно ги извршува предвидените тековни активности, како и реализација на позначајни проекти со долгорочни ефекти во делот на електронската поддршка и спроведување на наставните процеси.

Системот за е-учење редовно се ажурира, надградува и се одржува во функционална состојба, е во интерес на непречено спроведување на наставата. Притоа на наставничкиот кадар му се овозможува континуирана поддршка за извршување на секојдневните задача, а покрај тоа во зависност од потребите можно е и организирање на обуки. Од податоците во извештајот можеме да согледаме дека бројот на курсеви и корисници постепено се зголемува, а паралелно со нив расте и бројот на пораки, прашања и ресурси. Исто така, од извештајот забележуваме и зголемување на бројот на наставници и соработници кои ја користат Moodle 2 платформата односно ги користат различните алатки кои им ги нуди платформата, со чијашто помош полесно ја организираат својата наставна програма.

Како позначајно од 2014 година, па сè до оваа година може да се издвои успешното спроведување на проектот „Електронско тестирање за изборните универзитетски предмети“.

Исто така, значајно е да се истакне дека Центарот за електронско учење воедно дава поддршка и помош за активно функционирање и на други системи во рамките на Универзитетот, како што се Е-библиотека, УГД журнали, УГД Scholar и УГД репозиториум.

## ЦЕНТАР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

**Вовед**

Центарот за односи со јавноста (ЦОЈ), како единица на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, е формиран со донесувањето на Одлука на Собранието на Република Македонија за давање согласност на Статутот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на седницата одржана на 27 април 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2008 и 103/2008).

Пред формирањето на Центарот, функционираше Канцеларија за односи со јавноста со Оддел за издавачка дејност, во чијшто состав беше пододделот за уредување на веб-страницата на Универзитетот. Овде работеа четири лица, кои беа задолжени со низа активности за остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците.

Канцеларијата воспоставуваше комуникации со пошироката јавност во земјава и со одделни субјекти поврзани со Универзитетот во странство. Канцеларијата за односи со јавноста редовно ја информираше јавноста и осмислено ги презентираше информациите и содржините за работата на структурите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Канцеларијата организираше: прес-конференции, трибини, свечености, доделување на признанија, патронен ден на Универзитетот, почеток на нова студиска година, доделување на дипломи и други активности за промоција на Универзитетот.

Од септември 2007 година до крајот на ноември 2007 година Одделот за издавачка дејност беше сместен во просториите на поранешниот Работнички универзитет (денес Факултет за општествени науки).

Од декември 2007 година до септември 2009 година Одделот работеше во просториите на Ректоратот на Универзитетот (ул. „Крсте Мисирков“ бб - Штип).

Од почетокот на октомври 2009 година Одделот е дислоциран во Кампус 1, односно на првиот кат од новите, модерно просторно и технички уредени простории на Центарот за односи со јавноста (ул. „Генерал Михајло Апостолски“ бб - Штип).

Во периодот од септември 2008 година започна изградбата на Центарот за односи со јавноста, кој е со површина од 332 м$^2$. Одделот за издавачка дејност е со површина од 98 м$^2$, Одделот за радио и ТВ заедно со Одделот за реклама и пропаганда (Оддел за маркетинг и протокол) се на површина од 205 м$^2$. Центарот за односи со јавноста како единица на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип активно и постојано учествува и придонесува за остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците.

Центарот активно учествува во работата на органите, работните тела на Универзитетот и на единиците.

Центарот реализира акти, одлуки и задачи на органите на Универзитетот и на единиците и го почитува дигнитетот и достојно го употребува името и обележјата на Универзитетот.

Во јуни 2011 година, според новата систематизација на Универзитетот „Гоце Делчев“, беа донесени неколку промени во структурата на одделите кои функционираат во Центарот за односи со јавноста. Според новата систематизација, Одделот за радио и ТВ се состои од Одделение за техника и Одделение за редакција. Промени беа донесени и во Одделот за реклама и пропаганда, кој се реименуваше во Оддел за маркетинг и протокол и се состои од две одделенија – Одделение за маркетинг и Одделение за протокол.

**Структура**

**Раководител**

Според Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места на Универзитетот („Универзитетски гласник“ бр.10, јули 2009 г.), од страна на ректорот на Универзитетот проф. д-р Саша Митрев во јули 2009 година за раководител на Центарот за односи со јавноста е назначен доц. д-р Кирил Барбареев. Во јуни 2012 година за раководител на Центарот за односи со јавноста е назначена Марија Манева. Во јуни 2014 година за раководител на Центарот за односи со јавноста е назначен Славе Димитров. Во април 2016 година од страна на ректорот на Универзитетот проф. д-р Блажо Боев за раководител на Центарот е назначен Влатко Миленкоски.

**Вработени**

1. Влатко Миленкоски - раководител и главен и одговорен технички уредник во Оддел за радио и ТВ
2. Игор Стојанов - главен и одговорен уредник на Редакција во Оддел за радио и ТВ
3. Тони Михаилов - новинар во Оддел за радио и ТВ
4. Александар Максимов - референт во Оддел за ТВ
5. Марија Манева - референт во Оддел за маркетинг и протокол
6. Славе Димитров - референт во Оддел за издавачка дејност
7. Благој Михов - референт во Оддел за издавачка дејност
8. Сања Гацов - референт во Оддел за издавачка дејност
9. Кристина Богатинова - веб-администратор
10. Игор Ампов - веб-администратор
11. Даница Гавриловска-Атанасовска - лектор по македонски јазик
12. Павлина Митева-Павлова - лектор по англиски јазик

**Одели во состав на Центарот**

Во состав на Центарот за односи со јавноста се три оддели:

- Оддел за издавачка дејност,
- Оддел за маркетинг и протокол и
- Оддел за радио и ТВ.

**Оддел за издавачка дејност**

Универзитетот „Гоце Делчев“ својата издавачка дејност ја остварува преку издавање на учебници, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, преводи на странски изданија, информативен и пропаганден материјал, брошури, летоци и друга литература.

Одделот за издавачка дејност придонесува за развој на наставните, научните и другите дејности на Универзитетот, но и го поттикнува творештвото на Универзитетот. Одделот за издавачка дејност својата дејност ја остварува преку издавање на Универзитетски гласник, Универзитетски билтен, Универзитетски весник, учебници и учебни помагала на наставниците и соработниците на Универзитетот, како и монографии на наставниците и соработниците, студии, списанија, годишници, зборници на трудови на членките на Универзитетот, преводи на странски изданија, службени и периодични публикации на Универзитетот, информативен и пропаганден материјал, брошури и сл., како печатени изданија, но и како електронски изданија објавени на веб-страницата на Универзитетот. Во Одделот за издавачка дејност ефикасно и квалитетно се спроведува Издавачкиот план на Универзитетот.

Во периодот од декември 2015 година до ноември 2016 година во Одделот за издавачка дејност се реализирани следниве изданија:

**Универзитетски билтен** - јавно гласило на Универзитетот во кое се објавуваат рефератите, односно извештаите на рецензентските комисии за избор на наставно-научни, научни, насловни, наставни и соработнички звања, рецензиите на докторските дисертации и рецензиите на ракописите за учебници во високото образование на Универзитет „Гоце Делчев“:

- 2.11 2015 г. Универзитетски билтен бр.157
- 16.11 2015 г. Универзитетски билтен бр.158
- 1.12 2015 г. Универзитетски билтен бр.159
- 15.12 2015 г. Универзитетски билтен бр.160
- 30.12 2015 г. Универзитетски билтен бр.161
- 1.2 2015 г. Универзитетски билтен бр.162
- 15.2 2016 г. Универзитетски билтен бр.163
- 1.3 2016 г. Универзитетски билтен бр.164
- 15.3 2016 г. Универзитетски билтен бр.165
- 1.4 2016 г. Универзитетски билтен бр.166
- 15.4 2016 г. Универзитетски билтен бр.167
- 1.5 2016 г. Универзитетски билтен бр.168
- 16.5 2016 г. Универзитетски билтен бр.169
- 1.6 2016 г. Универзитетски билтен бр.170
- 15.6 2016 г. Универзитетски билтен бр.171
- 1.7 2016 г. Универзитетски билтен бр.172
- 28.7 2016 г. Универзитетски билтен бр.173
- 1.9 2016 г. Универзитетски билтен бр.174

– 15.9 2016 г. Универзитетски билтен бр.175
– 1.10 2016 г. Универзитетски билтен бр.176
– 17.10 2016 г. Универзитетски билтен бр.177
– 1.11 2016 г. Универзитетски билтен бр.178
– 15.11 2016 г. Универзитетски билтен бр.179

**Универзитетски гласник** - јавно гласило на Универзитетот во кое се објавуваат одлуки, правилници, Систематизација на работни места, Статут на Универзитет, упатства, планови итн., донесени на Ректорска управа и Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев“.

– 7.4.2016 г.Универзитетски гласник бр.35
– 2.11.2016 г. Универзитетски гласник бр.36

**Каталог на изданијата 2016 г.** кој ги содржи сите изданија што биле издадени во текот на 2015 година, а вклучува: зборници, учебни помагала, универзитетски весник, списанија.

**Зборници**

1. Зборник на трудови од меѓународна научна коференција - Економски факултет.
2. Зборник на трудови од научно-стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија”.
3. Зборник на трудови / Прва меѓународна научна конференција филологија, култура и образование, 18-19 март 2016, Штип.
4. STUDENT’S SOCIAL SCIENCE JOURNAL ГОДИНА 2016, БРОЈ 1.
5. Зборник на трудови од Првата меѓународна конференција ФИЛКО – Филолошки факултет.
6. Зборник на трудови Втора меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ - Правен факултет.
7. Годишен зборник – Земјоделски факултет.
8. Годишен зборник – Факултет за образовни науки.
9. Книга на апстракти Трета меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“.
10. Научно списание “BALKAN SOCIAL SCIENCE REVIEW - ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ“ (три броја).
11. Меѓународно списание „Палимпсест“ (онлајн и печатена верзија) – Филолошки факултет.
12. Воспитание - Факултет за образовни науки.
13. Меѓународното научно списание „Палимпсест“ - Филолошки факултет.

Во текот на академската 2015/2016 година, Одделот за издавачка дејност – **Оддел за веб-дизајн** ги реализираше следниве активности по месеци:

**Ноември 2015 година**
Реализирани секојдневни и тековни активности.
Обработка на фотографии.
Поставување на вести за веб на дневно ниво.
Работа со интерниот дел на универзитетската страница.
Разгледување и тестирање на нови верзии за главната веб-страница.
Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
Преработка на http://www.ugd.edu.mk/tzrsem/
Креирање на бекап на веб-страницата.
Ажурирање на англиската верзија, дел за вести- http://www.ugd.edu.mk/index.php/en/news
Ажурирање со нови учебници скрипти и практикуми на е-библотеката на УГД.

**Декември 2015 година**
Реализирани секојдневни и тековни активности - Поставување на вести за веб на дневно ниво и обработка на фотографии.
Работа со интерниот дел на универзитетската страница.
Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
Внесување на податоци и изработка на распоред во програмата MIMOSA.
Креирање на бекап на веб-страницата.
Ажурирање на англиската верзија на веб-страницата.
Ажурирање на календарот со активности за учебната 2015/6 година на веб-страницата според Одлука добиена на Универзитетски сенат и доставена од е-индекс, http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/e-kalendar
Ажурирање со нови учебници скрипти и практикуми на е-библотеката на УГД.

**Јануари 2016 година**
Реализирани секојдневни и тековни активности. Поставување на вести за веб на дневно ниво.
Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
Работа со интерниот дел на универзитетската страница.
Средување и објавување на документи за ISO 9001 стандардизација на УГД.
Заштита на информациите на веб-страниците.
Ажурирање на официјалната веб-страница и на веб-страниците на факултетите.
Обработка на фотографии и прибирање на фотографии за потребите на веб-страниците.
Внесување на податоци и изработка на распоред за цел Универзитет во програмата MIMOSA.
Ажурирање со нови учебници скрипти и практикуми на е-библотеката на УГД.

**Февруари 2016 година**
Реализирани секојдневни и тековни активности.
Работа со интерниот дел на универзитетската страница.
Средување и објавување на документи за ISO 9001 стандардизација на УГД.
Корекции на распоред во програмата MIMOSA, ажурирање на распоредот на веб-страниците.
Креирање на бекап на веб-страницата.
Отстранување на злонамерни фајлови поради упад во серверите и загрозување на сигурноста. Заштита на веб-страниците УГД и УГДЛАЈФ.
Ажурирање со нови учебници скрипти и практикуми на е-библотеката на УГД.

**Март 2016 година**
Реализирани секојдневни и тековни активности.
Работа со интерниот дел на универзитетската страница.
Состанок со координатор за Еразмус. Корекции на веб-страницата за ЦМУС.
Средување и објавување на документи за ISO 9001 стандардизација на УГД.
Техничка подготовка на ИСО обрасци.
Корекции на електронски распоред на предавања.
Ажурирање на веб-страница Наука на УГД: http://research.ugd.edu.mk/
Абдејтирање на сајтовите до најнова верзија. Корекција на фајлови за кои постои висок ризик на сигурност.
Отстранување на злонамерни фајлови од серверот и веб-страниците. Заштита на веб-страницата.
Ажурирање со нови учебници скрипти и практикуми на е-библотеката на УГД.

**Април 2016 година**
Реализирани секојдневни и тековни активности.
Присуство на Саемот за книга и образование во Скопје. Презентирање на УГД на саемот пред идните студенти.
Средување и објавување на документи за ISO 9001 стандардизација на УГД.
Инсталација и тестирање на нови темплејти.
Креирање и ажурирање на веб-страницата на делот Наука.
Почеток на развој на нова веб-страница: http://unilab.ugd.edu.mk/
Преработка на веб-страницата: http://dpep.ugd.edu.mk/
Заштита на веб-страницата.
Ажурирање со нови учебници скрипти и практикуми на е-библотеката на УГД.

**Мај 2016 година**
Реализирани секојдневни и тековни активности.
Присуство на Adobe Creative Day настан во организација на Smart Solutions – Скопје.
Работа со интерниот дел на универзитетската страница.
Средување и објавување на документи за ISO 9001 стандардизација на УГД.
Ажурирање на сите веб-апликации.
Преработка на фајлови од веб-страниците.
Заштита на веб-страницата.
Ажурирање на делот за списоци со одлуки за флексибилно работно време – ФРВ на страницата Наука.
Преработка на веб-страниците за зголемување на сигурноста.
Ажурирање со нови учебници скрипти и практикуми на е-библотеката на УГД.

**Јуни 2016 година**
Реализирани секојдневни и тековни активности.
Обработка на фотографии.
Работа со интерниот дел на универзитетската страница.
Разгледување на темплејти за креирање на нови веб-страници.
Проверка и креирање на фајлови за заштита.
Заштита на веб-страницата.
Ажурирање со нови учебници скрипти и практикуми на е-библотеката на УГД.

**Јули/август 2016 година**
Реализирани секојдневни и тековни активности.
Подготовка на студиски програми за внесување во Mimosa.
Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
Проверка и креирање на фајлови за заштита.
Заштита на веб-страницата.
Разрешување на проблеми при абдејт на life.ugd.edu.mk.
Ажурирање со нови учебници скрипти и практикуми на е-библотеката на УГД.

**Септември 2016 година**
Реализирани секојдневни и тековни активности.
Работа со интерниот дел на универзитетската страница.
Креирање на е-распоред. Корекции на распоред за цел УГД.
Средување и објавување на документи за ISO 9001 стандардизација на УГД.
Ажурирање со нови учебници скрипти и практикуми на е-библотеката на УГД.
Внесување на распоредот за спорт и рекреација.
Ажурирање на распоредот за цел УГД

Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
Проверка и креирање на фајлови за заштита. Заштита на веб-страница.

**Октомври 2016 година**
Реализирани секојдневни и тековни активности.
Корекции на распоред за цел УГД.
Средување и објавување на документи за ISO 9001 стандардизација на УГД.
Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
Истражување и развивање на нови модули за веб.
Абдејтирање на веб-страниците до најнова верзија. Разрешување на проблеми при абдејт.
Проверка и креирање на фајлови за заштита. Отстранување на злонамерни скрипти од веб страницата research.ugd.edu.mk.
Заштита на веб-страница.
Креирање на посебни html - страници за секоја студиска и предметна програма на факултетите од кампусите на УГД за прв и втор циклус студии и нивна проверка со е-индекс.
Ажурирање со нови учебници скрипти и практикуми на е-библотеката на УГД.

**Ноември 2016 година**
Реализирани секојдневни и тековни активности.
Средување и објавување на документи за ISO 9001 стандардизација на УГД.
Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
Поставување на вести за веб на дневно ниво.
Проверка и креирање на фајлови за заштита.
Заштита на веб-страница.
Ажурирање со нови учебници скрипти и практикуми на е-библотеката на УГД.

**Оддел за маркетинг и протокол**

Одделот за маркетинг и протокол е одговорен за планирање, реализирање и евалуирање на сите промотивни и маркетинг активности коишто имаат за цел да го промовираат Универзитетот во државата и надвор од неа.

Во соработка со факултетите, центрите, институтите и другите единици интегрирани во Универзитетот, Одделот за маркетинг и протокол е одговорен за подготовка на маркетинг акционен план, реализација на тој маркетинг план и евалуација на резултатите. Понатаму Одделот за маркетинг и протокол покрај планираните промотивни и маркетинг проекти предвидени и утврдени со маркетинг планот редовно се грижи за дизајнот, информациите и изборот на рекламните материјали, во соработка со Одделот за радио и ТВ подготвува аудио и видео презентации

за Универзитетот, рекламни аудио и видео спотови за Универзитетот, комуницира со медиумите во делот на рекламното и ПР претставување на Универзитетот, дава поддршка во организација на манифестации, свечености, патронен празник на Универзитетот и други настани.

Во периодот од ноември 2015 до ноември 2016 г., Одделот за маркетинг и протокол има реализирано низа проекти и активности:

**Декември 2015 година**
Подготовка за настан – новогодишна прослава.
Организација на годишен концерт на ФМУ.
Организација на Уметничка пролет
Подготовка на содржини и вести за веб-страницата на УГД.
Подготовка на содржини и вести за социјалните мрежи на УГД.
Ажурирање на социјални мрежи.
План за дистрибуција и дистрибуција на промотивни печатени материјали:
летоци за странски студенти;
Посета на средни школи
Соопштенија до медиуми и покана за настани до медиумите.
Организација и логистика на настани (промоција на настаните, контакти со учесници, подготовка на договори, комплетирање на документација, пополнување и карти, логистика и организација на публика, подготовка на финансиски извештаи).

**Јануари 2016**
Контакти со добавувачи нарачки на ситен рекламен материјал.
Организација и координација на активности и настани во Мултимедијален центар
Координација за тендери за потребни материјали за ЦОЈ и УГД.
Подготовка на маркетинг активности - предуписна кампања на УГД.

**Февруари 2016 година**
Контакти со добавувачи нарачки на ситен рекламен материјал.
Организација и координација на активности и настани во Мултимедијален центар
Координација за тендери за потребни материјали за ЦОЈ и УГД.
Подготовка на промотивни печатени материјали за УГД.
Посета на средни училишта – предуписна кампања.
Подготовка на текстови за презентација на матурантите во состав на предуписната кампања.
Подготовка на печатени промотивни материјали за УГД.

**Март 2016 година**
Подготовки во пресрет на Саем за образование - координативни активности.
Подготовки и координација за настан – Патронат на УГД.

Подготовка организација и реализација – велосипедска трка – Со велосипед на факултет
Контакти со добавувачи нарачки на ситен рекламен материјал.
Организација и координација на активности и настани во Мултимедијален центар
Подготовка на предлог-проект за учество на Саем за образование и преземање на координативни активности за реализација на овој настан.
Подготовка на маркетинг активности (предуписна кампања на УГД).
Координација со декани и протокол за доделување на дипломи на дипломираните студенти.
Учество во реализација на настан – Патронат на УГД.
Учество и реализација на ФИЛКО

**Април 2016 година**
Предуписна кампања на УГД – посета на сите кампуси на УГД низ Македонија и дистрибуција на универзитетски флаер.
Техничка логистичка и промотивна кампања за концерт – Петрит Чеку – Уметничка пролет.
Подготовка за трибина УГД – Е-универзитет.
Организација на изложба на Руската амбасада.
Подготовка на договори и промотивна кампања за Уметничка пролет на УГД.
Идеја и предлози за обновување на билбиордите на УГД.
УГД на саем за образование и кариера – техничка и логистичка поддршка.

**Мај 2016 година**
Организација и координација на активности и настани во Мултимедијален центар.
Подготовка на маркетинг активности (предуписна кампања на УГД).
Контакти со медиуми, покани за прес-конференции.
Организација на Отворени денови на УГД.
Трибина – УГД – Е-универзитет.
Организација за посета на училишта на наставни центри на УГД.
Координација и дистрибуција на флаери до сите факултети.
Подготовка за снимање на професионален спот за УГД.
Подготовка за Матурант.
Техничка и логистичка поддршка за Годишен концерт на Музичката академија.
Организација на Корејски ден на Кампус 2.
Техничка логистичка и промотивна кампања за концерт – Влатко Стефановски и Мирослав Тадич – Уметничка пролет.
Промотивни текстови и банери и видео за сајтот www.fakulteti.mk
Организација и поддршка – Философско кино за студенти.

Техничка логистичка и промотивна кампања за концерт – Васил Хаџиманов бенд – Уметничка пролет.

**Јуни 2016 година**

5. Одлука за прифаќање на пријавата за полагање на дипломски труд со наслов „Пресметка на транспортер со лента за растресита руда“ од кандидат Ивана Митева.
6. Одлука за прифаќање на пријавата за полагање на дипломски труд со наслов „Термоенергетска постројка на цврсто гориво“ од кандидат Маја Цветкоска.
7. Одлука за прифаќање на пријавата за полагање на дипломски труд со наслов „Одржување на хеликоптерски мотори“ од кандидат Марјан Накевски.
8. Одлука за прифаќање на пријавата за полагање на дипломски труд со наслов „Современи транспортни технологии“ од кандидат Павлинка Бачева.
9. Предлог-мислење за одобрување на Барањето бр.1005-27/2 од 6.6.2016 година од Владимир Андреевски за враќање на вишок уплатени средства.

***Дневен ред на 49-та седница на ННС одржана на 2.9.2016 г.***

– Усвојување на записникот од 48-та седница на ННС на Машински факултет.

1. Донесување Одлука за распишување на Конкурс за избор на еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научните области машински материјали и преработка на метали во течна состојба.
2. Донесување Одлука за измена и дополнување на покриеноста за настава за прв циклус студии за учебната 2016/2017 година (зимски и летен семестар).
3. Донесување Одлука за ангажирање на д-р Братица Темелковска како

стручњак од пракса на Машински факултет.
4. Барања од вработени.
5. Барања од студенти на прв циклус.

*Донесени одлуки на 49-та седница*

– Одлука за распишување на Конкурс за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научните области машински материјали и преработка на метали во течна состојба.
– Одлука за измена и дополнување на Одлуката дел. бр. 2202-59/3 од 13.5.2016 година за покриеноста на наставата за прв циклус студии (зимски и летен семестар) за учебната 2016/2017 година на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
– Одлука за ангажирање на д-р Братица Темелковска како стручњак од пракса на Машински факултет.
– Одлука за избор на рецензенти за издавање на практикум по предметот Проектен менаџмент од авторот доц. д-р Мишко Џидров.
– Одлука за одобрување на Барањето бр. 1005 – 22/7 од 23.8.2016 година поднесено од Маријана Ступар.
– Одлука за одобрување на Барањето бр. 1005 – 22/4 од 15.8.2016 година поднесено од Гоце Стоилков.
– Одлука за одобрување на Барањето бр. 1005 – 22/6 од 19.8.2016 година поднесено од Златко Јованов.
– Одлука за одобрување на Барањето бр. 1005 – 22/5 од 17.8.2016 година поднесено од Мартин Стефановски.
– Одлука за одобрување на Барањето бр. 1005-22/8 од 31.8.2016 година од студент Александар Ристов за мирување на студиите.
– Одлука за одобрување на Барањето бр. 1005-22/9 од 2.9.2016 година од студент Александар Симов за мирување на студиите.
– Одлука за одобрување на Барањето бр.1005-15/1 од 23.5.2016 година од студент Катерина Крстова.
– Одлука за одобрување на Барањето бр. 1005-15/3 од 23.5.2016 година од студент Кристина Тасева.
– Одлука за одобрување на Барањето бр. 1005-15/2 од 23.5.2016 година од студент Мери Јанева.
– Одлука за одобрување на Барањето бр. 1005-17/6 од 31.8.2016 година од Ацко Арсовски.
– Одлука за одобрување на Барањето бр.1005-14/2 од 30.8.2016 година и бр.1005-17/5 од 30.8.2016 година од Златко Попов.
– Одлука за одобрување на Барањето бр. 1005-17/3 од 16.8.2016 година и бр. 1005-14/1 од 16.8.2016 година од Роберт Смилевски.
– Одлука за одобрување на Барањето бр. 1505-23/9 од 24.8.2016 г. од студент Владимир Алагогев.
– Одлука за одобрување на Барањето бр. 1505-23/8 од 23.8.2016 г. од студент Даниел Иванов.
– Одлука за одобрување на Барањето бр. 1505-23/7 од 19.8.2016 г. од

студент Златко Јованов.

- Одлука за одобрување на Барањето бр. 1505-23/10 од 30.8.2016 г. од студент Марјан Стоев.
- Одлука за одобрување на Барањето бр. 1505-23/5 од 1.7.2016 г. од студент Роберта Јованова.
- Одлука за одобрување на Барањето бр. 1505-23/6 од 1.7.2016 г. од студент Светлана Темелкова.
- Одлука за прифаќање на пријавата за полагање на дипломски труд со наслов „Производство и употреба на палети во јавниот транспорт на стоки“ од кандидат Елена Јанева.
- Одлука за прифаќање на пријавата за полагање на дипломски труд со наслов „Дијагностика и одржување на мануелни и автоматски менувачи за патнички возила“ од кандидат Ќети Танчева.
- Предлог-мислење за одобрување на Барањето бр.1005-10/1 од 6.6.2016 година од Иван Христов за враќање на вишок уплатени средства.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА СТУДЕНИТЕ

Табеларен приказ на резултати и среден успех од испитите

Октомвриска (дополнителна) сесија, 2014

| Вкупно пријавени | ОЦЕНКА | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 29 | 13 | 11 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 16 |
| | 44,83 | 37,93 | 6,90 | 6,90 | 3,45 | 0,00 | 0,00 | 55,17 |
| Декемвриска (дополнителна) сесија, 2014 | | | | | | | | |
| Вкупно пријавени | ОЦЕНКА | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 35 | 22 | 6 | 3 | 2 | 1 | 1 | 0 | 13 |
| | 62,86 | 17,14 | 8,57 | 5,71 | 2,86 | 2,86 | 0,00 | 37,14 |
| Февруарска прва сесија, 2015 | | | | | | | | |
| Вкупно пријавени | ОЦЕНКА | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 288 | 76 | 62 | 55 | 33 | 28 | 34 | 0 | 212 |
| | 26,39 | 21,53 | 19,10 | 11,46 | 9,72 | 11,81 | 0,00 | 73,61 |

| Февруарска втора сесија, 2015 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно пријавени | О Ц Е Н К А | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 336 | 153 | 67 | 57 | 32 | 12 | 15 | 0 | 183 |
| | 45,54 | 19,94 | 16,96 | 9,52 | 3,57 | 4,46 | 0,00 | 54,46 |
| Априлска (дополнителна) испитна сесија, 2015 | | | | | | | | |
| Вкупно пријавени | О Ц Е Н К А | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 128 | 72 | 39 | 9 | 4 | 4 | 0 | 0 | 56 |
| | 56,25 | 30,47 | 7,03 | 3,13 | 3,13 | 0,00 | 0,00 | 43,75 |
| Јунска прва испитна сесија, 2015 | | | | | | | | |
| Вкупно пријавени | О Ц Е Н К А | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 242 | 47 | 58 | 39 | 37 | 29 | 32 | 0 | 195 |
| | 19,42 | 23,97 | 16,12 | 15,29 | 11,98 | 13,22 | 0,00 | 80,58 |
| Јунска втора испитна сесија, 2015 | | | | | | | | |
| Вкупно пријавени | О Ц Е Н К А | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 355 | 184 | 62 | 42 | 30 | 26 | 11 | 0 | 171 |
| | 51,83 | 17,46 | 11,83 | 8,45 | 7,32 | 3,10 | 0,00 | 48,17 |
| Августовска испитна сесија, 2015 | | | | | | | | |
| Вкупно пријавени | О Ц Е Н К А | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 156 | 78 | 58 | 10 | 3 | 4 | 3 | 0 | 78 |
| | 50,00 | 37,18 | 6,41 | 1,92 | 2,56 | 1,92 | 0,00 | 50,00 |
| Септемвриска (дополнителна) сесија, 2015 | | | | | | | | |
| Вкупно пријавени | О Ц Е Н К А | | | | | | Не се јавиле на испитот | Го положиле испитот |
| | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | | |
| 88 | 43 | 32 | 6 | 3 | 2 | 2 | 0 | 45 |
| | 48,86 | 36,36 | 6,82 | 3,41 | 2,27 | 2,27 | 0,00 | 51,14 |

**Техничка опременост**

– Опременост на лаборатории, предавални или амфитеатри на факултетот

## 1. Име на лабораторија

| Р.бр. | Вид на опрема | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Компјутерска лабораторија за изведување на настава по предметите Информатика и AUTO- CAD и други сродни предмети од наставната програма | 16 |

## 2. Име на предавална

| Р.бр. | Вид на опрема | Количина |
|---|---|---|
| 1 | У-1- 1.Школски клупи<br>2. Школски столчиња<br>3. Табла бела | 9<br>17<br>1 |
| 2 | У-2 – 1.Школски клупи<br>2.Школски столчиња<br>3.Прожектор АЦЕР | 10<br>20<br>1 |

## 3. Име на амфитеатар

| **Р.бр.** | **Вид на опрема** | **Количина** |
|---|---|---|
| / | / | / |

## 4. Име на кабинет

| Р.бр. | Вид на опрема | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Деканат- 1.Циско ИП телефон<br>2.Печатар Ксерокс<br>3.Компјутер Еспримо<br>4.Копир Ксерокс<br>5.Подвижна касета со 3 фиоки<br>6.Конференциска маса<br>7.Кожна фотелја<br>8.Работно биро<br>9.Компјутерски сегмент<br>10.Орман со дрвени врати<br>11.Клуб маса<br>12.Столови за странки<br>13.Скенер<br>Професори - 1. Работно биро<br>2. Кожни фотељи<br>3. Подвиж. касета со 3 фиоки<br>4. Циско ИП телефон<br>5. Ормар со дрвени врати | 2<br>1<br>2<br>1<br>2<br>1<br>8<br>2<br>1<br>2<br>1<br>2<br>1<br>4<br>4<br>4<br>4<br>4 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Асистенти - 1. Работно биро<br>2. Компјутер еспримо<br>3. Циско ИП телефон<br>4. Орман со дрвени врати<br>5. Подвижни касетети со 3 фиоки<br>6. Клуб маса<br>7. Столова за странки | 5<br>7<br>6<br>5<br>5<br>1<br>2 |

**Просторни услови**

Факултетот располага со две (2) предавални и една компјутерска лабораторија, во која се изведуваат предавања и вежби од предметот Информатика и програмата AUTO CAD, CAD технологија.

| Вкупна бруто површина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.б. | Просторија | | Бр. на места | м$^2$ | Каде се наоѓа просторијата |
| | | ознака | | | |
| 1. | Училница 1 | У1 | 17 | 14 | Административна зграда на „Телеком“ - Виница |
| 2. | Училница 2 | У2 | 20 | 26 | Административна зграда на „Телеком“ - Виница |
| 3. | Уцилница 3 | \ | \ | | |
| 9. | Кабинет по информатика | И1 | 31 | 36 | Административна зграда на „Телеком “ - Виница |
| Вкупен број места | | | 68 | 76 | |
| Вкупна нето површина | | | | 76 | |

– Реновирање, адаптација и санација на просториите
  Просторните услови на Факултетот се реновирани и санирани.

**Издавачка дејност (зборници, книги)**

Литература издадена од наставничкиот кадар на факултетот:

1. Збирка решени задачи по предметот Машински елементи од д-р Симеон Симеонов, вонреден професор на Машински факултет.
2. Практикум по предметот Проектен менаџмент од д-р Мишко Џидров, доцент на Машински факултет.
3. Практикум по „Обработка со режење и пластична деформација“ од д-р Славчо Цветков вонреден професор на Машински факултет.

## Научноистражувачка работа (проекти)
## Домашни/меѓународни проекти

| Датум од-до | Наслов на проектот | Позиција | Опис на активностите во тек на проектот |
|---|---|---|---|
| 2015 | Анализа и синтеза на редукциони вентили<br><br>Проект финансиран од страна на Технички универзитет-Софија | Главен истражувач:<br>- проф. Михаил Комитовски<br>Истражувачи:<br>-доц. Сашко Димитров<br>-доц. Илчо Ангелов<br>-асс. Тони Тројанов | Развој на математички модел за симулација на работата на редукционите вентили, експериментално потврдување на статичките и динамичките карактеристики на овие вентили |
| 2015 - 2016 | Воведување на нови стандарди за задолжителна инспекција на машините и опремата за апликација на пестициди<br><br>Проект финансиран од страна на Универзитет „Гоце Делчев” | Главен истражувач:<br>д-р Зоран Димитровски<br><br>Истражувачи:<br>д-р Славчо Цветков<br>д-р Мишко Џидров<br>д-р Сашко Димитров<br>д-р Златко Соврески<br>д-р Светлана Јакимовска<br>м-р Теодора Стојанова | Имајќи предвид дека Република Македонија како земја кандидат е обврзана да ги хармонизира своите прописи, основна цел на овој проект е разработување на методологија и имплементација на стандардите за инспекција на машините и опремата за апликација на пестициди со што директно ќе се влијае врз здравјето на луѓето, животните, растенијата и заштита на животната средина |
| 2015 | CRAYON's – (CReativity in Action to promote YOung eNtrepreneurShip)<br><br>Проект финансиран од страна на Erasmus+ KA2 - Cooperation for Innovation and the Exchange of Good Practices | Главен истражувач:<br>**Laura Uixera Cotano**, University of Valencia and the Polytechnic University of Valencia<br><br>Истражувачи:<br>-проф. Мишко Џидров, УГД | Главната цел на проектот е да се развие материјал за обука со цел зајакнување на претприемништвото меѓу младите студенти. Преку обука ќе се интегрираат нови методологии: Motivation 3.0, Gamification EGO® SERIOUS PLAY®) |
| 2014 - 2016 | Примена на Методата на конечни елементи при пресметка на чиниести пружини на фрикциони спојки кај моторните возила<br><br>Проект финансиран од страна на Универзитет „Гоце Делчев” | Главен истражувач:<br>-проф Симеон Симеонов<br>Истражувачи:<br>-проф. Дејан Мираковски<br>-проф. Петар Симоновски<br>-доц. Славчо Цветков<br>-асс.м-р Марија Чекеровска<br>-м-р Сашко Милев | Извршување на научно истражување на пресметка на чиниестите пружини за спојки кај моторните возила и споредување со емпериските изрази за нивна пресметка |
| 2016 - 2017 | Twinning contract: Developing cooperation between higher education institutions, the private sector and relevant public bodies (MK 13 IB SO 01)<br><br>Проект финансиран од ЕУ (European Union) | Истражувачи<br>За компонента 1: доц. д-р Мишко Џидров, проф. д-р Кирил Барбареев | - Главната цел на проектот е да се подобри квалитетот на високото образование во Р. Македонија со подобрување на врската помеѓу високото образование и пазарот на труд |

**Објавени трудови**

Во текот на учебната 2015/2016 година наставничкиот кадар на Машински факултет има објавено и презентирано поголем број на научни трудови, во земјава така и надвор од неа.

- Danev, Darko and Simeonov, Simeon and Jordanovska, Vase (2016) *Impact of basalt based thread linings on the tribological parameters of the clutch linings for motor vehicles*. Tehnički vjesnik / Technical Gazette, Trg Ivane Brlić-Mažuranić 2, 35000 Slavonski Brod, 23 (4). pp. 1227-1232. ISSN 1848-6339 (Online).
- Simeonov, Simeon and Cvetkov, Slavco and Dzidrov, Misko and Sovreski, Zlatko and Dimitrov, Sasko (2016) *Dynamic Strain of Diaphragm Spring on Vehicles Friction Clutches Depending on the Spring Angle*. International Journal of Scientific & Engineering Research, 7 (4). pp. 1448-1452. ISSN 2229-5518.
- Simeonov, Simeon and Cvetkov, Slavco and Sovreski, Zlatko and Dzidrov, Misko and Dimitrov, Sasko (2015) *Impact of graphite and sooton the tribological parameters of the friction lining for the motor vehicles clutches*. Годишник на висше училище по телекомуникации и пощи, 1 (1). pp. 25-29. ISSN 2367-8437.
- Dimitrovski Z., Dimitrov S., Cvetkov S., Jakimovska S. (2016) An overview of the pesticide application equipment in Ovcepole region in Republic of Macedonia, 6th european workshop on standardised procedure for the inspection of sprayers in Europe, Barcelona.
- Dimitrovski Z., Dimitrov S., Cvetkov S.(2016). Operativni i vizuelni nedostatci mašina i opreme za aplikaciju pesticida u Svetinikolskoj opštini, XVIII Naučno stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktuelni problemi mehanizacije poljoprivrede, Beograd.
- Dimitrovski Z., Dimitrov S., Cvetkov S. (2016) Stanje mašina i opreme za aplikaciju pesticida u Štipskom regionu i mogučnost primene evropskog standarda en 13790, Aktuelni problemi mehanizacije poljoprivrede, Beograd.
- Dimitrovski Z., Kukutanov R., (2016) Mere zaštite pri eksploataciji mašina i opreme za aplikaciju pesticida, Unapređenje sistema zaštite na radu, Tara, R. Srbija.
- Коста Глигоревић, Мићо В. Ољача, Душан Радојичић, Зоран Димитровски, Милорад Ђокић, (2016), Техничке мере за смањење броја несрећа са учешћем пољопривредних машина, Унапреџење система заштите на раду, Тара, Р. Србија.
- Stefanovska Ceravolo, Ljubica and Polenakovik, Radmil (2016) Generations of innovation models and their characteristics – towards creating a new innovation model. In: IN-TECH International Conference On Innovative Technologies, 06-08 Sept 2016, Prague, Czech Republic.
- Stefanovska Ceravolo, Ljubica and Polenakovik, Radmil and Dzidrov,

Misko (2016) Summary of innovation models on a company level – creating a framework for an innovation model that will increase a company's innovation activity. In: International Scientific Congress Machines Technologies Materials, 14-17 Sept 2016, Varna, Bulgaria.
- Stefanovska Ceravolo, Ljubica and Polenakovik, Radmil and Dzidrov, Misko (2016) Summary of innovation models on a company level – creating a framework for an innovation model that will increase a company's innovation activity. International Scientific Journal Science Business Society, 1 (6). pp. 22-26. ISSN 2367-8380.

**Нови избори на наставнички и соработнички кадар**
- Избор/реизбор во звања на наставничкиот и соработничкиот кадар

| Р.бр | Име и презиме | Звање | Област | Избор/ реизбор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Љубица Стефановска Цераволо | аистент | Анализа и мерење на работата и времето | избор |

**Други активности**

**Печатење на информатори**
- Информатор за студентите за учебната 2015/2016 година за студиските програми Производно машинство, Транспорт, организација и логистика.

**Учество на когреси, семинари на вработените на факултетот**

- **Мишко Џидров,** учество во избор на претприемач на годината 2015, 18.12.2015 г. Александар Палас, Скопје, главни организатори: Македонска развојна фондација, Сојуз на стопански комори. Покровители и организатор: Министерство за економија, коорганизатор Национален центар за развој на иновации и претприемничко учење.
- **Мишко Џидров,** учество на семинар за квалитет во високото образование со наслов "National Strategy, Institutional Development and Stakeholder Influence", кој се одржа на Факултетот на Југоисточна Европа во Тетово, во јуни 2016 год.
- **Мишко Џидров,** Втор CRAYON'S состанок во Скопје, Македонија, 22 – 24 јуни 2016 г., дел од проектот CRAYON's (број: 2015-1-ES01-KA203-016056).
- **Мишко Џидров,** член на Организациски одбор на Меѓународна конференција VII Balkan and Black Sea Conference, Days of Clusters 2016, Охрид, Македонија.
- **Зоран Димитровски,** Посета на Земјоделски факултет во Осиек, Р. Хрватска во врска со проектот: Воведување на нови стандарди за

задолжителна инспекција ма машините и опремата за апликација на пестициди.

– **Зоран Димитровски,** Посета на Саемот за земјоделие и земјоделски машини во Нови Сад и саемот за техника во Белград.
– **Зоран Димитровски,** Посета на саемот Технома во Скопје.
– **Зоран Димитровски,** XVIII Naučno stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktuelni problemi mehanizacije poljoprivrede 2016. Beograd.
– **Зоран Димитровски,** 6th european workshop on standardised procedure for the inspection of sprayers in Europe, 2016 Barcelona.
– **Љубица Стефановска Цераволо,** Обука за интерен аудитор по Системи за менаџмент со квалитет согласно со Европскиот стандард EN ISO 9001:2015, број на лиценца CIB/109/16-010, издадена од страна на Certification and Inspection Bulgaria во Скопје, март 2016 год.
– **Љубица Стефановска Цераволо,** учество на индустриска работилница со наслов “What can mathematicians do for you?” организирана од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (COST Action TD1409: Mathematics for Industry Action, European Cooperation in Science and Technology; Mi-Net) во Штип, април 2016 год.
– **Љубица Стефановска Цераволо,** учество на работилница за иновации „Регионални иновациски стратегии“ во организација на Министерството за локална самоуправа на Република Македонија и Фондот за иновации и технолошки развој на 8.4.2016 година, во Јавна соба за дизајн и иновации во Скопје.
– **Љубица Стефановска Цераволо,** учество на семинар за квалитет во високото образование со наслов “National Strategy, Institutional Development and Stakeholder Influence”, кој се одржа на Факултетот на Југоисточна Европа во Тетово, во јуни 2016 год.
– **Љубица Стефановска Цераволо,** учество на Меѓународна конференција со труд (постер презентација)IN-TECH International Conference On Innovative Technologies, 6-8 септември 2016, Прага, Република Чешка.
– **Љубица Стефановска Цераволо,** учество на Меѓународна конференција со труд (постер презентација) International Scientific Congress Machines Technologies Materials, 14-17 септември 2016, Варна, Бугарија.
– **Славчо Цветков,** посета на Саемот за земјоделие и земјоделски машини во Нови Сад и Саемот за техника во Белград.
– **Славчо Цветков,** Посета на саемот Технома во Скопје.
– **Сашко Димитров,** 6th european workshop on standardised procedure for the inspection of sprayers in Europe, 2016 Barcelona.
– **Сашко Димитров,** Годишна научна конференција во организација

на Универзитетот во Русе, Р. Бугарија, со трудот Analyses of the flowing process in short length sharp edge orifices.

**Водење на книга за посета на странци на единицата**

**Патување на вработени во странство**

- **Мишко Џидров**, присуство на состанок од проектот CRAYON's како дел од Erasmus+ KA2 – Cooperation for Innovation and the Exchange of Good Practices, кој ќе одржи во Валенсија, Шпанија, октомври 2015.
- **Сашко Димитров**, учество на работилница организирана преку институтот Џулиус – Кун од Германија која се однесува на стандардизираните процедури за инспекција на машините за апликација на пестициди и се одржува во Барселона, Шпанија, септември 2016.
- **Сашко Димитров**, посета на Меѓународен саем на техника – Белград и Саем за земјоделство – Нови Сад, мај 2016.
- **Сашко Димитров**, посета на Земјоделскиот факултет во Осиек, Република Хрватска, во склоп на активностите поврзани со проектот „Воведување на нови стандарди за задолжителна инспекција на машините и опремата за апликација на пестициди“, април 2016.
- **Славчо Цветков**, посета на Меѓународен саем на техника – Белград и Саем за земјоделство – Нови Сад, мај 2016.
- **Зоран Димитровски**, учество на работилница организирана преку институтот Џулиус – Кун од Германија која се однесува на стандардизираните процедури за инспекција на машините за апликација на пестициди и се одржува во Барселона, Шпанија, септември 2016.
- **Зоран Димитровски**, посета на Меѓународен саем на техника – Белград и Саем за земјоделство – Нови Сад, мај 2016.
- **Зоран Димитровски**, посета на Земјоделскиот факултет во Осиек, Република Хрватска, во склоп на активностите поврзани со проектот „Воведување на нови стандарди за задолжителна инспекција на машините и опремата за апликација на пестициди“, април 2016.
- **Зоран Димитровски,** учество на Вториот интернационален симпозиум за земјоделско инженерство кој ќе се одржи во Белград, Р.Србија.

# ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

**Вовед**

Извештајот за работата на деканот на Правен факултет за периодот од 15 септември 2015 до 15 септември 2016 година претставува сумирање на резултатите и осврт на реализираните цели и задачи кои произлегуваат од стратегијата за развој на факултетот.

– **Формирање на факултетот**

Правниот факултет е основан со Закон за основање на државен Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Сл.весник на РМ бр.40 од 30.3.2007 година) и согласно со чл.114 од Статутот на УГД – Штип е редовна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

– **Организациона поставеност на факултетот**

**Наставно-научен совет**

Наставно-научниот совет е стручен орган и орган на управување на Факултетот. Наставно-научниот совет го сочинуваат избраните редовни и вонредни професори, доценти, како и претставници на соработниците и студентите.

– **Декан - избор на декан**

Ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ проф. д-р Блажо Боев на ден 15.9.2015 година со Одлука дел.бр. 0204-968/8 од 15.9.2015 година го избра проф. д-р Јован Ананиев за декан на Правниот факултет. Со Одлука на Универзитетскиот сенат дел.бр. 0201-970/16 од 15.9.2015 година е потврдена Одлуката за избор проф. д-р Јован Ананиев за декан на Правниот факултет.

Во периодот од формирањето на факултетот во 2007 година до јуни 2011 година декан на Правниот факултет беше проф. д-р Стеван Алексоски.

За продекан на Правниот факултет со Одлука на Наставно-научниот совет дел.бр. 1602-150/7 од 3.10.2011 година е избран проф. д-р Љупчо Сотироски.

Подоцна за продекан на Правниот факултет со Одлука на Наставно-научниот совет дел.бр.1602-108/7 од 2.7.2013 год. е избрана доц. д-р Борка Тушевска.

Наставно-научниот совет на Правен факултет со Одлука дел бр.1102-237/2 од 17.9.2015 година за продекан на Правен факултет е избрана доц. д-р Олга Кошевалиска.

Наставно-научниот совет на Правен факултет со Одлука дел бр.1102-166/4 од 12.9.2016 година за продекан за замена на доц. д-р Олга Кошевалиска на Правен факултет е избрана доц. д-р Борка Тушевска.

**Структура**

– Број на вработени - наставници, соработници, административен кадар

| Ред. број | Презиме и име | Звање | Во редовен работен однос | Со договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Д-р Ананиев Јован | ред. професор | да | |
| 2. | Д-р Беловски Војо | ред. професор | да | |
| 3. | Д-р Камбовски Игор | ред. професор | да | |
| 4. | Д-р Денкова Јадранка | ред. професор | да | |
| 5. | Д-р Мајхошев Андон | ред. професор | да | |
| 6. | Д-р Стојановски Страшко | ред. професор | да | |
| 7. | Д-р Тушевска Борка | доцент | да | |
| 8. | Д-р Џамтоска Здравковска Сузана | доцент | да | |
| 9. | Д-р Кошевалиска Олга | доцент | да | |
| 10. | Д-р Маролов Дејан | доцент | да | |
| 11. | Д-р Мишева Кристина | доцент | да | |
| 12. | Д-р Никодиновска Крстевска Ана | доцент | да | |
| 13. | Д-р Амповска Марија | доцент | да | |
| 14. | Д-р Апасиев Димитар | доцент | да | |
| 15. | М-р Максимова Елена | асис. докторанд | да | |
| 16. | Д-р Витларов Тодор | насловен вонреден професор | / | да |
| 17. | Д-р Нанев Лазар | насловен вонреден професор | / | да |
| 18. | Д-р Илиевски Јован | насловен доцент | / | да |
| 19. | Д-р Попоска Жанета | насловен доцент | / | Да |
| 20. | Д-р Андоновски Јован | насловен доцент | / | да |
| 21. | Медарска Апостолова Љубица | секретар | да | / |
| 22. | Алчинова Маргарета | технички секретар | да | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23. | Максимова Мирјана | реф.на студентски прашања - Кочани | да | / |
| 24. | Ронкова Невенка | реф.на студентски прашања -Штип | да | / |
| 25. | Удовалиева Аница | реф.на студентски прашања -Струмица | да | / |

**Катедри**

Катедра по политички и правно-политички науки (раководител на катедрата е проф. д-р Јадранка Денкова)

Врши координација и развој на научноистражувачката и наставната дејност во сферата на државата, општеството, правните и политичките теории, процесите на управување, човековите права историскиот развој на категориите држава и право и општествените и политичките системи.

**Центар за правно-политички истражувања**

**Извештај за работата на Центарот за правно-политички истражувања**

- 19 nоември 2015 година. Во Свечената сала на Правниот факултет во Штип се одржа Трибина „ВЛИЈАНИЕ НА СТЕРЕОТИПИТЕ ЗА ПОЈАВА НА ДИСКРИМИНАЦИЈА, ГОВОР НА ОМРАЗА И КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА“. На Трибината се презентирани резултатите од истражување спроведено во текот на 2015 година од Центар за правно-политички истражувања при Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, во соработка со Правниот факултет „Јустинијан Први“- Скопје и Правниот факултет при државниот Универзитет во Тетово, поддржани од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. На Трибината свои излагања имаа доц. д-р Страшко Стојановски од Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, доц. д-р Лазар Јовевски од Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје; проф. д-р Јован Ананиев, декан на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, како и доц. д-р Жанета Попоска, од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, како и Елена Ѓоргоновска-Маневска, заменик-народен правобранител на Република Македонија. Исто така, во делот на презентацијата на резултатите од истражувањето, збор имаа и студентите на Правниот факултет во Штип, Никола Лазаревски и Александар Симонов.

- Декември 2015 година. Во издание на Центарот за правно-политички истражувања при Правниот факултет на Универзитетот „Гоце

Делчев“ -Штип, објавен е Зборникот на трудови од Втората меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“. Зборникот опфаќа 3 тома или 1.336 страници, со објавени трудови на македонски, англиски и руски јазик;

- 9 декември 2015 година. Во Свечената сала на Факултетот за образовни науки во Штип се организира Трибина „Идентитетот и етничката припадност во средниот век“. Трибината во партнерство ја организираат Центарот за правно-политички истражувања на Правниот факултет во Штип и Институтот за историја и археологија при Факултетот за образовни науки во Штип. На трибината излагање имаа д-р Дарко Стојанов од Институтот за национална историја во Скопје и доц. д-р Стојко Стојков од Институтот за историја и археологија при Факултетот за образовни науки во Штип.

- 10 март 2016 година. Во организација на Центарот за правно-политички истражувања во свечената сала на Правниот факултет во Штип се организира Трибина „ДЕН НА СЕЌАВАЊЕ: 73 ГОДИНИ ОД ДЕПОРТАЦИЈАТА НА ЕВРЕИТЕ ОД ШТИП“. Трибината ја модерираа доц. д-р Страшко Стојановски од Правниот факултет во Штип и д-р Александар Манојловски од Институтот за национална историја - Скопје. Трибината се состоеше од два дела. Во првиот дел свои излагања имаа проф. д-р Кирил Барбареев, проректор за настава на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Татјана Кокотова, помошник-директор на Гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип, д-р Владимир Јанев, „Евреите во Македонија во периодот на османлиското владеење“, д-р Александар Манојловски, Институт за национална историја - Скопје, „Еврејската заедница во Македонија во периодот на Втората светска војна“, Маја Суша, Сектор за истражување и архивирање на докуменатација, Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија, „Меморија и комеморација – предизвик на денешницата“. За време на паузата беше организирана изложба на фотографии „Еврејско маало во Штип“, хол на Правен факултет во Штип. Во вториот дел презентации имаа студенти од Правниот факултет во Штип и ученици во Средното општинско училиште „Славчо Стојменски“ - Штип. Холокаустот и Евреите во Втората светска војна (Марина Карова, студентка на Правен факултет во Штип); Холокаустот и Евреите во Литванија (Јута Лиуткевичиуте, Еразмус студентка од Универзитетот во Вилнус, Литванија); Еврејската заедница во Македонија (Филип Цуцковски, студент на Правен факултет во Штип); Еврејската заедница во Штип (Христина Спирова, студентка на Правен факултет во Штип); Ромската заедница во холокаустот (Ерол Адемов, НВО „Здружение на мултиетничко општество за човекови права – Штип“); Читање на извадоци од книгата „Штипските Евреи“ (Росана Бадева, Средно општинско училиште „Славчо Стојменски“ – Штип); Есеј на тема „Ние се сеќаваме“ (Марија Величковска, Средно општинско училиште „Славчо Стојменски“ – Штип); Читање на поезија „Маршот на

Евреите“ од Сеат Балтиќ (Росана Бадева, Средно општинско училиште „Славчо Стојменски“ – Штип).

- 20 април 2016 година. Во организација на Центарот за правно-политички истражувања на Правниот факултет во Штип и Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија, во Свечената сала на Правниот факултет во Штип се организира дебата Policy of Education: Quality vs Quantity. Поздравни обраќања на дебатата имаа проф. д-р Страшко Стојановски од Правниот факултет во Штип, доц. д-р Олга Кошевалиска, продекан за настава на Правниот факултет во Штип и м-р Флорида Реџепи од Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија. Во дебатата учествуваа студентите од Правниот факултет во Штип: Филип Кулаков, Ивана Стојанова, Христина Спирова, Ристо Чанев, Мартина Георгиева, како и Јута Лиуткевичиуте, Еразмус студентка од Литванија. Дебатата се реализира на англиски јазик.

- 21 април 2016 година. Во свечената сала на Правниот факултет во Штип се реализира работилница „Говор на омраза“. Работилницата ја водеше м-р Томе Шекерџиев од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, со учество на студентите на Правниот факултет во Штип: Александар Симонов и Никола Лазаревски. Како слушатели на работилницата присуствуваа студенти од прва година на Правниот факултет во Штип и ученици од Средното општинско училиште „Славчо Стојменски“ во Штип.

- 5 мај 2016 година. Студентите од Правниот факултет при УГД дебатираа меѓусебно на темата „Позитивни и негативни страни на мигрантската криза во Европа“. На оваа јавна дебата студентите ги анализираа аргументирано сите страни на овој комплексен проблем со кој се соочува Европа, но и Македонија. Студентите од Правниот факултет при УГД дебатираа меѓусебно на темата „Позитивни и негативни страни на мигрантската криза во Европа“. На оваа јавна дебата студентите ги анализираа аргументирано сите страни на овој комплексен проблем со кој се соочува Европа, но и Македонија. Студентите од сите години на Правниот факултет беа поделени во два тима, едните кои тврдеа дека мигрантската криза има повеќе негативни од позитивни страни, а другиот тим токму спротивното. Во тимот на афирмативците, односно оние кои сметаат дека миграцијата треба да биде дозволена и да се пропуштаат мигрантите, учествуваа Сања Саздова, Мануела Велкова и Ивана Коцева, а во негативниот тим учествуваа Љупка Спирова, Александра Трајкова и Трајче Арсов. Дебатата ја модерираше студентката Мартина Георгиева. Дебатата беше под менторство на професорот д-р Страшко Стојановски.

- 9 мај 2016 година. Денот на Европа - 9 мај беше одбележан на Универзитетот „Гоце Делчев“ со промоција на изданијата на Центарот за правно-политички истражувања на Правниот факултет. Беа промовирани книгите „Од милет до нација, создавање на нациите и национализмите

на Балканот“ од проф. д-р Страшко Стојановски, чиј промотор беше проф. д-р Марија Ташева, „Односот меѓу вредностите и политиките на Европската Унија низ призмата на нејзината надворешна политика“ од доц. д-р Ана Никодиновска-Крстевска, промотор доц. д-р Олга Кошевалиска, и книгата „Зошто идеологијата е важна“ од група автори, како и зборниците од Првата и Втората меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, кои во 2014 и 2015 година се одржаа на Правниот факултет, чиј промотор беше деканот на Правниот факултет проф. д-р Јован Ананиев.

- 12 мај 2016 година. „Распадот на Југославија – 25 години подоцна“ беше темата на трибината што ја организираше Центарот за правно-политички истражувања на Правниот факултет на УГД. На трибината, пред студентите на Правниот факултет говореа доц. д-р Дејан Маролов, проф. д-р Тодор Чепрганов и проф. д-р Страшко Стојановски од Правниот факултет при УГД, како и проф. д-р Славејко Сасајковски од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.

- Август 2016 година. Од печат излезе дополнителното издание, том четири, на Зборникот на трудови од Втората меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, која се реализираше на Правниот факултет во Штип во 2015 година. Во истиот се поместени петнаесетина трудови објавени на македонски, англиски и на руски јазик.

- 1 и 2 септември 2016 година. Во организација на Центарот за правно-политички истражувања на Правниот факултет во Штип се реализира Третата меѓународна научна конференција: Општествените промени во глобалниот свет. На конференцијата учество земаа повеќе од стотина истражувачи од 15 земји во светот. Истата се одвиваше во неколку работни секции: право, општество, политика и медиуми и комуникации. Во рамките на свеченото отворање на конференцијата свои обраќања имаа: проф. д-р Блажо Боев, ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, проф. д-р Јован Ананиев, декан на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Зоран Караџовски, претседател на Судскиот совет на Република Македонија, како и Стојанче Рибарев, претседател на Апелациониот суд во Штип. Конференцијата беше поддржана од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерството за образование и наука при Владата на Република Македонија.

## АКТИВНОСТИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ

- Во организација на Правниот факултет во Штип и Амбасадата на САД во Р. Македонија, во понеделник, 14 декември 2015 година, од 14.30 часот во свечената сала на Правниот факултет во Штип се одржа **предавање на Charles Wintermeyer, на тема “Staffing a Government: The US Experience with Political Party Staffing v. a Professional Civil Service”.**

- Во текот на периодот 2015/2016 година студентите на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип реализираа повеќе **организирани посети на институции**: Уставниот суд на Република Македонија, Управниот суд на Република Македонија, Македонската берза, Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Јавното обвинителство на Република Македонија, Казнено-поправната установа во Штип, Основниот и Апелациониот суд во Штип и др.

- На 22 март 2016 година, предавање на Правниот факултет во Штип одржа неговата екселенција **Чарлс Герет, амбасадор на Обединетото Кралство во Република Македонија**. Покрај присутните студенти, на предавањето присуствуваа и професори и асистенти на Правниот факултет. Предавањето се однесуваше на работата на британската дипломатија во 21 век.

- На 20 април 2016 година на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **предавање одржа амбасадорот на Кралството Белгија во Софија и вршител на должноста амбасадор во Република Македонија, г-ѓа Аник Ван Калстер.** Предавањето се однесуваше на политичкиот систем во Кралството Белгија, регионална соработка – Белгија, Холандија и Луксембург како одличен пример на регионална соработка преку заедницата Бенелукс и пренесување на искуствата кои може да бидат интересни за земјите-кандидати за членство во Унијата, но и во поглед на нивната соработка со земјите кои веќе се членки на Унијата.

- Предавање пред студентите на Правниот факултет, на 3 мај 2016 година, одржа **амбасадорот на Соединетите Американски Држави во Република Македонија г-дин Џес Бејли**. Предавањето, кое се реализира во свечената сала на Правниот факултет, се однесуваше на изборниот систем и изборите во САД. Притоа беа понудени повеќе конкретни примери на анализа на гласачкото однесување поврзани со последните Претседателски избори во САД.

- **Летна школа на тема „Човекови права и кривично право“** се организираше од 21 до 27 јули во Охрид, а ја организираа правните факултети при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Државниот

универзитет во Тетово, поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Во подготвителниот период беше формиран Организационен одбор на Школата, кој го сочинуваа: проф. д-р Јован Ананиев и проф. д-р Страшко Стојановски од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, проф. д-р Агим Нухиу и проф. д-р Насер Адеми од Државниот универзитет во Тетово и доц. д-р Жанета Попоска и м-р Томе Шеќерџиев од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Конкретните цели на Школата беа следниве:

1. Подобрување на знаењата во доменот на човековите права, ефикасни институции, ефикасно носење на политички одлуки, кривичното право и моделите за добро управување и меѓуетнички односи;
2. Подобрување на вештините за ефикасно препознавање на клучните предизвици во областа на човековите права и кривичното право и предлагање на модели за нивно надминување;
3. Зголемување на чувствителноста и свесноста на студентите за прашања кои се однесуваат на антидискриминацијата, намалувањето на говорот на омраза, феноменот на криминал од омраза и почитувањето на етничката, јазичната и религиозната различност;
4. Развивање на вештини за критичко размислување во процесот на учење на предмети во областа на правните и политичките науки и социологијата;
5. Вмрежување меѓу студентите од различни правни факултети, како потенцијал за идни активности иницирани од нивна страна во коишто може да се јават како носители на истите;
6. Кумулација и трансфер на ЕКТС кредити меѓу универзитетите.

Темите кои се обработуваа се однесуваат на човековите права, меѓу другото и заштитата од дискриминација, говорот на омраза и криминалот од омраза, правата на жените, децата и лицата со попреченост, правото на работа, меѓународниот систем на правна заштита на човековите права, како и теми поврзани со кривичното материјално и процесно право. Исто така, беа вклучени и теми кои се однесуваат на мултикултурализмот и моделите на градење доверба во мултиетничко општество. Програмата беше поделена на две секции: Човекови права и Кривично право. Во секцијата Човекови права учествуваа 20 студенти, а во секцијата Кривично право учество земаа 25 студенти. Студентите полагаа и завршен испит со цел да се потврди нивното стекнато знаење и сите се стекнаа со сертификати за учество. Сертификатите беа издадени од страна на Мисијата на ОБСЕ, Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип и Државниот универзитет во Тетово. **На Летната школа како предавачи учествуваа**:

1. *проф. д-р Ферат Полиси*, редовен професор и декан на Правниот факултет при ДУТ;
2. *проф. д-р Страшко Стојановски*, вонреден професор на Правниот факултет при УГД;
3. *доц. д-р Ана Никодиновска-Крстевска*, доцент на Правниот факултет при УГД;

4. *доц. д-р Жанета Попоска*, офицер за владеење на право при Мисијата на ОБСЕ во Скопје и доцент на Правниот факултет при УГД;
5. *доц. д-р Агим Нухиу*, доцент на Правниот факултет при ДУТ;
6. *проф. д-р Јован Ананиев*, редовен професор и декан на Правниот факултет при УГД;
7. *проф. д-р Лазар Нанев*, вонреден професор на Правниот факултет при УГД, судија;
8. *проф. д-р Сеадин Џафери*, професор на Економскиот факултет при ДУТ;
9. *м-р Томе Шеќерџиев*, офицер за владеење на право при Мисијата на ОБСЕ во Скопје;
10. *проф. д-р Насер Адеми*, редовен професор на Правниот факултет при ДУТ;
11. *доц. д-р Лазар Јовевски*, доцент на Правниот факултет при УКИМ;
12. *проф. д-р Васфи Доко*, редовен професор на Правниот факултет при ДУТ;
13. *м-р Славица Чубриќ*, постар правен асистент при Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

• Студенти на новинарство од Универзитетот „Гоце Делчев“ учествуваа на **двомесечен Курс за истражувачко новинарство во областа на човековите права и правосудството**. Овој курс има за цел да обучи 20-30 студенти или млади новинари да бидат подготвени за пишување квалитетни истражувачки стории. За таа цел Институтот за човекови права во координација со апликантот и трите медиумски соработници (ТВ Телма, ТВ Нова и Фокус) направи избор од 8-10 експерти (искусни новинари и експерти за човекови права) кои беа задолжени за спроведување на обуката. По завршувањето на дводневните обуки на секој од трите универзитети кои беа вклучени: Државниот универзитет во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, учесниците кои успешно ја поминаа обуката имаа можност да се пријават за учество во понатамошниот дел од овој курс, а оние кои сакаа да бидат дел од понатамошните чекори имаа за задача да испратат синопсис за истражувачка сторија. Од пристигнатите апликации беа избрани 30 студенти кои беа на дводневен тренинг, кој се одржа од 10 до 12 јули во Охрид, на кој предавачи беа Борјан Јовановски, Боби Христов и Јадранка Костова. На овој тренинг беа обработени следните теми: основи на истражувачко новинарство, слободен пристап до информации од јавен карактер, заштита на човековите слободи и права преку истражувачко новинарство, работа на случаи во мали групи и други теми избрани од експертите. Следниот чекор беше еднодневниот тренинг на 14 јули во Скопје на кој експертите Мери Јордановска, Сашка Цветановска, Бојан Маричиќ и Воислав Стојановски обработија и други теми, како: истражувачко новинарство преку следење на движењето на парите, развивање на бази на податоци и користење на податоците од дата базата, присуство на јавноста во спроведување на кривични постапки,

работа на случаи во мали групи, слобода на изразување, говор на омраза и ограничување на слободата на говорот во судската пракса на Европскиот суд за човекови права, етички дилеми во истражувачкото новинарство и др. По завршување на првиот дел од летниот Курс по истражувачко новинарство од областа на човековите права и правосудството студентите преку предлог-истражувачки стории конкурираа за пракса во медиумите. Следните чекори се доработување на сториите и проверка од менторите, при што по следното дооформување на сториите тие ќе им бидат испратени на другите ментори, на следниот дводневен курс во Охрид ќе им бидат дадени забелешки за тоа како да ги подобрат сториите. На крај комисијата ќе одбере 9 студенти кои ќе имаат двомесечна пракса во Фокус, ТВ Телма и ТВ Нова, но и тројца најдобри. На 22 септември во Скопје се одржа свечена конференција на која беа доделени сертификати за успешно завршениот курс. Во рамките на завршната конференција која се одржа во хотелот „Арка" во Скопје, на Наташа Ристеска, студентка во втора година на групата Новинарство и односи со јавноста при Правниот факултет, ѝ е доделена втора награда за истражувачката сторија „Дислексијата кај децата во образовниот процес во Република Македонија".

- Со цел да се продлабочи соработката помеѓу правните факултети при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и Универзитетот во Ниш, Р. Србија, на 2 септември 2016 година беше потпишан Договор за соработка. Договорот го потпишаа двајцата декани, од Правниот факултет во Ниш проф. д-р Саша Кнежевиќ и проф. д-р Јован Ананиев, декан на Правниот факултет при УГД.

Договорот предвидува продлабочување на веќе воспоставената меѓууниверзитетска соработка во сферата на правото, политичките науки и новинарството и односите со јавноста. Оттука, дополнително ќе се подготвуваат заеднички активности кои би се однесувале на истражувања, симулирани судења, дебати и трибини, заеднички предавања, како и други настани и активности во доменот и фокусот на интерес на наставничкиот и соработничкиот кадар, но и активности во кои примарно би биле вклучени студенти од двата факултети.

- Во просториите на Државниот универзитет во Тетово, на 3 октомври 2016 година, се одржа **Првата конференција наменета за студентите на правните факултети во Република Македонија**. Конференцијата со наслов „Социјална стабилност, владеење на правото и недискриминација" е организирана од студентите на правните факултети при Државниот универзитет во Тетово и Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, а поддржана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Покрај учесници од партнерските правни факултети, на Конференцијата учествуваа и студенти од Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и правните факултети при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола и Универзитетот на Југоисточна Европа.

Од името на Правниот факултет при УГД обраќање имаше проф.

д-р Страшко Стојановски, додека од името на Организациониот одбор се обрати студентката Елена Трајковска.

Во делот на клучни излагачи обраќање имаа Бојана Трајчева и Трајче Арсов, студенти на Правниот факултет во Штип. Во четирите панел-дискусии посветени на владеење на правото, недискриминација, говор на омраза и социјална еднаквост учествуваа 15 студенти од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

- Во декември 2015 год. на Правниот факултет при УГД се одржа симулирано судење на кривичен процес на кое учествуваа студенти од пет правни факултети од државава. Настанот значеше предворје на проектот **„Денови на симулирано судење”**, поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Македонија. Имено, проектот претставува соработка помеѓу катедрите по казнено право од Правен факултет при УГД, „Јустинијан Први” при УКИМ, Државен универзитет во Тетово, Универзитет на Југоисточна Европа и Правен факултет при УКЛО. Проектот е со натпреварувачки дух.

Студентите го претставуваат сопствениот универзитет преку симулација на кривично судење кое ќе биде валоризирано од страна на судии од Врховен суд на РМ, во улога на судии и за овој натпревар.

Судиите ќе ценат ораторски вештини на студентите, познавање на материјата, тимската работа, изработените списи од кривична материја потребни за спроведување на едно судење од областа, перформансите и снаоѓањето во соодветните улоги на судии, обвинители, бранители, вештаци, сведоци и сл. како и умешноста да го финишираат зададениот предмет врз презентираните докази почитувајќи ги сите принципи на правично судење.

Студентите во процесот се предводени од предметните професори и ментори. Во нашиов случај насл.вон.проф.д-р Лазар Нанев, доцент д-р Олга Кошевалиска и како асистент на проектот асс. докторанд Елена Максимова. Професорите се воедно и главни виновници за реализирање на целиот проект воопшто.

Од почетокот на работењето предвидени се четири работни средби на факултетите, од кои досега се реализирани две, за распределба на предмети и упатување на студентите во процесот. Престои последната за вежбање на сработеното и доусовршување и финалната во декември на која ќе се реализира натпреварот. Овој настан е од особена важност за развивање на соработката помеѓу катедрите по кривично право во државава, а и за целокупното кривично право воопшто, бидејќи значи негување на праксата уште во зародишна универзитетска фаза.

- Во април годинава (13.4.2016 год.) се одржаа традиционалните шести по ред **Ораторски вечери на Правен факултет**. Ораторството како базична вештина на секој академски граѓанин мора да биде негувана, особено и првенствено од правниците. Предводени од таа идеја, клубот на оратори „Rostra Vetera“ при Правен факултет на УГД и Правен факултет

при УГД ја организираа годинашнава Ораторска вечер која беше отворена за пријавување на сите студенти од Универзитетот, не само за правниците. На наше огромно задоволство, учество зедоа студенти од Машински факултет, Економски факултет, Филолошки, факултет, Факултет за медицински науки и сл. Студентите се натпреваруваа во три категории: категорија *Историски говори*, интерпретација на познати говори низ историјата, категорија на зададена тема *Pro и contra* и категорија *Слободни говори* во која студентите говореа за секојдневните студентски проблеми и актуелни државни теми. Оваа година имаше три први места, односно беше предвидено да се избира победник од секоја категорија. Поддржани од Ректорската управа на УГД, тројцата наградени – Никола Велков (Правен факултет - Штип), Елена Трајковска (Правен факултет - Струмица) и Ивана Атанасова (Филолошки факултет) се здобија со парична награда од по 4.000 денари, комплет книги од автори – професори на Правен факултет при УГД, како и помали награди од спонзори кои ги најдоа самите учесници.

Лабораториите се, исто така, опремени со современа опрема и апаратура за потребните наставни активности и реализирање на практичните лабораториски вежби. Во процесот на студирањето на располагање е најразлична лабораториска опрема во студентските лаборатории: микроскопи, бинокуларни, хемикалии, стакларија, инструменти, подлоги и др. Преку одличната компјутерска опременост се овозможува постојан и широк пристап кон потребните информации за студентите и за вработените на факултетот.

За поуспешно спроведување на наставниот процес и подобар квалитет при студирањето, факултетот располага и со опитни и производни површини кои се наоѓаат во Амзабегово, на кои може да се организира теренска настава преку која студентите директно на терен можат да се запознаат со одредени процеси и техники кои се предмет на студиските програми. Секоја година се потпишува и договор со поголемите земјоделски фирми во Македонија, каде што студентите одат на еден месец задолжителна пракса.

Студентите од Земјоделскиот факултет, како и од сите и други единици, имаат бесплатен пристап до универзитетските изданија на скрипти и учебници публикувани од наставничкиот кадар на е-библиотеката на УГД.

Е-библиотеката е достапна за сите корисници во системот на УГД на линкот http://e-biblioteka.ugd.edu.mk. Студентите, исто така, можат да го користат и богатиот книжен фонд од современа научна и стручна, домашна и странска литература од универзитетската библиотека.

Е-системот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип досега се покажа како многу корисна алатка и помош на студентите при нивното студирање.

На Земјоделскиот факултет, како и секоја година така и во периодот на студиската 2015/16 г., активно беше користена платформата на е-учење каде што постојано се ажурираат предавањата и литературата за збогатување на наставнта содржина.

- **Структура: број на вработени - наставници, соработници, административен кадар**

| Ред. бр. | Презиме и име | Звање | Во редовен работен однос | Со договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Митрев Саша | редовен професор | | |
| 2. | Каров Илија | | | |
| 3. | Илиева Верица | | | |
| 4. | Михајлов Љупчо | | | |
| 5. | Колева Гудева Лилјана | | | |
| 6. | Димовска Виолета | | | |
| 7. | Кузелов Ацо | вонреден професор | | |
| 8. | Спасова Драгица | | | |
| 9. | Ѓорѓиевски Милан | | | |
| 10. | Спасов Душан | | | |
| 11. | Илиевски Мите | | | |
| 12. | Иванова – Петропулос Виолета | | | |
| 13. | Трајкова Фиданка | доцент | | |
| 14. | Илиева Фиданка | | | |
| 15. | Костадиновиќ Величковска Сања | | | |
| 16. | Арсов Емилија | | | |
| 17. | Балабанова Биљана | | | |
| 18. | Маркова Руждиќ Наталија | | | |
| 19. | Ковачевиќ Билјана | виш лаборант | | |
| 20. | Атанасова Билјана | лаборант | | |
| 21. | Златковски Васко | виш лаборант | | |
| 22. | Давитковска Барбареева Елизабета | секретар | | |
| 23. | Бикова Ангела | администрација | | |
| 24. | Асенов Мичев Горги | насловно звање вонреден професор | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25. | Пресилски Стевче | редовен професор / надворешен соработник | | |
| 26. | Силвана Пашовска | доцент / надворешен соработник | | |
| 27. | Зајкова Панова Весна | виш лаборант | | |
| 28. | Каракашева Елизабета | виш лаборант | | |
| 29. | Арсова Јулијана | лаборант | | |
| 30. | Пенева Емилија | лаборант | | |
| 31. | Боев Иван | референт на студентски прашања | | |
| 32. | Јосифов Иван | референт на студентски прашања | | |
| 33. | Удовалиева Аница | референт на студентски прашања | | |
| 34. | Наташа Маџоска | референт на студентски прашања | | |

**Наставно-соработнички кадар (во редовен работен однос)**

- Редовни професори 6
- Вонредни професори 6
- Доценти 6
- Виш лаборант 4
- Лаборант 3

**Административен кадар**

- Администрација 1
- Референт на студентски прашања 4
- Правен секретар 1
- Економ 1
- Чувари 3
- Хигиеничари 2

**Катедри во состав на факултетот**

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, организационата структура на Земјоделскиот факултет е поставена со 6 катедри.

Тековната поставеност на факултетот е со 6 катедри - основни организациони единици во функционирањето на факултетот кој пак од друга страна е интегрален дел од организационата структура на Универзитетот.

Катедри на Земјоделскиот факултет се:

- Катедра за заштита на растенијата и животната средина;
- Катедра за растително производство;
- Катедра за прехранбена технологија и преработка на анималните производи;
- Катедра за наука на земјиштето и хидрологија;
- Катедра за лозарство и овоштарство;
- Катедра за растителна биотехнологија.

**Катедра за заштита на растенијата и животната средина**

Основната задача и дејност на Катедрата е да обезбеди квалитетно и современо образование на студентите од 1, 2 и 3 циклус на студии.

Научноистражувачкиот интерес на оваа катедра е насочен кон теренски и лабораториски анализи за дијагностика на патогените причинители на болести кај различни земјоделски култури, како и воспоставување најсоодветна заштита од истите; идентификација и детерминација на растителните болести, штетници и плевели; користење на современи техники и методи за дијагностицирање на присуството на бактерии, габи, вируси и инсекти во растителен материјал и во почва; изведувањето на соодветни тестови за биолошка и хемиска заштита на растенијата.

Една од главните цели на истражувачката работа е овозможување на пренос на знаењето од областа на заштитата, интерпретација на добиените резултати, како и начин на примена на заштитни мерки.

Катедрата за заштита на растенијата и животната средина во состав на Земјоделскиот факултет, при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, спроведува и има планирано повеќе тековни и идни активности во наведениот период.

Во рамките на првиот циклус на студии на Земјоделскиот факултет, Катедра за заштита на растенијата и животната средина се држи настава по предметите дадени во табела 2.

**Табела 2**. Предмети на првиот циклус студии на Земјоделскиот факултет при УГД – Штип

1. Фитопатологија
2. Ентомологија
3. Заштита во градинарството
4. Заштита на виновата лоза
5. Заштита во поледелството
6. Специјална ентомологија
7. Микологија
8. Бактериологија
9. Вирологија
10. Хербологија
11. Нематологија
12. Фитофармација
13. Анатомија и физиологија на болните растенија
14. Отпорност на растенијата
15. Биолошка заштита

Покрај тоа, вработените од КЗРЖС се ангажирани и во наставата на вториот циклус студии на Земјоделскиот факултет по следните предмети (табела 3).

**Табела 3.** Предмети на кои вработените од КЗРЖС држат настава на вториот циклус студии на Земјоделскиот факултет при УГД-Штип

1. Фитофармација
2. Анатомија и физиологија на болните растенија
3. Отпорност на растенијата
4. Лабораториска практика 1
5. Биолошка заштита
6. Лабораториска практика 2
7. Молекуларна биологија
8. Општа фитопатологија
9. Општа ентомологија
10. Општа хербологија
11. Микологија
12. Вирологија
13. Бактериологија
14. Специјална ентомологија
15. Специјална хербологија
16. Болести и штетници на поледелските растенија
17. Фитопатологија
18. Заштита на виновата лоза 2
19. Основи на фитофармацијата

Освен предвидените програми за редовно одржување на наставниот процес на прв, втор и трет циклус студии на Земјоделскиот факултет при УГД Штип, тековно се спроведуваат и ќе се спроведуваат активностите поврзани со научните и стручно-апликативните проекти, како и други научноистражувачки активности.

**Програма за ангажман на вработените на КЗРЖС во научноистражувачката работа на Земјоделскиот факултет**

Во текот на 2015/16 година наставно-научниот кадар од Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, поради активностите кои ги презема во полето на проучувањето на патогените и заштитата на растенијата, ќе има можност за апликација за учество во проекти – како домашни така и меѓународни билатерални проекти.

Преку тековните проектни активности се планира да се направат студиски престои во престижни лаборатории и научноистражувачки центри со цел да се подигне нивото на обученост на истражувачкиот кадар во лабораторијата.

Исто така, наставничкиот и соработничкиот кадар во наредниот период ќе земаат учество на домашни и меѓународни научни собири од областа на заштитата на растенијата и животната средина, а тоа ќе резултира со објавување на резултатите во домашни или меѓународни списанија.

Научноистражувачкиот интерес на оваа Катедра е насочен кон:

1. Теренски и лабораториски анализи за дијагностика на патогените причинители на болести кај различни земјоделски култури;
2. Воспоставување најсоодветна заштита од истите;
3. Идентификација и детерминација на растителните болести, штетници и плевели;
4. Користење на современи техники и методи за дијагностицирање на присуството на бактерии, габи, вируси и инсекти во растителен материјал и во почва;
5. Изведувањето на соодветни тестови за биолошка и хемиска заштита на растенијата;
6. Научноистражувачки престој на дел од вработените на катедрата со цел воведување на нови методи на работа.

Во Катедрата за заштита на растенијата и животната средина наставно-научниот кадар го сочинуваат:

- Проф. д-р Саша Митрев - раководител (редовен професор)
- Проф. д-р Илија Каров (редовен професор)
- Проф. д-р Душан Спасов (вонреден професор)
- Доц. д-р Емилија Арсов (доцент)

– М-р Билјана Ковачевиќ (виш лаборант)
– Д-р Билјана Атанасова (лаборант)
– Јулијана Арсова (лаборант)
– М-р Васко Златковски (виш лаборант)
– Ангела Бикова – администрација.

Во рамките на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина активно функционира лабораторијата – **УНИЛАБ**, со старото име Лабораторија за заштита на растенијата и животната средина, променето од Институтот за акредитација на барање на раководителот на лабораторијата).

Во рамките на УНИЛАБ постојат следниве оддели:

- Оддел за заштита на растенијата
  - Одделение за бактериологија и вирологија
  - Одделение за микологија
  - Одделение за ентомологија и нематологија
  - Одделение за хербологија
  - Одделение за фитофармација
- Оддел за контрола на семе и саден материјал
- Оддел за животна средина
  - Одделение за истражување на животната средина
  - Одделение за агрохемија и исхрана на растенијата
  - Одделение за микробиологија на животна средина

За своите долгогодишни клиенти, Лабораторија продолжува со своите анализи:

– агрохемиски анализи на почвата и давање на соодветни препораки за ѓубрење и прихрана на растенијата;
– испитување на присуство макро и микро елементи, тешки метали и елементи во траги и резидуи од пестициди во различни медиуми, како што се: почвата, водата и растителниот материјал, утврдувањето на активните материи во пестицидите, утврдувањето на застапеноста на хранливите елементи во ѓубривата;
– анализа на квалитетот на семенскиот и садниот материјал, утврдување на генетски модифицирани организми;
– детерминација и идентификација на присуството на болести и штетници кај растенијата и складираните земјоделски производи;
– утврдување на биолошката ефикасност на пестицидите;
– квалитативно и квантитативно определување за присуство на микотоксини во растителните производи.

Во текот на 2015 година, лабораторијата континуирано ќе продолжи со давање услуги на правни и физички лица за апробација на семенски посеви, различни експертизи, стручни совети, препораки и мислења поврзани со земјоделското производство, преработката и чувањето на земјоделските производи.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО 2015/2016 ГОДИНА

### Катедра за заштита на растенијата и животната средина

### Извештај за работата на лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина- одделение за бактериологија и вирологија

Во изминатата 2015/16 година, стручниот тим од лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина – одделение за Бактериологија и вирологија, континуирано ја следеше состојбата на терен како кај култивираните растенија - градинарските култури, овошните насади и виновата лоза, така и кај дивата популација на растенија.

Теренските истражувања направени на целата територијата на Република Македонија ја потврдија појавата на патогени причинители на болести кај различни култури, застапени со различен интензитет.

По секоја теренска анализа во лабораторијата беа донесени примероци за анализа за да се докаже присуството / отсуството на патогени кај испитуваните култури и да се изврши нивна соодветна детерминација.

Теренските анализи на здравствената состојба на виновата лоза беа следени на ниво на целата држава, со посебен осврт на Тиквешкото виногорје, но и на другите поголеми и помали локалитети под лозов насад, кои беа следени од магистранд дипломиран инженер Биљана Тучковска, која работи во рамките на нејзината магистерска тема. Континуирано беше следено присуството на фитоплазматски и вирусните промени кај различни сорти на винова лоза, но најинтензивно беа следени винските сорти вранец, црн бургундец, шардоне и смедеревка, кај кои симптомите и економските штети беа најмногу изразени.

Магистерската тема е под менторство на доц. д-р Емилија Арсов.

Лабораториските техники на изолација и идентификација на фитоплазматски причинители на болести го потврдија присуството на 16SrXII група на фитоплазми – *Bois noir* – столбур (црно дрво), фитоплазма која по својата природа не е карантинска, но тоа не значи дека неможе да предизвика економски штети.

Присуството на вирусите кај новиот саден материјал како и за прв пат подетално е испитувано во Одделението за вирологија при Лабораторијата

за заштита на растенијата и животната средина. Лабораториски беше потврдено присуство на вирусот на свиткување на листовите кај виновата лоза – *Grapevine leaffroll virus* кој во литература се јавува со досега потврдени 9 соеви, од кои кај нас ги има GLRaV1 и GLRaV3, GVA и GFkV.

Исто така, магистранд Галина Иванова активно работеше на терен во следење на состојбата со фитоплазматската симптоматологија кај градинарските култури, под менторство на доц. д-р Емилија Арсов.

Во Одделението за бактериологија и вирологија беше следена состојбата со насадите под слива, каде што беше потврдено присуство на вирусот на шарка на сливата (*Plum pox viruses*). Овој вирус беше потврден со универзална група на серуми за детекција на вирус на шарка кај сливата (со користење на универзални китови на BIOREBA). Присуството на овој вирус беше забележано кај повеќегодишни насади од слива со следење на состојбата на вирусот почнувајќи од мај до септември. За да се одреди концентрацијата на вирусот за време на латентниот период во декември од маркирани позитивни овошки на вирусот на шарка на сливата беа собирани заспани пупки и кај нив беше потврдено присуството на вирусот со иста концентација.

Покрај фитоплазматски промени кај виновата лоза и градинарските култури беа направени комплетни теренски и лабораториски истражување со контрола на фитоплазматскиот статус кај пченката (*Zea mays* L.), кај која култура, исто така, беа забележани овие промени но испитувањата се во тек и ќе продолжат во наредната година.

Успешно реализиран план за магистерска тема на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина и продолжување понатаму до финален производ беше темата на Јулијана Арсова, лаборант во лабораторијата под катедрата УНИЛАБ под наслов „Присуство на бактериска пламеница кај дуња во Република Македонија“, под менторство на проф. д-р Саша Митрев.

**Одделение за микологија**

Во периодот 2015 – 2016 година стручниот тим од Одделението за микологија ја следеше појавата на микозни заболувања во најзначајните земјоделски региони во земјата како Скопје, Куманово, Кочани, Штип, Пробиштип, Свети Николе, Прилеп, Битола и Струмица. Од почеток на вегетацијата е следена здравствената состојба на пченицата, јачменот, оризот, сончогледот, доматот и пиперката, краставицата, оревот и др.

Кај пченицата е забележано присуството на септориоза со анаморфниот стадиум *Septoria tritici* и телеоморфниот стадиум *Micospherella graminicolla,* пепелница (*Blumeria graminis*) и ’рѓа (*Pucinia graminis*). Кај јачменот освен присуството на пепелница и ’рѓа е забележано присуство и на фитопатогените габи *Rhynchosporium secalis* и *Pyrenophora graminea*.

Поради употребата на хемиска заштита интензитетот на споменатите болести е слаб и истите не предизвикуваат значајни економски штети. Кај оризот е забележано присуството на *Fusarium spp*. (анаморф *Giberella fujikuroi*) причинител на болеста гигантизам кај оризот и *Magnaporthae grisea* (анаморф: *Pyricularia grisea* (Cooke) Sacc.). Со исклучок на одделни парцели каде што не е спроведена соодветна заштита, овие болести се забележани со слаб интензитет. Кај сончогледот здравствената состојба е иста како и претходната година. Забележано е присуството на *Sclerotinia sclerotiorum*, *Macrophomina faseolina* и *Phomopsis* spp. со слаб интензитет. Кај градинарските култури, а пред сè кај доматот, пиперката и краставицата најголем проблем претставува пламеницата *Phytophthora* spp. чијшто напад беше забележан и оваа година. Во пластеничкото производство е забележано присуство на *Botrytis* spp., а на одделни парцели, пред сè кај краставицата, а поретко и кај пиперката е забележано присуството на *Sclerotinia* spp.

Генерално може да се каже дека во периодот 2015/2016 година не е забележан посилен напад од некој патоген кој би можел да предизвика значајни економски штети кај производителите, ниту пак е забележано присуство на некој нов патоген кој досега не е забележан на територијата на Република Македонија.

**Одделение за ентомологија**

Одделението за ентомологија е во состав на УНИЛАБ. Лабораторија е во два дела, едниот за изведување на наставата (вежби) за студентите од Земјоделскиот факултет. Во другиот дел е сместена опремата за научни истражувања. Во лабораторијата за ентомологија наменета за научни истражувања се работи на проучување на симптомите предизвикани од штетниците кај културните растенија и нивно распознавање, детерминација на штетниците кои се јавуваат кај различни култури, а пред сè кај градинарските, житните, овошките и виновата лоза. Во лабораториските услови се врши тријажа на материјалот уловен од терен, кој потоа се подготвува за детерминација и за чување во ентомолошки кутии.

При теренските и лабораториските истражувања беше утврдено константно присуство на два вида трипси *Thrips tabaci* и *Frankliniella occidentalis*, со јак интензитет кај сите градинарски култури (домати, пиперка, зелка, краставица). Беше забележано и присуство со јак интензитет од *Tuta absoluta* и белокрилката – *Trialeurodes voporariorum* кај доматите, со јак интензитет беше и присуството на памуковата совица – *Helicoverpa armigera* и метлицата *Loxostega sticticalis* како штетници на пиперката и доматите.

Во лабораторијата за ентомологија беа направени испитување за утврдување на штетници кај праска и домати на донесени мостри од

Државниот инспекторат за земјоделие.

Во составот на одделението се проучуваат и основните карактеристики на нематодите. Оваа група на паразити предизвикуваат штети кај земјоделските култури со сличен интензитет, како и патогените бактерии и габи, па токму поради тоа проучувањето на оваа група е многу значајна за заокружување на истражувањата во полето на заштитата на растенијата.

**Апликативна работа на опитен центар – Струмица во 2015/2016 година**

**Обнова и одржување на сортите од пченица и јачмен во 2015/2016**

Во 2016 година е извршен индивидуален избор од сортата пченица *мила* од којшто се собрани 6.000 класа.

Во 2015/2016 година имавме засеано линии 6.000 класа за обнова на семенски материјал од пченица сорта *мила*, од кој се добиени 500 kg семенски материјал. Добиениот семенски материјал од линиите ќе послужи како материјал за добивање предосновно семе во наредната 2016/2017 години.

Во 2015/2016 година на површините од УГД Земјоделски факултет, Штип, Опитен центар - Струмица, посеано и добиено:

Основно семе (О.С):

Пченица: мила, добиено 8.400 кг

**Сертифицирано семе 1 генерација ($C_1$):**

Мека пченица: мила, добиено 50.000 кг.

Јачмен: хит, добиено 14.000 кг

**Оддел за контрола на квалитет на храната**

Одделот за контрола на квалитет на храната располага со еден потенциостат Autolab 128 N, еден Palmsense микропотенциостат, микробранова печка, ранцимат Methrom-инструмент за мерење на стабилноста на маслата, а во постапка е и набавка на дополнителна опрема за анализа на вино, како и автоматски потенциометриски титратор. Главните цели на Одделот за контрола на квалитетот на храната се испитување на квалитативниот и квантитативниот состав на масло и производи од масло, релевантни параметри за квалитетот на виното (содржина на алкохол содржина на шеќери, содржина на слободни киселини содржина на тешки метали, содржина на атниоксиданти...). Покрај тоа, со помош на електрохемиските инструменти се испитуваат хемиските својства на голем број на токсични материи присутни во храната (афлатоксини, гиберилинска киселина), потоа својствата на голем број на антиоксиданти (полифеноли, деривати на Coenzyme Q). Притоа, главен акцент се става на

идентификација на механизмот на влијание на испитуваните компоненти присутни во храната во човечкиот организам. Многу скоро, во рамките на овој оддел ќе биде набавен и високопритисочен течен хроматограф и дополнителна инструментација за анализа на млеко и млечни производи. Овој оддел располага и со микробранова печка, која е во функција на минерализација на органски и неоргански примероци и нивно преведување во раствори, чиј елеменатрен состав потоа се испитува со помош на атомска спектроскопија. Целата палета на инструментални методи во Одделот за контрола на квалитетот на храната е во функција на обезбедување на предуслови за проценка на квалитетот на храната.

Во делот за анализа на масла за јадење, активностите беа фокусирани на анализа на следниве параметри:

1. Определување на оксидативна активност на прехранбени масла
2. Определување на густина на прехранбени масла
3. Определување на киселински број на прехранбени масла
4. Определување на јоден број на прехранбени масла
5. Определување на пероксиден број на прехранбени масла
6. Определување на алкалност на прехранбени масла
7. Определување на сапунификациски број
8. Определување на индекс на рефракција

Во овој оддел, исто така, се изведуваат анализи и контрола на квалитет на вина. Во текот на 2014/2015 година, во одделот за контрола на квалитет на вина активно се применуваат следните методи за анализа на вино:

1. Определување на алкохол
2. Определување на сув екстракт
3. Определување на специфична тежина
4. Определување на $SO_2$ (слободен и вкупен)
5. Определување на вкупни киселини
6. Определување на испарливи киселини
7. Определување на редуцирачки шеќери
8. pH
9. Мултиелементна анализа на вина
10. Микробиолошка анализа на вино

Методите од 1 до 9 се оптимизирани и валидизирани, со определување на точност, повторливост и мерна неодреденост. Методите 1-9 се акредитирани од страна на Институтот за акредитација на Р. Македонија согласно меѓународниот стандард ISO/IEC 17025 и успешно се применуваат за контрола на квалитет на вина пред ставање во промет и вина наменети за извоз. Во 2015 година УНИЛАБ од Министерството

за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија доби Решение за овластување на лабораторија за вршење на физичко-хемиска анализа заради ставање на виното во промет.

Вработените во Одделот за контрола на квалитетот на храната во 2014-2015 година реализираа повеќе престои во странски научни институции од Германија, Романија, Унгарија, Србија, Шпанија, Турција и Бугарија.

**Позначајни активности Катедрата за растително производство 2015 - 2016**

Катедрата за растително производство како организациона единица постои и активно работи на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, од неговото основање во 2007 година во континуитет. Сите членови на катедрата се бирани во потесни научни подрачја во научната област - растително производство. Континуирана дејност на Катедрата за растително производство е да ги развива и пренесува знаењата на современ начин и да биде во тренд со новите достигнувања во наставно-научната дејност, заради квалитетно образование на студентите од 1, 2 и 3 циклус на студии.

Во Катедрата за растително производство наставно-научниот кадар го сочинуваат:

1. Редовен професор, проф. д-р Љупчо Михајлов, раководител на катедрата;
2. Редовен професор, проф. д-р Верица Илиева;
3. Вонреден професор, проф. д-р Милан Ѓорѓиевски;
4. Вонреден професор, проф. д-р Драгица Спасова;
5. Вонреден професор, проф. д-р Мите Илиевски;
6. Доцент, д-р Наталија Маркова-Руждиќ.

Во текот на 2015/2016 година приоритетна активност на професорите од оваа катедра е редовното одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус на студии во сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип.

Во текот на академската 2015/2016 година, во рамките на активностите на катедрата за растително производство е одржувањето и обновувањето на генетските ресурси од растителен материјал кој се чува и одржува во коморите во ген-банката во кампусот во Струмица.

Посебен акцент на активностите и истражувањата во рамките на активностите на катедрата за растително производство се дава на истражувањата и проектите од областа на органското растително производство и семепроизводство.

Катедрата за растително производство во текот на извештајниот

период имаше голем број активности на домашни и интернационални манифестации и конгреси од областа на растителното производство и биотехнологијата. Во поединечните годишни извештаи на професорите и соработничкиот кадар, за извештајниот период, може да се видат нивните активности од областите на издавачка дејност, учество и раководење со проекти, објавени трудови, учество на симпозиуми, конгреси, семинари, работилници, студиски патувања и сл.

Во организација на Катедрата за растително производство во периодот од 8.-11.12.2015 година од Институтот за земјоделство од Карнобат – Република Бугарија беа поканети како визитинг професори и одржаа предавања проф. д-р Драгомир Влчев, доц. д-р Дарина Влчева и доц. д-р Тодорка Савова.

Предавањата од областите на растително производство, физиологија на растенијата и агроекологија беа одржани пред студентите и наставничкиот кадар од Земјоделскиот факултет, при што беа поставувани прашања од страна на студентите и се водеше дискусија околу презентираните теми.

Како континуитет на теоретските предавања и продолжување на повеќегодишната соработка со Институтот за земјоделство од Карнобат – Република Бугарија, во организација на Катедрата за растително производство во лабораториите и на опитните полиња на институтот во периодот од 9.5.2016 до 13.5.2016 г. се оствари работна посета и изведување на практичната настава на група од 10 студенти од I и II циклус на студии на Земјоделскиот факултет при УГД Штип. Организатори на практичната настава и активни учесници во истата беа професорите од Катедрата за растително производство: проф. д-р Верица Илиева, проф. д-р Драгица Спасова и проф. д-р Мите Илиевски. Предвидените активности на работната група со студентите за погоре наведениот период одделно по денови беа следните:

**9.5.2016 година (понеделник):** Тргнување, пристигнување и сместување. Посета и разгледување на производните површини со житни култури.

**10.5.2016 година (вторник):** Разгледување на селекционата градина и расположлив растителен генетски материјал, совладување на техника за кастрирање (емаскулација) на машките репродуктивни органи од женскиот родител како почетна операција во процесот на хибридизацијата кај јачменот, изолација и обележување на емаскулирани класови.

**11.5.2016 година (среда):** Продолжување со операцијата на кастрирање, изолација и обележување на емаскулирани класови.

**12.5.2016 година (четврток):** Опрашување и оплодување на жигот од толчниците од женскиот родител со поленови зрна од татковскиот родител. По оплодувањето повторно се прави изолација на оплодените класови.

**13.5.2016 година (петок):** Заминување.

Активностите во целост беа реализирани и студентите во целост организацијата и активностите при оваа посета на Институтот по земјоделие од Карнобат, Република Бугарија, многу позитивно ја спроведоа и прифатија.

На 20 мај 2016 година во организација на Катедрата за растително производство се реализира еднодневна научно-стручна посета на компанијата „АГРИС" во Клиди - Грција. Оваа компанија е специјализирана за современо производство на расад во заштитен простор со примена на последните научни достигнувања од оваа област. Во посетата беа планирани и ја оствариja дел од студентите од (III) трета и (IV) четврта година запишани во Штип и во Струмица на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Работната група за организација на посетата ја сочинуваа наставнички кадар од Земјоделскиот факултет, од соодветните области поврзани со производството на расад.

Одобрено е барањето за продолжување за финансирање на научноистражувачкиот проект „Процена на различни генотипови пољоделски култури во системот на органско земјоделско производство“ и во текот на 2016 – 2017 производна година. Носител на активностите предвидени по овој проект е Катедрата за растително производство, главен истражувач е проф. д-р Љупчо Михајлов. Проектните активности предвидени по овој проект продолжија и во текот на 2016 година.

Освен гореспоменатите проекти, од Управниот одбор на Фондот за научноистражувачка работа при УГД е прифатено и барањето за продолжување на научноистражувачкиот проект „Колекционирање, карактеризација и евалуација на домашна и странска герм плазма од ориз“ и за 2016 година. Носител на активностите предвидени по овој проект е Катедрата за растително производство, главен истражувач е проф. д-р Верица Илиева.

Исто така, во рамките на Катедрата за растително производство во тек се проектите: „Органско производство на пролетен овес: Потребни сортни карактеристики“ - главен истражувач проф. д-р Драгица Спасова; „Можности за одгледување на здружени посеви во поледелското производство“ - главен истражувач проф. д-р Мите Илиевски.

Проектните активности предвидени по овие проекти редовно се извршуваа во текот на 2016 година.

Професорот проф. д-р Љупчо Михајлов од Катедрата за растително производство и во текот на 2016 година учествуваа во спроведување на стручна контрола на семенски посеви од пченица, јачмен, луцерка, соја, сончоглед, како и на посадочен материјал од повеќе видови градинарски култури. Стручната контрола се изведуваше преку теренски активности

со 2 контролни прегледа во текот на вегетацијата на семенските посеви на пријавените површини. Врз база на контролните теренски посети се изготвувани записници и сертификати за состојбата со посевите на место на одгледување на семенските културни растенија. Прегледите се спроведуваа на повеќе земјоделски фирми на територијата на целата држава (Овче Поле, Пробиштипско, Струмичко и Пелагонија - Битолско), регистрирани за производство на семе и посадочен материјал.

Проф. д-р Верица Илиева и асс. м-р Наталија Маркова од Катедрата за растително производство активно се вклучени во работата на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина во рамките на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина – Оддел за квалитет на семе и саден материјал.

Активностите на Катедрата за растително производство во периодот што следува ќе бидат насочени кон продолжување на предвидените програми за редовно одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус студии во сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип.

Во годината што следува континуирано ќе продолжат планираните активности по тековните научноистражувачки и апликативни проекти во рамките на Катедрата за растително производство. Нови апликации со предлог-проекти, по повод различни повици од домашни и странски донатори исто така ќе бидат предмет на редовни активности на вработените во Катедрата за растително производство.

Активностите за спроведување на студентската практична работа, со зголемен интензитет и континуитет, во поголем број на соодветни земјоделски фирми и компании кои и официјално се објавени, ќе бидат една од редовните обврски на професорите од Катедрата за растително производство и во наредниот период. Врз база на добиените резултати од досегашните истражувања на кандидатите од II и III циклус продолжуваат активностите од областа на селекционирање и хибридизација на растенијата во правец на создавање на нови сорти, особено на јачмен и соја.

Активностите за спроведување на полски и лабораториски истражувања од областа на одржување на сортите земјоделски растенија, во континуитет се спроведуваат, а во текот на изминатиот период особено се даде акцент на истражувањата поврзани со нови хибриди на сончоглед.

Во периодот што следува посебен акцент на активностите и истражувањата ќе биде даден на истражувањата и проектите од областа на органското растително производство и семе производство.

Раководителот на Катедрата за растително производство проф. д-р Љупчо Михајлов ја прифати понудата од проф. д-р Fadul Fadul ONEMLI од Земјоделскиот факултет при Namik Kemal Универзитетот во Tekirdag

– Турција, да биде член на научниот комитет на 2nd International Balkan Agriculture Congres – AgriBalkan 2017, што ќе се одржи од 16-18 мај 2017 година во Tekirdag – Турција. Во следната година се планира учество на конгресот со презентирање на трудови од сопствени научни истражувања на професорите од Катедрата за растително производство.

**Извештај за работа на Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи**

Во учебната 2015/2016 година, вработените од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи покрај редовните активности во наставно-образовниот процес на сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип во првиот, вториот и третиот циклус на студии беа активно вклучени и во голем број проекти и научноистражувачки активности. Наставничкиот и соработничкиот кадар од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи имаше поголем број на презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на прехранбената технологија и преработката на анимални производи. Проф. д-р Ацо Кузелов учествуваше на меѓународни научна конференцијии во Бугарија. Проф. д-р Виолета Иванова-Петропулос учествуваше со свои презентации на неколку конгреси и симпозиуми во Македонија, Романија, Полска. Освен тоа доцент д-р Виолета Иванова-Петрпулос има остварено студиски престој во Романија и Унгарија.

Вработените од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од првиот и вториот циклус студии. Освен тоа, проф. Ацо Кузелов изведуваше настава и на Факултетот за туризам и бизнис логистика и на Технолошко-технички факултет, доцент д-р Виолета Иванова-Петропулос на Факултетот за природни и технички науки, Технолошко-технички факултет и Факултетот за медицински науки. Доц. д-р Сања Костадиновскиќ-Величковска изведуваше настава и на Факултетот за медицински науки.

Доцент д-р Сања Костадиновиќ-Величковска има издадено еден рецензиран учебник од областа на хемијата.

Вработените од катедрата учествуваат во повеќе проекти како главни истражувачи и истражувачи. На катедрата во изминатата година дипломираа поголем број студенти на модулот Енологија и модулот Преработка на анимални производи.

Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за прехранбена технлогија и преработка на анимални производи при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број публикации, од кои 10

трудови се публикувани во списанија со импакт фактор, а поголем број трудови се публикувани во влијателни домашни и меѓународни списанија.

**Катедра за наука на земјиштето и хидрологија**

Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија претставува дел од Земјоделскиот факултет при УГД - Штип, со примарна цел да го испитува составот и квалитетот на земјиштето, како и квалитетот на водите и водните системи што се користат за наводнување на земјиштето. Науката за земјиштето и хидрологијата е круцијален сегмент во земјоделието што значајно придонесува за правилен развој на земјоделските растителни култури. Раководител на катедрата е редовен проф д-р Рубин Гулабоски.

Научноистражувачката работа во рамките на Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија при Земјоделскиот факултет е фокусирана врз испитувањето на составот и квалитетот на почвите и на составот и квалитетот на водите. Бидејќи производството на здрава и квалитетна храна станува еден од приоритетите на глобално ниво, во иднина голем дел од научноситражувачките глобални проекти ќе бидат насочени токму кон полето на производство на квалитетна здрава храна. Истражувањата на нашата катедра, главно, се одвиваат преку Лабораторијата за заштита на околината и животната средина, со цел да се дадат релевантни податоци за квалитетот на почвите и да се предложат мерки за подобрување на квалитетот на земјиштето. Притоа, крајната цел на научноистражувачката работа е да се произведе здрава храна, да се зголеми квалитетот и да се зголемат приносите на земјоделските култури. Сите овие цели на нашата катедра се реализираат преку тим соствен од стручњаци во подрачјето на науката за земјиштето и хидрологијата, кои на располагање имаат врвна модерна инструментација.

Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија е отворена за комуникација со млади кадри заинтересирани да ги изработуваат своите магистерски и докторски дисертации во рамките на нашата катедра на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип. Притоа, важно е да се нагласи дека на нашата катедра постојат двајца професори што веќе ги исполнија условите да бидат ментори на докторанди и во моментов може да бидат запишани вкупно шест докторски кандидати на Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија. Воведувањето на нови методологии за испитувањето на квалитетот на почвите и водите, како и студирањето на интеркциите помеѓу одделните составни компоненти присутни во овие медиуми и нивните ефекти врз околината и врз физиолошките особини на растенијата ќе бидат главните предизвици на нашата катедра во иднина.

Наставниот и соработничкиот кадар од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија имаше поголем број на презентации на

интернационални манифестации и конгреси од областа на хемија на земјиштето и хидрологија. Вработените од катедрата учествуваат во повеќе проекти како главни истражувачи и истражувачи. Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број на публикации, од кои 10 трудови се публикувани во списанија со импакт фактор, а поголем број трудови се публикувани во влијателни домашни и меѓународни списанија.

**Катедра за лозарство и овоштарство**

Во учебната 2015/2016 година, вработените од Катедрата за лозарство и овоштарство беа ангажирани во редовните активности во наставно-образовниот процес на сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД Штип во првиот и вториот циклус на студии. Притоа, наставниот кадар од Катедрата за лозарство и овоштарство имаше неколку презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на лозарството. Проф. д-р Виолета Димовска учествуваше со свои презентации на симпозиуми и конгреси и објавени се следните тудови:

1. Dimovska, Violeta and Ilieva, Fidanka and Gunova, Natasa and Gunova, Vesna (2015). Analysis of fertility on the Merlot clones (Vitis vinifera L.), by applying the method of correlation. Sixth international scientific agricultural symposium “Agrosym 2015”, 15-18 Oct 2015, Jahorina, Bosnia and Hercegovina.
2. Dimovska, Violeta and Ilieva, Fidanka and Ivanova, Violeta and Sofijanova, Elenica and Naceva, Zaneta (2015). *Characteristics of tempranillo grape variety (Vitis vinifera L.), grown in Tikveš’s vineyard.* *Science & Technologies, 5 (6)*. pp. 195-199. ISSN 1314-4111.
3. Violeta Dimovska, Fidanka Ilieva, Nataša Gunova, Vesna Gunova (2016). Correlation between climate condition, yield and chemical composition in must of three grapes variety. VII International scientific agricultural symposium “Agrosym 2016”, 6-9 Oct 2016, Jahorina, Bosnia and Hercegovina.
4. Sofijanova, Elenica and Andronikov, Darko and Kostanov, Zoranco and Krsteski, Goran and Noveski, Aco and Dimovska, Violeta (2016). *Ego conditions and roles in organizational behavior.* 21th International symposium on biotechnology, 11-12 March 2016, Čačak, Serbia.
5. Ivanova, Violeta, Balabanova, Biljana, Mitrev, Sasa, Nedelkovski, Dusko, Dimovska, Violeta, Gulaboski, Rubin (2016). *Optimization and validation of a microwave digestion method for multi-element characterization of vranec wines*. Food Analytical Methods, 9 (1). pp.

48-60. ISSN 1936-9751.
6. Ilieva, Fidanka, Kostadinovik Velickovska, Sanja, Dimovska, Violeta, Spasov, Hristo (2016). *The impact of some wine-making practices on the quality of Vranec red wines from Macedonia produced by the newly-selected local strain "F-78"*. Food Chemistry, 194. ISSN 0308-8146.

Покрај овие активности, вработените од Катедрата за лозарство и овоштарство беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од модулот лозарство од првиот циклус на студии

Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за лозарство и овоштарство при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број на публикации, од кои 2 труда се публикувани во списанија со импакт фактор, 1 во меѓународно списание и 3 труда во зборници од меѓународни научни собири (конгреси, симпозиуми).

Проф. д-р Виолета Димовска е истражувач во научноистражувачките проекти:

1. *Сензорски мрежи за надгледување и контрола на производство на вино*. (Martinovska Bande, Cveta and Gicev, Vlado and Kulakov, Andrea and Dimovska, Violeta and Ivanova, Violeta and Bikov, Dusan and Lameski, Petre and Angelkov, Dimitrija and Kocev, Dejan and Anastasov, Dragan (2014/16). Финансиран од УГД.
2. *Biogenic aminies and aroma in Vranec wines from Macedonia and Montenegro and effect of malolactic fermentation on their formation*. Ivanova, Violeta, and Dimovska, Violeta and Stefova, Marina and Tasev, Krste and Balabanova, Biljana and Ilieva, Fidanka and Petreska Stanoeva, Jasmina (2016). *Билатерален со Црна Гора*.
3. *Classification of wine by determination of bioactive phenolic compounds using high resolution mass spectrometry*.Ivanova, Violeta and Dimovska, Violeta and Mitrev, Sasa and Gulaboski, Rubin and Bogeva, Elena and Petruseva, Dragana and Causon, Tim and Hann, Stephan (2016). *Билатерален со Австрија*.

**Катедра за растителна биотехнологија**

Како наставно-научна организациона единица во состав на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев", Штип, согласно чл.131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев", Штип, Наставно-научниот совет на својата 100-та редовна седница одржана на 16.5.2014 година донесе Одлука бр. 1802-211/9 од 20.5.2014 год. за формирање на Катедра за растителна биотехнологија.

Наставниците и соработниците од Катедрата за растителна биотехнологија се вклучени во наставата за додипломски, постдипломски

и докторски студии при Земјоделскиот факултет во соодветните наставни области, применета работа и научноистражувачки проекти од областа на растителната биотехнологија.

Овие активности се реализираат преку апликативни или научно-истражувачки домашни и меѓународни проекти. Со научноистражувачката работа се остварува мисијата на Катедрата за развој на регионот преку пренесување на современите сознанија на студентите и земјоделците, развој на истражувања и пренесување на сознанија и техники кои се релевантни за производството и менаџментот на економски важните растителни видови. Биотехнологијата е мултидисциплинарна наука и вклучува различни природни науки, како: клеточната и молекуларната биологија, микробиологијата, генетиката, физиологијата и биохемијата, исто така и инженерството и компјутерските науки. Мудрата употреба на модерната биотехнологија подразбира побезбедни агрономски практики, како и конзервација и употреба на автохтона гермплазма.

**Прв циклус студии**

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на 31 седница одржана на ден 23.6.2014 година донесува Решение за акредитација на студиската програма Растителна биотехнологија за прв циклус студии, четиригодишна студиска програма на Земјоделскиот факултет при УГД бр. 12-97/2 од 4.7.2014 година. За оваа студиска програма Решението за почеток со работа бр. 13-12145/4 Министерството за образование и наука на Република Македонија го издава на 5.8.2014 година. Акредитираната студиска програма по Растителна биотехнологија за прв циклус на студии распишана е на Конкурсот за упис на студенти на Земјоделски факултет за академските 2015/2016 и 2016/2017 година во наставните центри во Штип и Струмица.

**Втор циклус студии**

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија донесува Решенија за акредитација на ментори за втор циклус на студии и тоа на:

- проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, Решение бр. 17-106/2 од 10.10.2016 год.,
- доц. д-р Фиданка Трајкова, Решение бр. 17-120/2 од 10.10.2016 год.
- Акредитираната студиска програма од втор циклус е објавена на конкурс за академската 2016/2017 година.

**Трет циклус студии**

Во тек е подготовката на елаборат за акредитација на трет циклус студии по растителна биотехнологија, со што Катедрата ќе ги заокружи сите циклуси на студии. Студиската програма ќе е составен дела од елаборатот за акредитација на студиските програми на Земјоделскиот факултет при Кампусот на технички, биотехнички и природни науки на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

**Лабораторијата за растителна биотехнологија** функционира во склопот на Катедрата за растителна биотехнологија, а главни перспективи кои ќе се одвиваат во лабораторијата се:
- производство на безвирусен посадичен и семенски материјал;
- клонска *in vitro* микропропагација на стопански важни култури;
- комерцијална *in vitro* микропропагацина;
- современо семепроизводство.

**Техничка опременост**

**Лабораторија за растителна биотехнологија**

| Р.бр. | Вид на опрема | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Персонален компјутер FSC ESPRIMO P5720 | 1 |
| 2 | МОНИТОР Scenik Vju A17-3 | 1 |
| 3 | Автоклав Sutjeska T 300 | 1 |
| 4 | Ламинар комора | 1 |
| 5 | Магнетна мешалка Jenway 1100 | 1 |
| 6 | Фрижидер LG 46 | 1 |
| 7 | Автоматски пипети Biovision | 1 |
| 8 | Техничка вага | 1 |
| 9 | Фитотрон | 1 |
| 10 | Сушница | 1 |
| 11 | Рефрактометар 18IZS | 1 |
| 12 | UV-VIS Спектрофотометар Jenway 6305 | 1 |
| 13 | Аналитичка вага – Sartorius GM 312 | 1 |
| 14 | pH-метар Hanna Hi 2211 | 1 |

**Извештај од одржаните седници на наставно-научните совети**

**Одржани седници со дневен ред**

**117. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, одржана ден 18.9.2015 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за избор на доц. д-р Емилија Костадиновска за продекан за настава на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Одлука за давање на согласност за учество во проект „Испитување на биолошка ефикасност на микробиолошкиот производ Екстрасол (Bacillus subtilis var.ch 13)“.
3. Одлука за одобрување на Барање за промена на статусот на студент од редовен во вонреден на студентот Александар Ѓеорѓијов.
4. Одлука за одобрување на Барање за промена на статусот на студент од редовен во вонреден на студентот Ленче Шајкарова.
5. Одлука за одобрување на Барање од студентот Панда Димова за поврат на неискористените парични средства.
6. Одлука за одобрување на Барање за префрлување од една студиска програма на друга и признавање на испити на студентот Влатко Коцев.
7. Одлука за одобрување на Барање за признавање на испити на студентот Руменка Димовска.
8. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студии на студент Милица Петрова.
9. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студии на студент Никола Ѓорѓиев.
10. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студии на студент Александар Ѓеорѓијов.
11. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студии на студент Зорица Лелова.
12. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студии на студент Стефан Коколански.
13. Одлука за одобрување на Барање од група студенти за запишување на четврта година, студиска програма Агроменаџмент во Штип.

**118. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, одржана ден 7.10.2015 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за ангажман на Виктор Баџуков, стручњак од пракса за реализација на предметот Спорт и рекреација на Земјоделски

факултет во наставен центар Струмица.

**2.** Одлука за ангажман на Славе Димитриоски, стручњак од пракса за реализација на предметот Спорт и рекреација на Земјоделски факултет во наставен центар Струмица.

**3.** Одлука за  назначување на ментори на генерација 2015/2016 од прв циклус студии  на Земјоделски факултет во Штип, Струмица, Кавадарци и Прилеп.

**4.** Одлука за утврдување на теми за полагање завршен испит и дипломска работа на прв циклус студии на Земјоделски факултет за учебната 2015/2016 г.

**5.** Одлука за утврдување на листа на соодветни фирми за реализација на практична работа на студентите на Земјоделски факултет.

**6.** Одлука за одобрување отсуство во Земун Поље, Србија, на виш лаборант м-р Васко Златковски.

**7.** Предлог-одлука за префрлување од една насока на друга / и признавање на испити на студент Стојан Атанасов.

**8.** Одлука за активирање на студии на студент Боре Цонев.

**9.** Предлог-одлука за префрлување од една студиска програма на друга / и признавање на испити на студент Илинденка Николова.

**10.** Предлог-одлука за префрлување од една насока на друга / и признавање на испити на студент Трајче Милев.

**11.** Одлука за промена на статус на студирање на студен Боре Цонев.

**Издавачка дејност (зборници, книги)**

- Литература издадена од наставничкиот кадар на Академијата;
- Објавени зборници, книги...

**Проф.д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска**
**Објавена книга во странство**

1. *Music Tradition of Yuruks: Western Part of the Republic of Macedonia*. Documentation. LAP Lambert Academic Publishing GmbH&Co. KG, Schaltungsdienst Lange o.H.G.,Berlin. Islam, A.& Zelenkovska Leshkova, S. (2016)

**Проф.д-р Милица Шкариќ**

1. **Учебник по Историја на пијанизам 1,** кој е во фаза на електронско објавување

**Проф.д-р Горанчо Ангелов**

1. Традиционани инструменти 1, **Горанчо Ангелов** (скрипта)

**9. Научноистражувачка работа (проекти)**

- **Проекти кои се во тек во кои учествуваат вработените на Академијата**
- **Домашни/меѓународни проекти**

**Проф. м-р Антонијо Китановски**

| **Датум од-до** | **Наслов на проектот** | **Позиција** | **Опис на активностите во тек на проектот:** |
|---|---|---|---|
| 01-10,10,2015. Тиват,<br><br>01.11.2016. Штип | New Spark Jazz Orchestra, зените на Балканот во џезот | Раководител/ ментор | - ментор по композиција, импровизација и оркестарско свирење<br>- диригент<br>- организатор на работилница/семинар<br>- носител на проект |
| 23-30.04.2016. Подгорица | Balkan Jazz Bridges | ментор | - ментор по композиција, импровизација и оркестарско свирење<br>- диригент |

**Проф. д-р Емилија Попивода**

| **Датум од-до** | **Наслов на проектот** | **Позиција** | **Опис на активностите во тек на проектот:** |
|---|---|---|---|
| 25-27<br><br>октомври, 2015 | Концертна турнеја во Македонија | Концертен изведувач | Концерти во Штип, Тетово и Делчево за кларинет и пијано, заедно со Бранко Павловски. На програмата се изведоа дела од Пјацола, Бермштајн, Гершвин |
| 28 ноември, 2015 | Солист со Регионланата филхармонија на Кан, Франција | Солист со оркестар | Концерт за пијано, оркестар и ДЈ во концертната сала „Акрополис“ во Ница, Франција, заедно со ДЈ Дерик Меј (САД) под дигиренство на Емин Џијан. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 февруари, 2016 | Концерт со ансамблот „Кон темпора“ | Концертен изведувач | Концерт во орканизација на Сојузот на композитори на Македонија со ансаблот Кон темпора во концертната сала „Тодор Скаловски“ во Тетово, Макеоднија |
| 4 април, 2016 | Концерт на „Денови на македонска музика 2016“ | Концертен изведувач | Концерт во раките на „Денови на македонска музика 2016“ во Музеј на Град Скопје, заедно со Нинослав Димов - саксофон |
| 19-21 април, 2016 | Концертна турена со Петрит Чеку - гитара и Тони Китановски – електрична гитара | Концертен изведувач | Концерти во МНТ театарот во Скопје, мултимедијалниот ценат во Штип и Домот на културата во Тетово заедно со светски познатиот гитарист Петрит Чеку и Тони Китановски – електрична гитара |
| 03-06 јуни, 2016 | Концерт за дуо 4 раце заедно со Асами Сате - Јапонија | Концертен изведувач | Концерти во Скопје и Охрид заедно со јапонската пијанистка Асами Сате. На програмата се изведоа дела од Дебиси, Равел, Лист и Шопен |
| 15 јули, 2016 | Концерт во рамките на „Скопско лето“ | Концертен изведувач | Концерт насловен како „Where jazz meets classical“ во рамките на фестивалот „Скопско лето 2016“ заедно со Бранко Павловски – кларинет и Вилијам Харнд – пијано (САД) |
| 02 септември, 2016 | Концерт на Струшка музичка есен | Концертен изведувач | Концерт во рамките на манифестацијата „Струшка музичка есен 2016“ во орканизација на СОКОМ, заедно со Наташа Михајловска – сопран. |

**Проф. м-р Ангеле Михајловски**

| **Датум од-до** | **Наслов на проектот** | **Позиција** | **Опис на активностите во тек на проектот:** |
|---|---|---|---|
| 11.07.2016 | Концерт - „Духовна академија“ по повод празникот св. Петар и Павле во Кочани | Учесник | http://eprints.ugd.edu.mk/16199/ |
| 23.12.2015 | Новогодишен концертен хепенинг на Музичката академија | Ментор | http://eprints.ugd.edu.mk/15081/ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 24.04.2016 | Целовечерен концерт и изведба во живо на музичкиот проект „Радост моја, Христос Воскресе!“ | Учесник | http://eprints.ugd.edu.mk/15081/ |

**Проф. м-р Марјан Јанкоски**

| **Датум од-до** | **Наслов на проектот** | **Позиција** | **Опис на активностите во тек на проектот:** |
|---|---|---|---|
| 23.9.2015 | Concert of trio “MEZZO” in Rome - Italy | Автор на музичко дело | http://eprints.ugd.edu.mk/14738/ |
| 1.5.2016 | Целовечерен концерт и изведба во живо на музичкиот проект „Радост моја, Христос Воскресе!“ од авторот Марјан Јанкоски на Македонската телевизија (МТВ1) | Изведувач и автор на музичко дело | http://eprints.ugd.edu.mk/16322/ |
| 26.05.2016 | Изведба на композицијата „На пат за дома“ (во изведба на трио „Академико“) од авторот Марјан Јанкоски во концертната сала „Даворин Јенко“ во Белград, Р. Србија | Автор на музичко дело | http://eprints.ugd.edu.mk/16245/ |
| 27.05.2016 | Изведба на композицијата „На пат за дома“ (во изведба на трио „Академико“) од авторот Марјан Јанкоски во концертната сала на Уметничката академија во Осиек, Р. Хрватска | Автор на музичко дело | http://eprints.ugd.edu.mk/16244/ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23.07.2016 | Целовечерен концерт насловен „Приказни од нашето детство“ (фестивал „Скопско лето“ 2016) | Изведувач | http://eprints.ugd.edu.mk/16140/ |
| 11.07.2016 | Концерт - „Духовна академија“ по повод празникот Св. Петар и Павле во Кочани | Изведувач | http://eprints.ugd.edu.mk/16199/ |

**10. Објавени трудови**

**- Објавени трудови од вработените на Академијата**

**Проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска**

**Објавени трудови во меѓународни рецензирани списанија**

1. Islam, A. &Zelenkovska Leshkova, S. “Musical Elements in the Performing Approach: Sonatina in C for Two Pianos from a Macedonian Contemporary Composer”. *Muzikoloski Zbornik - Musicologial Annual*, Vol 52 (1). pp. 41-50. ISSN 0580-373X (2016) (Web of science/Thomson Reuters)
2. Zelenkovska Leshkova, S. Islam, A. “Ottoman Music Culture in the Balkans through the Prism of the Travel Writer Evliya Celebi”. *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research*, 27 (3). pp. 261-268. ISSN 2307-4531 (2016).
3. Islam, A. Zelenkovska Leshkova, S. “Music as a Vital Factor for the Continuity of the Cultural Identity”. *Review of European Studies*, 7 (12). pp. 90-97. ISSN 1918-7173 (Print) 1918-7181 (2015)
4. Zelenkovska Leshkova, S. “Baza za stvaralaštvo makedonskih kompozitora u periodu od 1991 do 2001 godine”. *Muzika regiona u uslovima tranzicije (1990-2010),* CANU/42. pp. 47-55. ISSN 978-86-7215-359-0 (2015)
5. Zelenkovska Leshkova, S. Islam. “A The Significant Role of Music in the Educational System through the Various Scientific Disciplines”. *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (IJSBAR*), 22 (1). pp. 354-359. ISSN 2307-4531 (2015)
6. Зеленковска Лешкова С. “Димитар Масевски - 50 години композиторска и продуцентска работа”. *Музика*, 21. pp. 63-79. СОКОМ/ISSN 1409-6579 (2015)

**Проф. д-р Милица Шкариќ**

**I) Реализирани 5 целовечерни камерни концерти:**

- 1.8 март 2016, Струмица – НУЦК „Антон Панов“: Целовечерен рецитал со Гонца Богоромова – сопран, Паскал Краповски – виолончело и Милица Шкариќ – пијано со дела од Моцарт, Шуберт, Глезер, Берлиоз, Франк, Дајс и Михајловски;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16170/)
- 2.9 март 2016, Тетово – ОМУ „Тодор Скаловски- Тетоец“: Целовечерен рецитал со Гонца Богоромова – сопран, Паскал Краповски – виолончело и Милица Шкариќ – пијано со дела од Моцарт, Шуберт, Глезер, Берлиоз, Франк, Дајс и Михајловски;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16170/)
- 3. 21 март 2016, Скопје – Фоаје на МОБ: Целовечерен рецитал со Гонца Богоромова – сопран, Паскал Краповски – виолончело и Милица Шкариќ – пијано со дела од Моцарт, Шуберт, Глезер, Берлиоз, Франк, Дајс и Михајловски (позитивно рецениран од музичките критичари Марко Коловски, Ангелина Димовска и Бранка Костиќ-Марковиќ во СЕМ, „Нова Македонија“ и Журнал);
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16521/)
- 4. 22 март 2016, Штип – Концертна сала на Музичка Академија: Целовечерен рецитал со Гонца Богоромова – сопран, Паскал Краповски – виолончело и Милица Шкариќ – пијано со дела од Моцарт, Шуберт, Глезер, Берлиоз, Франк, Дајс и Михајловски;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16170/)
- 5. 22 мај 2016, Њујорк – MC Gallery & Grace notes series Belfort: Целовечерен концерт со Благица Поп Томова - сопран и Милица Шкариќ - пијано со дела од Чајковски, Рахмањинов, Прокопиев, Зографски, Гавриловски, Белини, Пучини, Каталани и Гуно.
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16171/)

**II) Одржан пијано мастерклас во Белгија во периодот од 4 до 8 април со завршен концерт на 8 април.**

**III) Реализирани 6 концерти на студентите од класата по пијано на проф. д-р Милица Шкариќ:**

- 1.23 декември 2015, Штип, концертна сала на Музичка академија: Новогодишен концертен хепенинг со студенти од катедрата по пијано при УГД Штип;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/15081/)
- 2.30 март 2016, Штип, концертна сала на Музичка академија: Рецитал на Тања Трбојевиќ студент во класата на проф. д-р М. Шкариќ;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16523/ )
- 3.8 април, Музичка академија Жамблу, Белгија: Завршен концерт со учесниците на семинарот по пијано од проф. д-р М. Шкариќ;

(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16525/)

- 4.3 мај 2016, Скопје, Даут Пашин амам, фестивал Модоарс: Музиката на Зографски видена низ детските цртежи на Олга Ѓоргиева, изведен од Бисера Иванова и Петре Штерјов, студенти во класата на проф. д-р М. Шкариќ;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16524/ )
- 5.9 мај 2016, Штип, концертна сала на Музичка академија: Концерт во чест на композиторот Томислав Зографски со студенти од класата на проф. д-р М. Шкариќ;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16522/)
- 6.30 август, Штип, концертна сала на Музичка академија: Рецитал на Петре Штерјов, дипломиран пијанист во класата на проф. д-р М. Шкариќ.

**Проф. д-р Илчо Јованов**

**Октомври 2015**

- Викенд на македонска песна и гастрономија, Прелог, 23-25 октомври 2015, Хрватска учество солист на хармоника;
- Меѓународен фестивал „Пирин фолк“ 2015 - Сандански, Р. Бугарија; Авторска вечер со песна „Лична мома леринка“ арр. Илчо Јованов.

**Декември 2015:**

- Новогодишен концерт на проф. Д-р Илчо Јованов со студентите по етнохармоника, Концертна сала на Музичката академија при УГД-Штип.

**Јануари 2016:**

- Хрватско-македонска вечер, Концерт во Омиш со клапа „Пасика“ и Илчо Јованов солист на хармоника;

**Февруари 2016:**

- Фестивал на нови родољубиви и патриотски македонски песни „Гоце фест“- член на Советот на фестивалот и на селекционата комисија за избор на песни;
- Претседател на жири комисијата на фестивалот „Гоце фест“;
- Награда за најдобар аранжман и Гран при награда на фестивалот „Гоце фест“ за песната „Запеј пирине“.

**Март 2016:**

- Награда за најслушана песна на Националното радио во Софија, Р. Бугарија за песната „Ако се оженам“ арр. Илчо Јованов;
- Целовечерен концерт во Штудгарт, Германија, солист на хармоника Илчо Јованов исп. Благоја Грујоски и Стојне Николова.

**Мај 2016:**

- Целовечерен концерт - авторска вечер на композиторот Валентин Пензов во Сандански, Р. Бугарија, солист на хармоника Илчо Јованов.

**Јуни 2016:**

- Годишен концерт на проф. Д-р Илчо Јованов со студентите по етнохармоника, во Безистен-Штип.

**Јули 2016:**

- Фестивал на изворни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“- Долнени - Прилеп, Претседател на управен одбор и на Советот на фестивалот.
- Претседател на жири комисија на фестивалот на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“;
- Раководител на семинарот за изворно свирење и пеење на фестивалот на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“.
- Фестивал на дуети „Константин и Елена“ – Уметнички директор на фестивалот и член на селекционата комисија за избор на песни.

**Септември 2016:**

- Меѓународен фестивал „Пирин фолк“ 2016 - Сандански, Р. Бугарија; Авторска вечер со песните:„Не истривај мајко солзите ми“ исп. Ива Давидова муз и арр. Илчо Јованов текст Катја Киранова и „Седенки“ исп. Васил Чамов, муз и арр. Илчо Јованов текст Христина Димова; Вечер на исполнители: „Филка мома“ исп. Васил Чамов, народна, арр. Илчо Јованов; Рецитал на Румена Попова со песната „Бела руба“ муз. и арр. Илчо Јованов.
- Добитник на две награди: награда од градоначалникот на град Сандански и најслушана песна на радио Благоевград.

**Проф. д-р Гоце Гавриловски**

**Изведба на дела:**

- „Круг“- соло песна за сопран и пијано, Солистички концерт, Благица Поп Томова- сопран и Милица Шкариќ- пијано, Њујорк, 23 мај 2016 година.
- 2 пиеси од циклусот за пијано „Осамен напевен воздив“, Дипломски испит на Михајловска Бојана, Концертна сала при Музичката академија, Штип, септември 2016 година.

***Објавен авторски компакт диск***

- Гавриловски Гоце, „*Works*“, CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје, 78.089.8(497.7) Гавриловски, Г.(086.76), GAVRILOVSKI, Goce, Works [Звучен запис] / Goce Gavrilovski. - Bitola : NU-Centar za kultura-Bitola, 2016. - 1 компакт диск : стерео ; 12 см, Тираж 1000. - ISRC MK-A0N-16-00001. - Photo session Aleksandar Dautovski. - Produced and mastered by Alen Hadzi - Stefanov 001- I. Гавриловски, Гоце види Gavrilovski, Goce, а) Гавриловски, Гоце (1978-) - Композитор - Творештво - Македонија- ЦД-а, COBISS.MK-ID 101711882, CIP 78.072(497.7) (082), ISBN 978-9989-801-15-0, COBISS.MK-ID 99187978, септември 2016 година.

**Награди и признанија**

Конкурс за откуп на музички композиции, спроведен во ноември- 2015 год., од страна на Министерството за култура на Република Македонија:

- за делото „Композиција за три блок флејти“- втора награда и
- за делото „Фолк дуплекс“, за пијано трио (глас, труба и пијано) - *втора награда.*

**Проф.м-р Горанчо Ангелов**
**Објавени трудови:**

- **Ангелов Горанчо** (2015) *Д-р Боривоје Џимревски - музички фолклорист, теренски истражувач и еден од пионерите на македонската етноорганологија*. In: Македонски фолклор. Институт за фолкор „Марко Цепенков“ - Скопје, Skopje, pp. 13-22. ISBN ISSN 0542-2108
- **Ангелов Горанчо** (2015) *Анализа на монографијата „Чалгиската традиција во Македонија“ од авторот Боривоје Џимревски*.In: Македонски фолклор. Институт за фолкор Марко Цепенков - Скопје, pp. 87-93. ISBN ISSN 0542-2108
- **Ангелов Горанчо** (2015) *Народните музички инструменти кај балканските народи со посебен осврт на инструментот зурла*. In: Балканскиот фолклор како интеркултурен код. Institute of Folklore “Marko Cepenkov” – Skopje, Institute of Slavonic Philology Adam Mickiewicz University – Poznań, pp. 65-82. ISBN 978-9989-642-85-2
- **Ангелов Горанчо** (2015) *Улогата на Александар Линин за развојот на македонската етноорганологија*. In: Балканската култура низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања. Институт за фолклор „Марко Цепенков” - Скопје, pp. 357-366.
- **Ангелов Горанчо** (2015) *Форми на изучување на вештините на свирење на музичкиот инструмент зурла*. In: Музика и образование. Сојуз на композитори на Македонија - СОКОМ, pp. 77-86. ISBN 978-9989-801-15-0
- **Goranco Angelov (Štip, Macedonia)** (2016) *THE FUNCTION OF THE ZURLA PLAYERS IN THE PELIVAN WRESTLING IN SOME PARTS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA*. ICTM Study Group on Music and Dance in Southeastern Europe Faculty of Music, University of Arts, Belgrade Belgrade, Serbia 2016, p.p. 99-106. ISBN: 978-86-88619-71-4.

**Проф.м-р Златка Митева**

- Интерпретациските проблеми на сонатата за флејта и пијано „Ундин“ оп.167 од Карл Рајнеке со анализа на први став. Златка Митева и Наташа Трбојевиќ.

**доц.м-р Христо Стојаноски**

***Објавени трудови:***

– Монографија: „Стела Слејанска-Стојаноска, Пропагатор на современиот звук“, автор: Христо Стојаноски, издавач: НАМПРЕС, ISBN 978-608-251-017-0, октомври 2016.

**Асс. д-р Ленче Насев**

***Објавени трудови:***

1. Nasev, Lence (2016) *Information and communication technologies in teaching music education*. Образованието во XXI век – состојби и перспективи –Меѓународна научна конференција, Штип, 24 – 25 септември 2015. pp. 113-115. ISSN ISBN 978-608-244-275-4.
2. Насев Ленче (2015) *Првиот прирачник по музичко воспитание за работа со деца од предучилишна возраст Детето, музиката и ние од Васил Попдучевски*. Сосотојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија: зборник на трудови. ISBN 978-608-242-021-9.
3. Nasev, Lence (2015) *Analytical and theoretical view towards Tomislav Zografski compositions inspired by the macedonian church music tradition*. Umetničko nasleđe i rat - Muzika i mediji, FILUM Kragujevac. pp. 513-520. ISBN: 978-86-85991-81-3.
4. Nasev, Lence (2015) *Macedonian traditional folksinging of balladic type as example of music folklore in solfeggio class*. Balkan culture seen through the folkloristic and etnological researches. pp. 367-372. ISSN ISBN 978-9989-642-84-5.
5. Nasev, Lence (2015) *Milica Skaric: Interpretational problems of selected works for keyboard by J.S. Bach*. Balkan Art Forum. pp. 115-118. ISSN ISBN 978-86-85239-30-4.
6. Јованов И./Насев Л. (2016) *Солфеж со методика - скрипта II*. ISBN 978-608-244-279-2.
7. Јованов и./Насев Л. (2016) *Солфеж со методика - практикум II*. ISBN 978-608-244-280-8.

**Проф. м-р Сашо Поповски**

**Концертни активности**

– Сашо Поповски квартет - Топол културен бран – Демир Хисар јули 2016, https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView &eprintid=16501
– Сашо Поповски квартет – Струшки вечери на поезијата, август 2016 г,
– Сашо Поповски трио – Кавадарци џез самит, август 2016 г.
– Сашо Поповски трио – Интернационален ден на џез музиката – Битола, април 2016 г.
– Сашо Поповски трио – Бруклински џез недела – Скопје, март 2016 г.

- Сашо Поповски трио – Бруклински џез фестивал – Скопје, февруари 2016 г.

  **Објавен авторски компакт диск**
- Сашо Поповски квартет - ЦД Собир, декември 2015 г. https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=14643

***11. Нови избори на наставнички и соработнички кадар - избор/реизбор во звања на наставничкот и соработничкиот кадар***

| Р.бр | Име и презиме | Звање | Област | Избор/реизбор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Д-р Стефанија Лешкова Зеленковска | вон.проф. | музикологија | ред.проф |
| 2. | Д-р Илчо Јованов | вон.проф. | теорија на музиката и видови на инструменти етнохармоника | ред.проф |
| 3. | М-р Горанчо Ангелов | доцент | традиционални инструменти | вон.проф |
| 4 | М-р Сашо Поповски | доцент | видови на инструменти џез гитара | вон.проф |
| 5 | Доц.м-р Елена Мисиркова | доцент | видови на инструменти пијано | доцент |

**12. Други активности**

**Проф.м-р Антонијо Китановски**
- Автор на музиката за играниот филм „Игла под прагот“ (The Black Pin) на режисерот Иван Мариновиќ, светска премиера на Саревскиот филмски фестивал, македонска премиера на Синедејс – Скопје.
- Автор на музиката за три документарни филмови во продукција на Кавал филм и МТВ.
- Музички продуцент и диригент на музиката за филмот „Сведок“ на Митко Панов.
- Автор на дел од музикат за документарниот филм, „Мојот свет е наопаку“ на Петра Селишкар.
- Настап на фестивалот „Македокс“ во Скопје.
- Настап во „Hard Rock Cafe“, Подгорица.
- Судиски престој во Cite Des Arts, Paris , јули-август 2016 г.

**Проф.д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска**
**Учество на конгреси, конференции, зборник на трудови, рецензии**

- 12th-14th October 2016, Porec, Croatia : 11 The International Balkan Education and Science Congress. The Future of Educaion and Education fotr the Furute.Uciteljski fakltet i Zagrebu.*The Importance of the Study Program in Musical Formation of the Future Teachers* Islam, A. and Zelenkovska Leshkova, S. (2016)
- 2-8 May 2016, Blagoevgrad, Bulgaria : Fifth Symposium of the ICTM Study Group on Music and Dance in Southeastern Europe. *Musical tradition in wedding ceremony: The role of music in masking the bride*. Zelenkovska Leshkova, S. Islam, A. (2016)
- First International Conference "Practicum of Future Pedagogues, Teachers and Kindergarten Teachers in Multicultural Environments - Experiences and Challenges",Skopje, Macedonia. *The importance of the practical work of the future teachers for the subject Music education*. Islam, A. Zelenkovska Leshkova, S.(2015)
- *Камерен концерт (2:3)*. Зеленковска Лешкова С. Сојузот на композиторите на Македонија - СОКОМ. (2016) (рецензија)
- 11 Мај 2016, Работилница на тема: *Уметничката и педагошката дејност на македонските пијанисти – Ладислав Палфи, Лепша Пипековска, Стела Слејанска* – работилница со студентите на ВИ-пијано (Тања Трбојевиќ, Панче Илиев, Матеја Стошиќ, Мартин Наков – Концертна сала на МА/УГД)(2016).

**Други активности:**

- Раководител на проект „Музички инспирации“ - циклус радиоемисии подготвени и снимени од студентите на Факултетот на музичка уметност, кои се емитуваат секоја среда од 15 до 15.30 на УГД ФМ радио.
- Член на Универзитетскиот сенат.
- Член на Универзитетската комисија за издавачка и нормативна дејност.
- Член на Комисијата за уписи на МА.
- Член на Комисија за доделување на награда „Виртуози“ – Сојуз на композитори на Македонија.

**Проф.м-р Владимир Јаневски**
**Истражувачка активност:**

- Теренско истражување во етничкиот предел Кичевија, мај 2016 г., (раководител на истражувањето).
- Теренско истражување во етничкиот предел Крушево, мај 2016, (раководител на истражувањето) г.

**Концертна активност:**

- Годишна турнеја, јули 2016 г. (Скопје, Берово, Струмица, Велес, Прилеп)
- Концертни активности во Музејот на македонската борба, Скопје.

**Семинари:**

- Семниар за традиционална музика и игра, Илинденски денови, Битола, август 2016 година.

**Печатени материјали:**

- Јаневски Владимир, Накитот и украсувањето како суштинска одлика на сценските адаптации, Зборник на трудови VIII, Илинденски денови, Битола, 2016.

**Сценски адаптации:**

- *Огражден,* Ора и песни од етничкиот предел Огражден.
- *Аирлија свадба*, Песни од етничкиот предел Азот.
- *Кучково пее,* Песни од етничкиот предел Скопски Дервен.

**Селектор:**

- Проект: 15 години истражувачка, едукативна и концертна дејност, ДМБУЦ Илија Николовски – Луј, насока за традиционална музика и игра Македонска опера и балет, Скопје, 2016 (селектор).
- Проект: На аскер ке одам, Македонски народен театар, Скопје 2016 (селектор).

**Комисии:**

- Фестивал за традиционална музика и игра Илинденски денови – Битола, 2016 (член на жири комисија).
- Денови на македонската носија Кривогаштани, 2016 (претседател на жири).

**Проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска**
**Изведби на дела**

- Велковска-Трајановска, В. (2016), Изведба на гудачкиот квартет *Празнината* на Денови на македонска музика 2016, изведувачи: гудачкиот квартет Мивос, 6.4.2016 г.
- Велковска-Трајановска, В. (2016), Изведба на дувачкиот квинтет *Црно сонце* на ДММ 2016, изведувачи: ансамблот Сонорис, 8.4.2016 г.
- Велковска-Трајановска, В. (2015), Изведба на делото *Исон* - за голем симфониски оркестар, на Кирилица – Концерт на Македонска филхармонија, во Скопје, 18.11.2015 г.

- Велковска-Трајановска, В. (2015), изведба на делото *Огледала* – за виолина, виолончело и пијано, на Струшка музичка есен 2015, изведува: ансамблот КонТемпора, во Струга, 5.9.2015 г.

**Проф. м-р Златка Митева - Концертна активност**

- 27.5.2016 - Концерт на Трио академико – Златка Митева – флејта, Бранко Павловски – кларинет и Наташа Трбојевиќ – пијано, во концертната сала на Музичката академија при Факултетот за уметности во Осијек-Хрватска.
- 26.5.2016 – Концерт на Трио академико – Златка Митева – флејта, Бранко Павловски – кларинет и Наташа Трбојевиќ – пијано, во концертната сала „Даворин Дјенко“ во Белград, Србија.

**Концертна активност со студентите**:

- 24. 12. 2015 – Концерт на студентите по флејта од класата на проф. м-р Златка Митева на МА на Новогодишниот концерт организиран од УГД – Штип.
- 17. 5. 2016 – Трета награда за студентот Милена Стаменкова – флејта од класата на проф. м-р Златка Митева на Петтиот меѓународен натпревар во Софија, Бугарија.
- 22.6.2016 – Концерт на студентите по флејта и камерна музика проф. м-р Златка Митева на МА на годишниот концерт организиран од УГД – Штип.

**Доц.м-р Христо Стојаноски**
**Други активности**

- Излагање посветено на ликот и делото на Стела Слејанска-Стојаноска, доајенот на македонскиот пијанизам и музичка педагогија. ЕПТА Македонија, 21.11.2015.
- Манифестација: „Сеќавање на Стела Слејанска-Стојаноска“ која се одржува трета година по ред на 12 декември под покровителство на семејството, Министерство за култура на Р. Македонија, Дирекција за култура и уметност на Град Скопје и Фондација „Никола Кљусев“. Промоција на монографијата: „Стела Слејанска-Стојаноска, пропагатор на современиот звук“ – 12.12.2015.
- Промотор, програмски реализатор на музичка работилница на Михаљ Дреш и Миклош Лукач, Музичка академија УГД - Штип во соработка со Балаши институт и леторат по унгарски јазик – Скопје, 11.11.2015.
- Звучно архивирање на концерт на Михаљ Дреш и Миклош Лукач, Музичка академија УГД - Штип за потребите на УГД ФМ и УГД телевизија, во соработка со Балаши институт и леторат по унгарски јазик – Скопје, 11.11.2015.

**Проф.д-р Илчо Јованов**

**Други активности:**

– Член на Советот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“- Скопје.
– Член на Собранието на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП.
– Член на Комисијата за уписи на музичката академија.

**Асс.д-р Ленче Насев**

– Насев, Ленче (2016), *Педагошка делатност македонских композитора Сотира Голабовског и Благоја Цанева*, Факултет музичке уметности, Београд (докторска дисертација)
– член во Комисија на ФМУ за прием на документи за реализација на конкурсот за запишување во прва година на прв циклус на универзитетски студии во учебната 2016/2017 на Музичка академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
– Почесен член на фондацијата „Томислав Зографски“, за афирмација на творештвото на композиторот Томислав Зографски и поттикнувач на развојот на музичката култура во Р. Македонија, 9 мај 2016. г.

**Учество на конференции:**

– Насев, Ленче (2016), *Улогатана на современиот наставник во наставата по музичко образование*, НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА на тема: **„ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА“** 7.10.2016, Факултет за образовни науки, УГД- Штип.
– Насев, Ленче (2016), *Музичката форма во фолклорната, црковната и професионалната традиција*, Струшка музичка есен, Музичко-научна манифестација „СТРУШКА МУЗИЧКА ЕСЕН“, 2-4 септември 2016.
– Nasev, Lence (2015), *Pedagogical orientation in textbook literature for singing by notation from Stefan Gajdov,* X međunarodni naučni skup Srpski jezik, književnost, umetnost, Kragujevac, 23-25 oktovmri 2015.
– Насев Ленче (2015), *Застапеноста на фолклорот во учебниците по музичко образование во одделенската настава,* Меѓународен научен собир „Теорија и емпирија, Институционализирана фолклористика и етнологија во Македонија и на Балканот“, организиран од страна на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, 20-21 ноември 2015.

**Проф.м-р Сашо Поповски**

**Други активности**

– Завршен концерт на студентите на џез одделот при МА, под

менторство на м-р Антонијо Китановски, м-р Георги Мицанов и м-р Сашо Поповски – јуни 2016 г.

- Пезентација – Авант – гард и фри Џез во соработка со Американско катче Штип – април 2016 г.
- Селектор на артисти за интернационален Џез и блуз фестивал Кикинда – Р.Србија – ноември 2015 г.

https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=14495

# ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

**Вовед**

Извештајот за едногодишната работа на Економскиот факултет - Штип не само што ја отсликува состојбата од октомври 2015 до септември 2016 година, туку и упатува на континуирано следење на сегашните и идни активности.

На Економскиот факултет, од неколку вработени во почетокот на првата учебна 2007/2008 година, денес работи голем број на наставен, административен и помошен персонал.

Денес Економскиот факултет располага со оспособени наставно-научни кадри кои се способни компетентно да ги решаваат проблемите со предизвиците што современиот развој на општеството и бизнисот ги наметнува и да развиваат висококвалитетни програми од областа на економијата, менаџментот и бизнисот.

Факултетот, исто така, обезбедува професионални услуги и истражувања за претпријатијата и државната администрација. Во таа насока Факултетот работи на постојано јакнење на својата репутација, како на домашно така и на меѓународно ниво. Факултетот води сметка да реализира висок квалитет во наставата и истражувачко-апликативните активности, да ги следи промените и потребите на стопанството и општеството, да ја поттикнува иновативноста и притоа да употребува најсовремена наставна техника

Неговиот развој не смее да прекине. Затоа, преку континуирано развивање и унапредување на менаџмент стратегија за подобрување и надградување на наставната содржина и примена на современи методи и техники во образованието, подигање на квалитетот на научноистражувачката база, како и меѓународно позиционирање на Факултетот преку објавување на трудови, настапи на научни конференции и учество во проекти, факултетот и понатаму ќе се развива.

*Мисијата* на Економскиот факултет е низ континуиран процес на образование да едуцира високостручен кадар, кој ќе биде способен компетентно да ги решава проблеми областите на едуцирање, да им излегува во пресрет на предизвиците што современиот развој на општеството и на бизнисот ги наметнува и преку висококвалитетни програми од бизнис и економија да предлага мерки за зајакнување на конкурентноста на претпријатијата во современото глобално стопанисување. Факултетот, исто така, ќе обезбедува други професионални услуги и истражувања за претпријатијата и државната администрација.

Својата мисија Факултетот ја спроведува преку студиите на: прв, втор и трет циклус студии, со своите моментални студиски програми, преку нивно постојана ревизија и подобрување, како и креирање на нови студиски програми во согласност со барањата.

*Визијата* на Факултетот ќе биде подигнување на неговиот рејтинг со реализирање на квалитетни наставни, едукативни и научни активности преку програми со високи перформанси во согласност со дејноста на високото образование. Притоа секој треба да биде свесен дека *визијата без активност полна со љубов и посветеност на нејзиното остварување е обично фантазирање*.

Значи, важно е да се има визија која ќе води до остварување на поставените *цели* и во тој поглед треба многу повеќе да се направи зацртаната визија сигурно да биде реализирана. Затоа треба на најтранспаретен начин, континуирано да се извршуваат поставените цели кои ќе бидат и надградувани и дополнувани. Меѓу нив се следниве:

1. *Развој на Факултетот во целина, базиран врз основа на осознавање на слабите и јаките страни, можностите и опасностите, со цел непречено извршување на мисијата и остварување на визијата и целите на Факултетот.*
2. *Посветеност кон работата.*
3. *Посветеност кон студентите и квалитетот на нивното образование*, преку следење на квалитетот на образовниот процес, како и потребите и очекувањата на студентите;
4. *Местото и улогата на наставниците и нивното постојано усовршување на нивните вештини, преку подобрување и зајакнување на едукативните и научноистражувачки активности.*
5. *Нагласување на потребата и барање за вработување на соработници (асистенти-докторанди).*
6. *Воведување на современи содржини и начини на студирање.*
7. *Зголемување на ефикасноста на административниот кадар.*
8. *Транспарентност на работата на Факултетот т.е. транспарентност на сите активности во функционирањето на Факултетот.*
9. *Академска култура на однесување со почитување на коренитите постулати на високото образование како на наставниот, соработничкиот и административен кадар, така и на студентите.*
10. *Научни, истражувачки и консултантски активности.*
11. *Развивање на соработката со факултетите за економија, бизнис, менаџент и претприемништво, надвор од земјата, во поблиското опкружување.*
12. *Унапредување на соработката со локалните заедници, претпријатијата и институциите, особено во подрачјата на делување на универзитетот во Републиката.*
13. *Развивање на дебати, трибини, научни конференции од интерен (внатре во Факултетот со наставничкиот, соработничкиот и студенскиот кадар) и поширок карактер (со учество на надворешни лица, меѓународни конференции и сл.).*

14. *Отвореност и поддршка за позитивните иницијативи понудени од колегите и подготвеност за нивно реализирање.*
15. *Развивање на тимскиот дух и создавање на посакувана пријатна работна култура.*

**Анализа на SWOT - страните**

Анализата на силните страни (предности), слабите страни (недостатоците), можностите и заканите (SWOT) ќе биде континуирана активност.

**Силни страни**

Како една од особено силните страна на Факултетот е неговата дејност која овозможува сигурност на работното место, како и релативно младиот наставнички кадар, кој од своја страна е способен да ги согледа промените кои се недвосмислен предизвик во високото образование во периодот кој следува.

Од друга страна, како силна страна се истакнува интегрираноста на Универзитетот, што го прави посигурен во развојот, а во имплементација на информатичките технологии во наставата, админстрацијата и истражувањата.

Споменативе, како и други неспоменати силни страни, треба да се унапредуваат, преку континуирано следење, анализирање и прогнозирање.

**Слаби страни**

Слабите страни на Факултетот во најголема мера се последица на релативно краткиот период на постоење на оваа високообразовна научноистражувачка установа, која сè уште ферментира. Во тој поглед се изразуваат следниве:

- Недоволен број на наставнички кадар, пред сè поради дислоцираноста на Факултетот.
- Недоволно покриена настава со соодветни наставници, по соодветни области.
- Многу голема оптовареност на наставничкиот кадар со настава.
- Недоволно време за поголема вклученост на наставниците во истражувачката работа.
- Релативно мал број на научни публикации во индексирани списанија.
- Недоволно практично искуство, особено кај помладите кадри.
- Голема просторна дислоцираност на Факултетот, особено во некои градови каде што е слаб одзивот за упис на нови студенти.
- Немање на соработници (асистенти-докторанди).

Овие и другите неспомнати слаби страни треба да се намалат, односно да се елиминираат, а со тоа слабостите да се претвораат во јаки страни. Во тој поглед моите барања ке бидат насочени кон постепено решавање на овие слаби страни преку барања доставени до Ректорската управа заради

нивни контакт со соодветното Министерство односно министерства (Министерство за образование и наука и Минстерството за финансии).

**Можности**

Можностите што ги има Факултетот се релативно големи, бидејќи е во интегрирана целина во Универзитетот. Во тој поглед, како позначајни можности во секој случај би биле сите оние кои се поврзани со информационата технологија:

– Користење на придобивките на сè посовремените информатички технологии во системот на управување со Универзитетот, наставниот процес и административните задолженија.
– Понатамошно развививање на соработката со наставничкиот кадар во рамките на универзитетската интеграција, а особено во просторна дислоцираност на Факултетот.
– Користење на можностите за учењето на далечина (изведување на далечински предавања но не повеќе од 50%, заради обврзно и директно предавање и соочување со студентите).
– Користење на можностите за воведувањето на формите на доживотното учење (преку електронско лиферување на литература, но со задолжително одржување на одредени консултации - предавања -информирања) и стекнувањето на знаење низ формите на формалното и неформалното образование.
– Поголема промоција на можностите на Факултетот во интегрираниот Универзитет преку организирање на поголем број работилници и семинари заедно со единиците на локалната власт и со приватниот сектор.
– Разгледување на можноста за развивање на насока – Менаџмент на малиот бизнис, со некоја добро осмислена наставна програма за едуцирање на кадри т.е. менаџери за малиот бизнис, со барање на можности за запишување на студенти со понизок просек но со полагање на диференцијални (едногодишни) пред факултетски студии.

Овие можности ќе настојувам да се искористат во интерес на Факултетот, преку тимско креирање на стратегиски пристапи, со активност со целиот наставнички кадар.

**Опасности (закани)**

Како закани во оваа SWOT анализа на Факултетот би биле:

- Преоптовареноста на наставниците со наставата по дисперзираните локации ги прави истражувачките и наставните процеси помалку ефикасни.
- Преголема дисперзираност на Факултетот во градови каде што интересот на студентите за студирање е релативно мал и големо опсипување на студентите по првиот семестар и првата година на

студирање е доста голем.

За поефикасно решавање на овие проблеми уште на првите седници на ННС ќе биде иницирано формирање на групи за работа, со конкретни задолженија и конкретни рокови.

Целта на основањето на Економскиот факултет е да обезбеди темелно теоретско образование во подрачјата на: финансиски менаџмент, банкарство, финансии и осигурување, сметководство, финансии и ревизија, од областа на маркетингот, менаџмент и претприемништво и од областа на меѓународна економија.

На Економскиот факултет постојат четири катедри, и тоа:

- Катедра за финансии;
- Катедра за економија,
- Катедра за менаџмент и
- Катедра за сметководство и ревизија.

Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип како високообразовна единица треба да одговори на барањата за образување на профили од економската област на просторот што е многу поширок од тој што се дефинира како Источен регион на Република Македонија. Имено, тоа е подрачје кое ги интегрира подрачјата на источна, југоисточна и североисточна Македонија кои сообраќајно се поврзани со Штип, со околу 35 поголеми населени места кои се поблиску до Штип отколку до другите универзитетски центри во државата, и чие население, според природата на нештата, би можело да се очекува дека ќе им даде предност на студиите во овој град.

Во академската 2015/2016 година Економскиот факултет согласно со објавениот Конкурс за упис на нови студенти запиша студенти на двете дисперзирани студии во Струмица и во Скопје, како и во седиштето на Факултетот во Штип. Во својот натамошен развиток Економскиот факултет континуирано ќе ја проширува и збогатува својата дејност на подрачјето на наставно-образовниот процес, научноистражувачката работа, апликативната и издавачката активност. Постојани се напорите на Факултетот за подобрување на материјално-техничката и кадровската основа како основна претпоставка за поуспешно извршување на неговата дејност.

Истовремено Факултетот е организиран за извршување и на научноистражувачка работа за потребите на наставната дејност, стопанството и општеството.

Наставата во изминатата една година (во двата семестра: зимски и летен) се одвиваше непречено и со успех се заврши. Резултатите се задоволителни. Спроведувањето на оценувањето се вршеше преку реализирање на два колоквиума и еден завршен испит во семестар. Користени се утврдените методолошки стандарди за оценување на

знаењето на студентите. Покрај колоквиумите и завршниот испит во текот на одвивањето на наставничкиот процес се спроведуваше и евиденција за редовноста на студентите на предавања и вежби, како и за нивната активност. Завршниот испит по предметите се реализира усно. Се спроведуваше и изготвување на семинарски работи од страна на студентите и врз основа на квалитетот на изработената и одбранета (презентирана) семинарска работа се доделуваа соодветен број на бодови кои влијаеја на крајната оцена. На тој начин студентите беа постојано во мобилна ангажирана состојба.

**Структура**

На Економскиот факултет се вработени вкупно 16 наставници од кои: три редовни професори, четири вонредни професори и девет доценти, технички секретар, секретар на Факултетот и економ.

Економскиот факултет е високообразовна единица при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

На Факултетот се формирани и дејствуваат следниве органи на управување и раководење:

- Наставно-научен совет;
- Деканатска управа;
- Декан;
- Катедри.

**Наставно-научен совет**

Наставно-научниот совет го сочинуваат наставниците во редовен работен однос - вкупно 16 и по еден претставник од соработничкиот кадар и од студентите. Во наведениот период Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип третираше прашања од повеќе области на делувањето и функционирањето на Факултетот, во најголем дел од наставното подрачје и обезбедување на потребните услови за непречено и квалитетно одвивање на наставата.

**Број на вработени - наставници, соработници, административен кадар**

| Ред. број | Презиме и име | Звање | Во редовен работен однос | Со договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Мицески Трајко | редовен професор | да | / |
| 2 | Фотов Ристо | редовен професор | да | / |
| 3 | Темјановски Ристе | редовен професор | да | / |
| 4 | Николоски Круме | вонреден професор | да | / |
| 5 | Еленица Софијанова | вонреден професор | да | / |
| 6 | Трајковска Горгиева Оливера | вонреден професор | да | / |
| 7 | Димитрова Јанка | вонреден професор | да | / |
| 8 | Давчев Љупчо | доцент | да | / |
| 9 | Габер Стеван | доцент | да | / |
| 10 | Груевски Илија | доцент | да | / |
| 11 | Јованов Марјанова Тамара | доцент | да | / |
| 12 | Гогова Самоников Марија | доцент | да | / |
| 13 | Лазаров Дарко | доцент | да | / |
| 14 | Митева Кацарски Емилија | доцент | да | / |
| 15 | Колева Благица | доцент | да | / |
| 16 | Веселинова Елена | Доцент | да | / |
| 17 | Андова Габриела | технички секретар | да | / |
| 18 | Ефтимов Игор | секретар | да | / |
| 19 | Талевски Антонио | референт за студентски прашања | да | / |

**Катедри**

**Катедра за економија – раководител доц. д-р Дарко Лазаров**

Катедрата за економија при Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во состав доц. д-р Дарко Лазаров, доц. д-р Емилија Митева Кацарски, проф. д-р Ристе Темјановски и проф. д-р Круме Николовски во текот на 2016 година имаше исклучително плодна работа. Имено, Катедрата за економија за првпат изготви елаборат за нова студиска насока на прв и втор циклус на студии по бизнис економија приспособена според Државниот универзитет Аризона - САД, која програма е во процес на акредитација од страна на Одборот за акредитација.

Дополнително, во рамките на можноста за гостување на стручни лица од бизнисот и институциите беа организирани неколку предавања со реномирани гости-предавачи. Имено, во рамките на предметот Микроекономија на кампусот во Струмица гостување в.д. директорот на канцеларијата на Светска банка во Скопје, г. Горан Тинич, и економистот д-р Бојан Шимбов.

Катедрата економија во рамките на истата можност на предавањата по предметот Макроекономија на кампусот во Штип организираше гостување на вицегувернерката на НБРМ г-ѓа Анита Бежовска и директорот на Центарот за макроекономски истражувања на НБРМ, г-ѓата Ана Митровска. Во рамките на истиот настан, свои излагање имаше гостин предавач од Универистетот Јауме 1 во Шпанија, г. Марко Петрович.

Катедрата економија, исто така, беше главен коорганизатор на обука од областа на Макроекономија која беше одржана во просториите на НБРМ, а поддржана и финансирана од Институтот ЦЕРГЕ - Република Чешка и Универзитетот Јауме 1 - Шпанија. На курсот учествуваа професори од неколку државни иниверзитети во земјава, луѓе од НБРМ, МАНУ и Министерството за финансии.

Во рамките на научниот проект финансиран од Униеризтетот „Гоце Делчев”, неколку членови на Катедрата за економија имаа успешни настапи на силни меѓународни конференции во Полска, Германија и Србија, каде што презентираат дел од своите истражувања добиени од самиот проект.

Во програмата за работа на Катедра за економија за следната 2017 година се предвидени повеќе активности кои се однесуваат на апликација на домашни и меѓународни проекти, гостувања на предавачи во текот на реализација на предавањата и учество на меѓународни конференции.

**Катедра за сметководство и контрола – раководител доц. д-р Оливера Трајковска-Ѓоргиева**

Катедрата за сметководство, финансии и ревизија на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип во состав: проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, проф. д-р Јанка Димитрова и доц. д-р Благица Колева, во текот на 2016 година изготви елаборати за нови студиски програми за прв и втор циклус на студии, под истоимениот наслов, кои се компатибилна со програмите на неколку водечки европски и светски универзитети, како и програмите на признати професионални асоцијации од областа на сметководството и ревизијата. Програмите (за двата циклуси) се во процес на акредитација од страна на Одборот за акредитација на Република Македонија.

Професорите од катедрата се потрудија да во наставната литература за студентите, посебно од вториот циклус на студии, внесат практични материјали кои ќе им помогнат да ги совладаат различните наставни дисциплини од областа на сметководството, ревизијата и анализата на

финансиските извештаи, но и да им претставуваат основа и помош во понатамошните усовршувања и стекнување на лиценци за овластени сметководители, ревизори, проценители и сл.

Во декември 2015 година, професорите од Катедрата земаа активно учество на "World Bank Report on Macedonian Accounting and Auditing Dissemination Event" во Скопје, на кој настан владини претставници, претставници на академската и бизнис заедницата, како и останати претставници на сметководствената и ревизорската професија, а во организација на Светска банка (CFRR - Center for Financial Reporting Reform) и Министерството за финансии на Република Македонија, дискутираа за заклучоците и препораките објавени во последниот Извештај за примена на сметководствените и ревизорски стандарди и принципи во Република Македонија, со цел зајакнување на квалитетот на корпоративното финансиско известување, кое ќе овозможи подобрување на бизнис климата во земјата и усогласување со европските регулативи и барања.

Во рамки на научноистражувачкиот проект „Влијание на квалитетното финансиско известување и корпоративно управување врз ефикасноста на инвестициите и пазарот на капитал во Република Македонија", финансиран од Универзтетот „Гоце Делчев", членовите на Катедрата во соработка со професори од останатите катедри, изработија и објавија неколку научни трудови во реномирани меѓународни списанија, од кои дел беа и презентирани на истакнати меѓународни конференции.

